**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

## НА
## УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
## ВО СКОПЈЕ

**Број 1069**
**Скопје, 15 јануари 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ___________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***д***’, ‘***п***’, ‘***т***’, ‘***г***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# Содржина на Билтен број 1069 од 15 јануари 2014 година


**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Истражување и анализа на кавитациските појави во примарниот струен систем на кондензациона термоелектрана** и оспособеноста на кандидатот **м-р Нуредин Нуредини** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................6-12
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Оливер Николиќ, Фросина Талевска, Филип Постолов, Ана Ангеловска, Саша Козинакова, Арбен Велиу, Огнен Тутески, Петрика Јанеку, Филип Андрески)**..........................................................................................................................13

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **Влатка Најденоска, Зоран Павлов)**..........................................................................14

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија** од кандидатот **м-р Марија Мерџановска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.........................15-21

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Интерперсонална координација во кошарката** од **м-р Борче Даскаловски** пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје..........................................................................................................................22-25

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје **(Рената Јанкова-Ајановска, Лидија Попоска, Жарко Христовски)**..........................................................................................................................26

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од обласа на економските науки по предметот маркетинг-истражување на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Николина Паламидовска)**..27-41

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на физичката географија (хидрологија, потамологија, лимнологија) на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Иван Радевски)**..........................................................................................................................42-54
2. Реферат за избор на еден насловен доцент од обласа на применетата математика и информатиката на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Александар Печков)**..................................................................................55-59

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ **(Маја Тефова, Елизабета Кузмановска)**............60

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(Емилија Костадиновска, Кристијан Шуков, Фадиљ Азизи, Елена Митушевска)**..........................................................................................................61

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**


1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Трговијата со луѓе во кривичните законодавства на Република Македонија и Република Албанија,** од **м-р Јетмире Зеќири,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје........................62-67
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казнено процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Гордан Калајџиев)**...........................................................................................................68-93


**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**


1. Реферат за избор на вонреден професор во научната област генетика и селекција на растително производство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Емилија Симеоновска)**...........................................................................................................94-108


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**


1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научната област специјално овоштарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Бојан Поповски)**...........................................................................................109-119


**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на наставници во сите звања на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Лилјана Игњатова, д-р Мира Полазаревска, ас. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Кадри Хаџихамза, ас, д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, д-р Ненси Манушева)**.............................120-242
2. Реферат за избор на научни работници на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Лилјана Игњатова, д-р Мира Полазаревска, ас. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Кадри Хаџихамза, ас, д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, д-р Ненси Манушева)**.............................243-382
3. Рецензија на докторската дисертација **Брзината на пулсниот бран – показател на кардиоваскуларниот морбидитет и морталитет кај пациентите на дијализа** од **прим. д-р Петар Аврамовски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...383-389
4. Рецензија на учебникот **Трансфузиската медицина во лабораториската и клиничката практика** од авторите **Миленка Благоевска и науч. сор. д-р Татјана Макаровска-Бојаџиева,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје................390-392

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р НУРЕДИН НУРЕДИНИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со Одлука бр.02-2378/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 29.12.2009 година, определена е Комисија во состав:

1. проф. д-р Предраг Поповски, Машински факултет – Скопје
2. проф. д-р Методија Мирчевски, Машински факултет – Скопје
3. проф. д-р Славе Арменски, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Нуредин Нуредини и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и подобноста на темата за докторска дисертација
со наслов:

**Истражување и анализа на кавитациските појави во примарниот струен систем на кондензациона термоелектрана.**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. КРАТКА БИОГРАФИЈА

М-р Нуредин Нуредини е роден на 29.1.1964 година во Гостивар. Со основно образование се стекнал во Гостивар, каде што завршил и средно образование во гимназијата „Панче Поповски" во 1983 година. Во 1992 година дипломирал на Машинскиот факултет при Универзитетот во Приштина. Во октомври 1995 година се запишал на постдипломските студии на Машинскиот факултет во Приштина, на истражувачкото подрачје 'термотехника' и во текот на студиите положи дванаесет испити. Во 1996 година се вработил како професор во средното стручно училиште СОТУ во Гостивар.

Постдипломските студии ги завршил во мај 2004 година и успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Анализа и моделирање на функционалните и еколошките карактеристики во системот кондензатор - ладилна кула во ТЕЦ Осломеј - Кичево". Од октомври 2006 година е асистент на Државниот универзитет во Тетово.

## II. ПРЕГЛЕД НА ТРУДОВИ И ПУБЛИКАЦИИ

Во текот на постдипломските студии, кандидатот ги одбранил следниве семинарски работи:

1. Нуредини Нуредин, ,,Динамика на температурата на воздухот во затоплен локал со стационарна размена на топлината";
2. Нуредини Нуредин, ,,Електричните мерења на влажноста на гасовите";
3. Нуредини Нуредин, ,,Динамичките процеси на водовите за транспорт на флуиди - равенки на одржувањето на масата, количината на движење и енергијата";
4. Нуредини Нуредин, ,,Динамика на процесите на струењето на гасовите или пареата";
5. Нуредини Нуредин, ,,Методи на откривање и отстранување на штетите и затнувањето во топлотните мрежи";
6. Нуредини Нуредин, ,,Споредливоста на комбинираното производство и на поделената топлинска и електрична енергија".

Ги подготвил следниве практикуми за студенти:

7. Нуредини Нуредин, ,,Машина со нумеричка насока. Робот и транспортните системи , механичките и автоматските системи";
8. Нуредини Нуредин, ,,Машините и моторите како произведувачи на механичка работа, основни енергетски поими и големини";
9. Нуредини Нуредин, ,,Стружење со нумеричко водење и неговите главни делови";
10. Нуредини Нуредин, ,,Хидраулични преси за испитување на цевки и профили";
11. Нуредини Нуредин, ,,Одредување на димензиите на појдовниот матријал при извлекување на ротациони делови";
12. Нуредини Нуредин, ,,Теоретски напор на пумпата, влијание на обликот на работните лопатки на напорот и вистински напор".

Ги напишал следниве учебници за средните стручни училишта:

1. Енергетска техника – втора година ( за средно училиште );
2. Енергетска техника – трета година ( за средно училиште );
3. Машинско инженерство – втора година (за средно училиште ГТЗ);
4. Машинско инженерство – трета година (за средно училиште ГТЗ);
5. Возила и механизација - трета година ( за средно училиште );
6. Термодинамика и хидраулика, втора година (за средно училиште),
7. Прирачник за предметот механика (прва година – економско инженерство);
8. Прирачник за економска статистика (прва година – економско инженерство);
9. Прирачник за конструкции – збирка задачи (прва година – мехатроника).

## III. ПРЕДЛОГ - ТЕМА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

### III.1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА ШТО ЌЕ СЕ ИСТРАЖУВА

Кавитацијата во термоенергетските постројки, како значаен дел на електроенергетските системи, е современа и актуелна научна област со оглед дека станува збор за производство на електричната енергија и сигурност на производните објекти. Актуелноста на оваа област се должи на повеќе фактори, од кои сигурно треба да се одвојат: напори за подобрување на вкупните перформанси на термоенергетските објекти од аспект на ефикасност и сигурност, рационализација во производството и сопствената потрошувачка на електрична енергија на објектот, заштита на човековата околина итн.

Во електроенергетиката, актуелни се настојувањата да се зголеми ефикасноста на искористувањето на природните ресурси (јаглен, лигнит итн.). Паралелно со зголемување на степенот на искористување на расположливите јагленови ресурси, постојат и настојувања да се зголеми ефикасноста и расположливоста на објектите во процесот на работа. Постигнување на оптимални резултати при искористување на енергијата на јагленот, лигнитот и другите горива се должи на комбиниран пристап на проблематиката, како од аспект на подобрување на термоенергетскиот циклус, така и од аспект на квалитетот на основните процеси на струењето на работните флуиди.

Главниот пристап при проучувањето на кавитацијата во струјните постројки се базира врз комбинација од симулациски моделирања и експериментални испитувања. Истражувањето на феноменот кавитација во еден термоенергетски струен систем е комплексна задача која е зависна од квалитетно изведени моделирања и симулациони пресметки и испитувања на објектот, со цел да се изврши идентификација на појавата. Овој пристап придонесува да се зголеми сигурноста на термоенергетскиот објект со што може посеопфатно да се изврши анализа, која овозможува да се утврдат кртериумите за кавитациска заштита на постројката. Со развојот на компјутерската техника и CFD - алгоритмите, сé повеќе се зголемува сличноста на математичките модели со реални моделирани објекти, со што моделот ги опфаќа условите за решавање на сите проблеми кои се јавуваат кај реалниот објект, што ја чини прогнозата сé поблиска до реалноста.

Основните модели се дефинирани веќе подолго време, но добивањето на брзи и веродостојни резултати е придобивка на истражувањата во последниве години. При тоа, особено значење имаат истражувањата во правец на добивање верифицирани решенија од аспект на поставување на се подетални и пореални симулациски модели преку споредба на пресметковните резултати со реално измерени вредности.

### III.2. ЦЕЛИ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Целта на дисертацијата е да се даде придонес во една актуелна област на истражување за оцена на сигурноста од аспект на кавитација, а со тоа и

расположливоста на енергетските објекти и состојбата во текот на времето на користење. За таа цел ќе се проучат и изнајдат релевантните фактори кои влијаат на промената на состојбата на објектите, а со тоа и на сигурноста во поглед на менување на перформансите.

Целите во предложената докторска дисертација ќе се поврзат со:

- давање придонес во развојот на верифицирана методологија за оцена на квалитетот на физичките појави во процесот на кавитацијата;
- создавањето критериуми и модел како сигурна алатка за определување на влијанието на факторите кои учествуваат во процесот на идентификација на истражуваната појава, преку воведување на симулација на работните параметри како показател на влијанието.

Со реализација на предложената докторска дисертација се очекува да се потврди дека:

- во симулацијата и експерименталните истражувања на физичките појави во процесите на кавитација се применуваат методи и техники кои сами по себе предизвикуваат потреба од верификација на условите и режимите за обезбедување бескавитациска работа. Верификацијата на применетите методи и експерименталните набљудувања на процесот на кавитација со соодветна мерна опрема за идентификација на истражуваните појави ќе придонесат за расветлување на феноменот во услови на повеќепараметарски влијанија во реален објект;
- ќе се изнајдат релевантните фактори кои ќе можат да се применат за пореална прогноза на кавитациските појави и оштетувања, со што би се зголемиле доверливоста и векот на постројката.

## III.3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето во предложената докторска дисертација е со мултидисциплинарен карактер и се базира на поврзување на знаења во областа на математиката, механиката на флуиди, термоенергетиката и равенките на струењето низ цевоводите и низ турбомашините. Симулациските модели ќе се верифицираат со соодветни експериментални резултати.

Содржината на истражувањата ќе ги опфати следниве чекори:

1. опис и анализа на моделите и процесите кои ја дефинираат појавата на кавитацијата;
2. осврт кон теоретските и експерименталните методи за истражување на кавитацијата;
3. методи за моделирање на кавитацијата во равенките за решавање на струјните процеси;
4. моделирање и решавање на струење со кавитација со CFD - методи;
5. дефинирање на струјните процеси, можностите и условите за појава на кавитација во системот на примарниот круг на деловите на постројката;
6. испитување на условите и локациите за можна појава на кавитација при струењето низ примарниот круг на примерот на ТЕ Осломеј – Кичево;

7. решавање на струењето при кавитација во одделни елементи од струјниот круг и анализа на струјната слика од аспект на влијание на кавитацијата врз работниот режим;
8. дефинирање на услови за бескавитациски работни режими во анализираните работни елементи и соодветна кавитациска сигурност;
9. споредба на добиените резултати од пресметките со реалните измерени вредности на работните параметри во постројката;
10. анализа на резултатите и препораки и критериуми за обезбедување на работните елементи од кавитација и кавитациони оштетувања.

Реализацијата на истражувањата ќе содржи примена на соодветни софтверски алатки за решавање на струењето со кавитација, како и споредба со експериментални резултати и локација на кавитациони појави на реална постројка.

## III.4. ПРЕДЛОЖЕНА ЛИТЕРАТУРА

Како основна литература за изработка на дисертацијата, кандидатот ја предложил следнава:

1. Knapp R.,Daily J., Hammit F. Cavitation, Mc Grow Hill, London.
2. Rasmussen R.E.H. Some experiments on cavitation erosion in water mixed with air, Cavitation in Hydrodinamics, No.8/05.
3. Перник А. Д. Проблеми кавитации. Судостроение, Москва.
4. Hall J. W., Wislisenus G. F. Scale effect on cavitation. ASME, No.89/01.
5. Жукова Т. И. Влијание содржини газа житкости на всисавајушту способност центробежни насосов. ИВУЗ, Москва.
6. Карелин В.Ј. Кавитациони јавленија в центробежних и осевих насосах. МАШГИС, Москва.
7. Leman A. F., Yung I. O. Experimental investigation of initial and total cavitation. ASME No. 2/04.
8. Пирсол И. Кавитација. МИР, Москва.
9. Руднев С. С., Панаиотти С. С. Влијание газосодржанија житкости на кавитационие характеристики. ВНИИГидромаш Но.36/98.
10. Hall I. W., Billet M. L., Weir D. S. Thermodynamics Effects on Developed Cavitation. Trans. of ASME No. 1/05.

11. Hammit G. Observation of Cavitation scale and Thermodynamics Effects in Stationary and Rotating Components. Trans. of ASME No. 1/03.

12. F. Ronald, Cavitation, M. Graw – Hill – 1989.

13. Hydraulic Machinery and Cavitation, Proceedings of XVIII IAHR, 1996.

14. Edvard Grist, Cavitation and Centrifugal pump, Technology and Engineering, 1999.

15. L. D'Agostino at al, Fluid dynamics of cavitation and cavitating pumps, Technology and Engineering, 2007.

16. T. Kuppon, Heat Exchanger design handback ,Technology and Engineering, 2009.

17. J. P. Franc atat, Fundamentuls of Cavitation, Science, 2004.

18. S.L. Ceccio, at al, Cavitation and gas-liquid flow in fluid machinery and devices ASME 1995.

19. N.K. Gakkai, Cavitation and multiphase flow, ASME, 1995.

20. R.F. Kunz, at al, N.S. Method for two-phase flows with application to cavitation prediction, Elsevier, 2000.

21. O.C. Delgosha, at al, The turbulence model influence on numerical simulations of unsteady cavitation, Journal of Fluids, 2003.

Покрај ова, кандидатот во текот на работата ќе консултира и друга литература, што ќе произлезе од потребите на истражувањето.

## III.5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на предвидените истражувања, според презентираната задача и методологија, се очекува да се постигнат поставените цели во трудот, односно да се создаде можност за формирање методологија која би дала корисни показатели за оцена на кавитациската сигурност.

Со помош на добиените резултати ќе може да се покаже влијанието на кавитацијата и прогнозата за тоа колку таа може да влијае на техничката и сигурносната состојба на објектот, како и спречување на некоја евентуална локална хаварија.

Сето ова ќе биди овозможено со:

- создавање сигурна пресметковна метода за применливост на одредени етапи за проектирање на режимите на термоенергетските постројки во услови на можна кавитација;
- одговори на прашањата за применливоста на одредени облици на математички модели за опишување на истражуваните појави;
- споредба на резултатите од мерењето преку определување на нивната употреба за верификација на анализираните процеси;

- можност за идентификација на критичните места во експерименталната постројка и проектирање на мерна опрема со цел за нејзина индустриска применливост.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, го дава следниов

**ПРЕДЛОГ**

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Нуредин Нуредини, дипл. маш.инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна активност ги исполнува потребните законски услови за изработка на докторска дисертација за стекнување на научен степен - доктор на технички науки.

2. Врз основа на горенаведениот приказ на пријавената тема, обемот на истражувањето, методологијата на истражувањето, целите, научните тези и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: **Истражување и анализа на кавитациските појави во примарниот струен систем на кондензациона термоелектрана,** е актуелен проблем во обласа на истражувањето на кавитацијата и е подобна за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на предложената докторска дисертација се предлага проф. д-р Предраг Поповски од Машинскиот факултет во Скопје.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Предраг Поповски, с.р.
   Машински факултет – Скопје

2. Проф. д-р Методија Мирчевски, с.р.
   Машински факултет – Скопје

3. Проф. д-р Славе Арменски, с.р.
   Машински факултет – Скопје

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана на 26.12.2013 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Оливер Николиќ | *Истражување на влијанцијата на промените на придушните својства на амортизерите во текот на експлоатација на друмските возила врз нивното однесување* | Вонр. проф. д-р Игор Ѓурков |
| Фросина Талевска | *Анализа на динамичкото однесување на „паметни“ линиски носачи* | Вонр. проф. д-р Виктор Гаврилоски |
| Филип Постолов | *Прилог кон кинематската и динамичката анализа на механизми со отворена кинематичка структура* | Доц. д-р Христијан Мицкоски |
| Ана Ангеловска | *Истражување на влијанието на економските инструменти во областа на безбедност и здравје при работа* | Проф. д-р Јасмина Чалоска |
| Саша Козинакова | *Подобрување на енергетската ефикасност со примена на метод за динамичко моделирање на енергетските карактеристики на згради* | Вонр. проф. д-р Доне Ташевски |
| Арбен Велиу | *Потенцијал за заштеда на енергија во објекти и примена на обновливи извори на енергија во урбани средини* | Вонр. проф. д-р Доне Ташевски |
| Огнен Тутески | *Интегриран систем за автоматско генерирање на геометрија на алат за вбризгување пластични маси* | Проф. д-р Атанас Кочов |
| Петрика Јанеку | *Придонес кон одржлив развој преку имплементација на методологијата и концептот за почисто производство во индустрискиот сектор* | Проф. д-р Атанас Кочов |
| Филип Андрески | *Нумерички пресметки на нестационарноста на процес на заплискување во делумно исполнети резервоари* | Вонр. проф. д-р Зоран Марков |

**П Р Е Г Л Е Д**

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 407. седница на Наставно – научниот совет одржана на 26.12.2013 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Влатка Најденоска, дипл.инж.арх. | Организациони структури на градежни претпријатија во функција на ефикасно работење на претпријатијата | проф. д-р Валентина Жилеска Панчовска, Градежен факултет - Скопје |
| 2 | Зоран Павлов, дипл.град.инж. | Анализа на влијанието на автогеното собирање врз вкупното собирање на самовградливиот бетон | доц. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет - Скопје |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ВРЗ СТРАТЕГИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р МАРИЈА МЕРЏАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука на Наставно – научниот совет број 0202-3614/2 од 29.11.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација поднесена од кандидатката м-р Марија Мерџановска под наслов „Влијанието на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија“.

По проучувањето на текстот на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов извештај за содржината, оцените и предлогот.

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Влијанието на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија“, изработена од кандидатката м-р Марија Мерџановска, претставува самостоен научен труд претставен на 190 страници (181 страница основен текст, 9 страници литература, како и 19 табели, 5 графикони и 17 слики). Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови при Министерството за образование и наука. Резултатот покажува 2,54% совпаѓање со други трудови, притоа зборовите кои се совпаѓаат се од општ карактер, врз основа на што потврдуваме дека оваа докторска дисертација претставува оригинален и самостоен труд на кандидатката.

## СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Текстот е поделен на: вовед, четири глави, заклучок и користена литература. Општата структура на докторската дисертација е следна:

- Вовед (стр.10 – стр.20)
- Глава 1: Основни правци на технолошки развој во услови на глобализација (стр.21 – стр.50)
- Глава 2: Стратегија на претпријатијата во време на глобализација (стр.51 – стр.79)
- Глава 3: Промени во окружувањето и технологии коишто влијааат врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија (стр.80 – стр.120)
- Глава 4: Анализа на искуствата од воведувањето нови технологии врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија во Македонија (стр.121 – стр.171)
- Заклучни согледувања (стр.172 – стр.181)
- Користена литература (стр.182 – стр.190)

Во воведниот дел, кандидатката м-р Марија Мерџановска поаѓа од современата економска реалност која во време на глобализација, станува сé позависна од брзината на создавање и ширење на новите технологии. Новите технологии го движат развојот на светските економии на глобалниот пазар - тие стануваат основа на конкурентската борба на претпријатијата во време на економска глобализација. Соодветните промени на глобалниот пазар се рефлектираат и на работата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија. Енергијата (посебно електричната енергија) е фактор што силно влијае врз развојот на една земја.

Претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија се соочуваат со светскиот процес на дерегулација, преструктурирање и приватизација. Се развива отворен пазар на електрична енергија. Во многу земји конкуренцијата е спротивставена на монополската позиција на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија, заради што повеќето од нив се во интензивни преструктурирања. Борбата за пазарот претпоставува постојана борба за зголемување на конкурентноста. Во таа функција, овие претпријатија вложуваат континуирани напори за вградување нови технологии и знаење во процесите на преструктурирањето.

Во првата глава под наслов „ Основни правци на технолошкиот развој во услови на глобализација“, кандидатката поаѓа од условеноста на технолошкиот развој и глобализацијата. Воведувањето на технологијата и иновациите го третира како услов без кој овие компании не можат да се соочат со глобалниот пазар и неговите глобални принципи на фунционирање. Затоа, се става акцент на јакнење на капацитетот за креирање и развивање нови технологии, од што зависи и долгорочниот успех на менаџментот за соочување со новите предизвици на глобалниот пазар. Во тој контекст се разгледува ориентацијата кон производство на енергија од обновливи извори. Се третира како неопходен правец бидејќи ваквото производство ја зголемува енергетската независност на една држава, ја намалува емисијата на штетни гасови, влијае врз отворањето нови можности за извоз на енергија .... Кандидатката го разгледува овој правец и од аспект на идниот македонски развој, потенцирајќи ја потребата за приоритетно зголемување на учеството на производство на електрична енергијата од обновливи извори. Се третираат новите ИТ-технологии од аспект на понудата на алатки на претпријатија за електрична енергија: паметни мерења, далечинско управување, анализи, планирање и слично. На крајот од првата глава се разгледуваат ефектите од современите технолошки промени врз земјите во развој со нагласување на областа на дистрибуцијата на електрична енергија. Значајни разлики се забележуваат по земји во однос на можниот пристап до електричната енергија: 1,3 милијарда граѓани немаат пристап до електрична енергија, а уште 1 милијарда имаат само наизменична струја. Всушност, 19% од вкупното население во светот сé уште се без пристап до електрична енергија.

Во втората глава под наслов „ Стратегија на претпријатијата во време на глобализација“, кандидатката поаѓа од технолошката стратегија (особено информациската), интегрирана во стратегијата на едно претпријатие. Технолошката стратегијата ги поддржува учењето и иновациите како битни претпоставки за успешна деловна стратегија. Во рамките на неа, се анализираат

потребите за стекнување знаење, при што акцент се става на: знаењето за воведување и користење на технолошките системи за забрзување на ширењето на информациите од страна на вработените; стратегиското знаење; знаењето за креирање нови производи и услуги. Поаѓајќи од сознанието дека образованието треба да се сфати како доживотно учење, кандидатката обрнува внимание на активностите за зголемување на знаењето преку организирање различни стручни обуки, како од областа на енергетиката, така и од областа на менаџментот. Посебно се анализираат: учењето во текот на работата, учењето преку вклученост во разни проекти, развојот на мрежи и јакнење на соработката со научно истражувачките центри и со образовните институции. Стратегиски фокусираното лидерство е нагласен модел на управување во услови на глобализација. Се објаснуваат технолошките стратегии на транснационалните претпријатија и нивното влијание на глобалниот пазар. На крајот од втората глава е презентирана важноста од поврзување на стратегијата, технологијата и вработените на различни нивоа. Различните бизнис процеси, планирањето, буџетирањето, одржувањето, сите поддржани со технолошки решенија, се делови од еден широк процес на имплементација на стратегијата примерна на глобалните предизвици. Овие сознанија се однесуваат и за претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија. Посебно се обрнува внимание на системите за дистрибуција на електрична енергија како вид на социо–технички систем, чии учесници дејствуваат во одредена институционална средина која влијае врз нивните долгорочни одлуки и стратегии.

Во третата глава насловена како „Промени во окружувањето и технологии коишто влијааат врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија“, најнапред се разгледуваат промените во окружувањето. При анализата се земени предвид светските процеси на дерегулација, преструктурирање, приватизација и формирањето на отворен пазар на електрична енергија. Со дерегулацијата, приватизацијата и отворањето на пазарот на електрична енергија, се зголемуваат достапноста и независноста на услугите. Дејствувањето на секторот за електрична енергија фундаментално се менува во комерцијален и регулаторен контекст, како и во контекст на заштитата на околината. Регулативите се разликуваат од држава до држава. Раздвојувањето на овие активности е предуслов за воведување на пазарот на електрична енергија, а со тоа и можност за правичен натпревар. Затоа, приватизацијата на енергетскиот сектор, како и раздвојувањето и преструктурирањето, е започнат процес речиси во сите држави. Кандидатката ги разгледува овие промени во повеќе земји во транзиција: надворешни инвеститори се присутни на пазарот на производство и дистрибуција во Албанија, Бугарија, Молдавија, Романија, Руската Федерација и во Македонија; постои државен монопол или доминацијата на претпријатијата во државна сопственост во Белорусија, Босна и Херцеговина, Хрватска и во Србија. Овие промени се составен дел од процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија. Посебно се објаснети следниве технологии кои влијаат врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија: ГИС-технологиите, СКАДА (SCADA) системот, ДМС-системот, Кол (Call) центарот, Билинг(Billing) системот. ГИС-технологиите придонесуваат за формирање дигитална база на географски податоци за електроенергетските објекти и елементи што овозможуваат лесно пребарување и комуникација со другите

институции. Тоа е алатка којашто е корисна во работењето на многу сегменти на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија како: планирање на инвестиции и развој, одржување и управување. СКАДА (SCADA) системот е систем за далечинско набљудување и командување на трафостаниците и е моќна алатка за управување на електродистрибутивната мрежа, како и за проектирање според следење на мерните електроенергетски големини. ДМС-системот е алатка за анализа и планирање на погонот на електродистрибутивниот систем. Кол (Call)-центарот е Центар за односи со корисниците и Билинг (Billing) системот е систем за наплата на побарувањата. За сите овие системи е неопходна информациска и телекомуникациска поддршка.

Во четвртата глава насловена како „ Анализа на искуствата од воведувањето нови технологии врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија во Македонија“, кандидатката ги анализира чекорите за успешен трансфер на технологијата. Чекорите се, всушност, водич низ сите аспекти на дизајнот, развојот, имплементацијата, евалуацијата и ревизијата на определениот план за трансфер на нови технологии. Анализиран е и аспектот на технолошка способност на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија. Спроведените емпириски истражувања покажуваат дека воведувањето на системот за далечинско управување СКАДА (SCADA) во што поголем број на трансформаторски станици го намалува времето на прекини во напојувањето со електрична енергија, односно го зголемува квалитетот на испорачаната енергија во напојувањето и сигурноста на напојувањето со електрична енергија кај корисниците. Ажурираните ДМС и ГИС-системи исто така доведуваат до брзи, рационални и економични решенија потребни за одржување и изградба на електродистрибутивната мрежа, како и постигнување на поголема сигурност и подобар квалитет во напојувањето со електрична енергија на корисниците на електродистрибутивната мрежа. Ефикасниот Кол (Call) центар и Билинг систем доведуваат до поквалитетни услуги на корисниците.

Докторската дисертација завршува со заклучните согледувања кои ги сумираат основните ставови изнесени во трудот. Меѓу заклучоците има такви кои се од општ карактер и важат за сите претпријатија, но поголемиот дел се однесуваат на посебни активности кои треба да се преземат во областа на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија. Воведувањето нови технологии е клучна управувачка задача. Неопходни се обуки на менаџерите од областа на трансферот на технологии, технолошката способност, реинженерингот и стратегиски фокусираното лидерство. Исто така, во постојната управувачка структура на енергетските компании потребно е вградување нов сектор кој би се занимавал со следење, испитување, анализа, прогнозирање, планирање и мониторинг на технолошките промени. Претпоставка е информациско и комуникациско вмрежување на овој сектор во хиерархиската структура на управување со наведените активности. Кандидатката, исто така, предлага нови технолошки поволности за корисниците и воведување на технолошки инструменти во делот на управување со електродистрибудивната мрежа на Република Македонија. Воедно, нагласена е потребата на енергетските компании за поголема соработка во областа на технологиите кои влијаат на стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија на државно и на регионално ниво. Кандидатката истакнува дека претпријатијата за дистрибуција

на електрична енергија што ќе знаат да ги искористат новите технологии во насока на постигнување на своите цели: пониски цени, пооптимално, посигурно напојување и поповолни услуги за корисниците, се тие кои се приспособуваат на предизвиците на глобалниот пазар на електрична енергија.

Во изработката на докторската дисертација претежно е користена нова литература, како и извори од интернет. Од користената литература, најголем дел се книги и публикации од областа на нови технологии, технолошка способнот, трансфер на технологии, технологии во претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија, политиките на технолошкиот развој, дигиталната способност. Користени се и бројни официјални документи, стратегии, развојни програми и извештаи од Владата на Р.Македонија и соодветните министерства, како и релевантни статистички бази на податоци, анализи и извештаи од меѓународни институции: OECD, UNCTAD, IEA, UNDP, UN, WB, WEF, EBRD, ITU, EUROSTAT, USAID и др., научни трудови од реномирани светски и домашни автори, веб-страници и прирачници. Во користената литература преовладува странската литература. Од вкупно 118 наслови и 16 веб-страници кои се користени при изработката на докторската дисертација, 120 наслови се од странски автори, а 14 наслови од домашни автори.

## ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Влијание на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија“, изработена од кандидатката м-р Марија Мерџановска, констатира дека се работи за самостоен труд. Преку единството на теоретската, развојната и практичната димензија доаѓа до вредни заклучоци релевантни за идниот економски и технолошки развој на земјата и посебно на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија. Придонесот на овој труд може да се изрази низ следниве аспекти:

1. Користење на теоретските знаења од областите на технолошкиот развој и глобализацијата на начин кој објективно ги одредува нашите можности и развојни перспективи и во согласност со тоа ги избира основните насоки кон зголемување на знаењето и иновативноста и ширењето на имплементацијата на ИТ. Овие правци се третираат како услов за остварување на долготрајна конкурентност на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија;

2. Развојната анализа на глобалните промени и нивното влијание врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија ги опфаќа и активностите кои се неопходни за приспособување на стратегиите на овие претпријатија во РМ, со цел да одговорат на глобалните технолошки траектории и предизвици на глобалниот пазар.

3. Анализите за структурните приспособувања, ефектите од воведените нови технологии, промените во стратегиите на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија во РМ, како и соодветните анализи на технолошките, економските, институционалните и организациските промени во други земји, во голем дел претставуваат практична верификација на изнесените теоретски и развојни аспекти во третираните области. Значењето на технолошките промени од аспект на промена на развојните инпути (знаење, нова поунапредена опрема,

високо стручен кадар), и нивното влијание врз управувањето со процесите е направено врз емпириски согледувања и истражувања.

Кандидатката м-р Марија Мерџановска обработува сложена проблематика, поврзана не само со технолошките, туку и со економските, институвионалните, организациските и управувачки аспекти значајни за стратешките насоки во обласа на дистрибуцијата на електрична енергија. Оваа област има силно влијание врз развојот, заради што кандидатката ги разгледува нејзините процеси и од аспект на нивното интегрирање во развојните стратешки насоки на нашата земја. Кандидатката м-р Марија Мерџановска, прифаќајќи и истражувајќи вака сложена проблематика, се докажа како упорен истражувач кој поседува знаење, но и желба да го збогатува и проширува, воедно покажувајќи способност да третира различни аспекти и системски да ги поставува во различни интеракции.

Трудот добива посебна вредност со спроведеното емпириско истражување. Кандидатката преку мерливи показатели ја анализира корисноста од воведувањето на една од технологиите, конкретно системот за далечинско управување СКАДА (SCADA) преку мерењето на намалувањето на времето на испадот. Квантифицираните резултати се потврда на неспорниот придонес од воведување на системот за далечинско управување.

Кандидатката м-р Марија Мерџановска во докторската дисертација под наслов „Влијанието на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија" разгледува развојно-технолошки процеси со еволутивен, но и со актуелен карактер, процеси кои течат на глобално, но и на национално ниво и процеси кои се остваруваат во среден, долг и многу долг временски период. Ги потенцираме следниве квалитети на трудот: 1. Докторската дисертација е меѓу ретките трудови во македонската наука посветен на оваа тема. Во неа се изнесени бројни заклучоци кои можат да имаат особена вредност за стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија во нашата земја. 2. Во докторската дисертација се анализирани основните правци на технолошки развој во услови на глобализација. Во овој контекст, кандидатката м-р Марија Мерџановска доаѓа до заклучок дека од клучно значење за нашите претпријатија за дистрибуција на електрична енергија е континуираното унапредување на технолошкото учење, заради што ја нагласува потребата од програмско насочување и едуцирање на вработените во областите на технологијата, менаџментот и организацијата. 3. Во докторската дисертација, воведувањето на технологиите се третира во единство со воведувањето нови деловни, организациски и управувачки модели, што до крај е експлициран почетниот став дека технолошката стратегија мора да се сфати како неразделен дел на деловната стратегија на претпријатијата. 4. Во докторската дисертација е постигнато методолошко единство на третираните процеси и промени што дава атрибути на јасност, разбирливост и конзистентност во стилот на изразување и презентирање на материјата.

Докторската дисертација, и покрај овие квалитети, остава простор за подлабоко навлегување во одредени проблеми со што релевантните заклучоци би добиле повисок квалитет на систем на предлози. Но, нема дело кое не може да биде подобро. Но, нема добро дело кое не отвора нови прашања и дилеми.

**ПРЕДЛОГ**

Комисијата е убедена дека докторската дисертација на кандидатката Марија Мерџановска претставува солидно структурирано истражување кое е теоретски фундирано, користи современа методолошка апаратура и се потпира на широка литература. Докторската дисертација е труд со специфична важност во македонската научна мисла во областа на технолошкиот развој и стратегиите на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија, но кој воедно може да им помогне на развојните политики на макро и микрониво. Кандидатката носи ретки истражувачки квалитети: упорност, но не и претенциозност, систематичност, но не и наративност, критичност, но не и негативност. Затоа и докторската дисертација ја карактеризира позитивен однос кон промените кои значат повеќе знаење, образование, технологии, а со тоа и раст и развој. Комисијата е убедена дека кандидатката ги реализирала поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- *прво*, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: „Влијанието на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија", поднесен од кандидатката Марија Мерџановска;

- *второ*, да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Златка Поповска, с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Дракулески, с.р.
3. Акад. Таки Фити, с.р.
4. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
5. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ИНТЕРПЕРСОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА ВО КОШАРКАТА" ОД М-Р БОРЧЕ ДАСКАЛОВСКИ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје под дел. број 0201-1743/4 од 16.12.2013 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **ИНТЕРПЕРСОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА ВО КОШАРКАТА** на кандидатот м-р Борче Даскаловски. Комисијата е избрана во следниов состав: проф. д-р Милан Наумовски – ментор, проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска – претседател, проф. д-р Роберт Христовски - член проф. д-р Јошко Миленкоски - член и проф. д-р Вујица Живковиќ - член. Комисијата по разгледувањето на докторската дисертација го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација е презентирана на 194 (сто деведесет и четири) страници. Текстот е поделен во 9 (девет) глави и 21 (дваесет и една) подглава. 1. Вовед (16 страници), 2. Досегашни истражувања (12 страници), 3. Дефинирање на термините применети во истражувањето (24 страници), 4. Проблем, предмет, цел и хипотези на истражувањето (5 страници), Метод на работа (8 страници), 6. Резултати и дискусија (102 страници), 7 Теоретско и апликативно значење на истражувањето (2 страници), 8. Заклучоци (5 страници) и 9. Литература (15 страници). Резултатите од истражувањето се презентирани на 75 табели.

Во **воведот**, на осум страници, кандидатот ја нагласува популарноста на кошарката во светски рамки. Долготрајниот и макотрпен процес при создавањето на врвните играчи бара, покрај совладувањето на кошаркарската техника и подигањето на моторичките и специфичните моторички способности на највисоко рамниште, бара усогласување на социо-психолошките карактеристики на секој играч одделно со карактеристиките на останатите играчи од тимот. Во понатамошниот текст од воведот, авторот ги детерминира карактеристиките на сите играчи одделно зависно од кошаркарските лиги кои ќе бидат опфатени во истражувањето, меѓусебната соработка меѓу играчите, динамиката на резултатот за време на натпревар и разликите меѓу поминатите дистанци за време на натпревар. Со цел да даде појасна слика за структурата на кошаркарската игра, тој детално ги опишува и ги дефинира нејзините сегменти одделно (техниката и тактиката на кошаркарската игра). За секоја играчка позиција одделно се наведени улогата и задачите за време на натпревар, како и карактеристиките и принципите за селекција за секоја играчка позиција одделно. Авторот го истакнува значењето на интерперсоналната координација и кохезијата меѓу играчите на една екипа, кои треба да покажат дали секој играч може да игра и функционира со секого, без разлика на неговите индивидуални и технички квалитети. Во посебни подглави се дефинирани координацијата од сите нејзини аспекти, на индивидуално ниво, од внатрешна кон меѓучовечка координација, при што се

цитирани голем број врвни научници кои од свој аспект ја дефинираат неа. Во понатамошниот дел од оваа глава посебно внимание посветува на спортските тимови кои треба да функционираат како синергични колективи (да дејствуваат како еден). Низ голем број примери кои се среќаваат во животот и природата, авторот ја објаснува координацијата која се јавува кај социо-невролошките системи.

Во главата **Досегашни истражувања,** авторот цитира вкупно дванаесет автори, од кои во првиот дел наведува истражувања во кои се дефинира структурата на кошаркарската игра и факторите од кои зависи успехот за време на натпреварите. Во вториот дел на оваа глава се наведени истражувања во кои е проучувана интерпресоналната координација во колективните спортови од аспект на теоријата на нелинеарните динамички системи. Тука се дефинирани нелинеарните динамички системи, нивната стабилност и можност за нарушување на организацијата и причините за појавата на наведените состојби. Според авторот, клучен проблем претставува нивото на моделирање на динамиката на спортските игри, која е поврзана со нивното разбирање, односно откривањето на малиот број макроскопски променливи и контролни параметри кои ќе ја содржат кондензираната информација што ја создаваат микроскопските и мезоскопските променливи на системот за време на нивното кооперативно дејствување.

Во третата глава се **дефинирани термините и поимите** кои се применети во истражувањето. По азбучен ред, авторот дефинира вкупно 190 термини кои се составен дел на кошаркарската терминологија и на истражувањата од нашата област.

**Проблемот, предметот, целта и хипотезите на истражувањето**, авторот ги дефинира во четвртата глава. При дефинирањето на проблемот на истражувањето, авторот ги зема предвид сите фактори кои имаат влијание врз успешноста во кошаркарската игра, со посебна нагласка на тимската кохезија и интерперсоналната координација. Решавањето на поставениот проблем треба да даде одговор на прашањето кои се основните предуслови што треба да ги исполнуваат играчите, за да можат да се реализираат најсоодветните и најфункционалните системи во напад и одбрана. Предметот на проучување е јасно дефиниран и тој ја опфаќа интерперсоналната координација кај кошаркарите кои настапуваат во најсилните лиги во светот. Покрај основната цел, која е насочена кон проучување и компарирање на разликите и дефинирање на интерперсо-налната координација кај предвидениот примерок испитаници, авторот поставил и 13 конкретни цели. Покрај нултата хипотеза, авторот поставил уште 12 хипотези кои треба да дадат одговор на поставените прашања.

**Методот на работа** е презентиран во петтата глава, во која има и четири подглави. Вкупниот примерок опфаќа 368 испитаници и тој е поделен на 4 суппримероци, од кои: првиот суппримерок брои 110 испитаници од НБА-кошаркарската лига, вториот суппримерок брои 95 испитаници од ЕВРО-кошаркарската лига, третиот суппримерок брои 71 испитаник од Првата македонска кошаркарска лига и четвртиот суппримерок брои 101 испитаник од АБА-јадранската кошаркарска лига. Во истражувањето се применети вкупно 34 варијабли, од кои: 14 варијабли за проценка на ефикасноста на играчите за време на натпревар и 20 варијабли за проценка на социјалната мрежа и нивото на

соработка меѓу играчите во кошарката. Мерењето и евидентирањето на податоците се реализирани во специјално конструирана скаутинг-лабораторија, во која е инсталирана соодветна видео-техника со: скаутинг-програм “**sport-planer**”, програма за регистрирање на сите поединечни додавања на играчите - “**tacto”**. За вкупниот број додавања за секоја играчка позиција пресметани се коефициентите на соработка. Во понатамошниот текст, авторот детално ги опишува сите применети варијабли во истражувањето. Покрај основните дескриптивни податоци, со примена на Pirsonoviot коефициент на корелација, утврдена е поврзаноста помеѓу применетите варијабли, а квантитативните и квалитативните меѓугрупни разлики се утврдени со униваријантна и мултиваријантна анализа на варијанса (ANOVA, MANOVA). Униваријантните разлики се утврдени со примена на LSD-post hoc тестот. Синергијата меѓу играчите од различни играчки позиции е утврдена со софтверот за интерперсонална координација.

Во шестата глава, која е најобемна, презентирани се **резултатите од истражувањето и нивната дискусија**. Врз основа на добиените вредности за поврзаноста на применетите варијабли, кај сите проучувани суппримероци произлегува констатацијата дека најголема поврзаност се јавува меѓу варијаблите кои ги опфаќаат вкупниот број обиди и вкупниот број погодоци од различни растојанија, скоковите во напад и одбрана и вкупниот број погодоци. Играчите кои изведуваат најмногу дефанзивни скокови, во напад постигнуваат најмногу кошеви од мали и средни растојанија (најчесто се центрите). Со примена на мултиваријантната анализа на варијанса кај варијаблите од напад, авторот утврдил дека испитаниците од НБА-лигата постигнуваат статистички значајно најдобри резултати кај варијаблите ФГ, ФГА и АСС, а кај варијаблите од одбрана испитаниците од НБА лигата постигнуваат статистички значајно најдобри резултати кај варијаблите ДР и ТОТР. Резултатите од интерперсоналната координација покажуваат дека плејмејкерите од сите проучувани лиги остваруваат најголем посед на топката за време на натпревар. Во НБА-лигата највисоки коефициенти на условна веројатност се јавуваат кај врските меѓу плејмејкерите и бековите, а како втора условна веројатност најчесто се јавува врската меѓу плејмејкерите и центрите. Во ЕВРО-лигата, АБА-јадранската лига и Првата македонска кошаркарска лига, највисоки коефициенти на условна веројатност се јавуваат меѓу плејмејкерите и бековите, а кај втората условна веројатност најчестата соработка се јавува меѓу плејмејкерите и крилните центри и обратно. Со високи коефициенти на соработка се јавуваат врските меѓу центрите и крилните центри, а врската во обратната насока е на пониско ниво.

Во седмата глава е наведено **теоретското и апликативното значење на истражувањето,** каде што покрај значењето за научната мисла, авторот го истакнува значењето на имплементацијата на најновите софтверски решенија во анализата и следењето на динамиката, како на играта на техничко поле кај поединците, така и при примена на тактичките решенија на екипно ниво, примената на скаутинг-програмите како и програмите за анализа на ефикасноста и учинокот на играчите, како на индивидуален така и на екипен план.

Осмата глава ги содржи **заклучоците** кои произлегуваат од извршеното истражување. Авторот екстрахирал вкупно дванаесет конкретни заклучоци кои даваат одговор на поставените хипотези. Секој од заклучоците содржи соодветни

сознанија со кои може да се влијае на научната мисла и практика. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност и коректно ги објаснуваат добиените резултати.

**Користената литература** е презентирана во деветтата глава и во неа се наведени вкупно 124 странски и домашни автори.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација на тема: **ИНТЕРПЕРСОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА ВО КОШАРКАТА,** од м-р Борче Даскаловски, асистент на предметот кошарка на Факултетот за физичка култура во Скопје. Со посебна чест и задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на наведената тема и на кандидатот да му дозволи нејзина јавна одбрана.

**К О М И С И Ј А**

1. Д-р Милан Наумовски, редовен професор с.р.
2. Д-р Ленче Алексовска-Величковска, редовен професор с.р.
3. Д-р Роберт Христовски, редовен професор с.р.
4. Д-р Јошко Миленкоски, редовен професор с.р.
5. Д-р Вујица Живковиќ, редовен професор с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на усвоени извештаи на комисијата за оцена на тема за изработка на докторска дисертација **на УКИМ-Медицинскиот факултет во Скопје на својата II редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 24.12.2013 година**

| Ред. бр. | Име и презиме | Наслов на тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Рената Јанкова-Ајановска | *″Анализа на митохондријална ДНК (мтДНК)* биолошки материјал во форензичните испитувања″ | Проф. д-р Алексеј Дума |
| 2. | Лидија Попоска | ″Проценка на ризик од појава на преткоморна фибрилација кај пациенти со имплантиран траен електростимулатор на срцето″ | Проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил |
| 3. | Жарко Христовски | ″Проценка на левокоморна дијастолна дисфункција и капацитет на физичко оптоварување кај пациенти со висок кардиоваскуларен ризик скор и сочувана систолна левокоморна функција″ | Проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТОТ МАРКЕТИНГ-ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18.12.2013 година, донесе Одлука со број 0202-3797/8 од 20.12.2013 за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот маркетинг-истражување, во состав: проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска, проф. д-р Нада Секуловска и проф. д-р Анита Циунова – Шулеска. По деталното разгледување на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви референтот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник по предметот маркетинг-истражување, објавен на 5.12.2013 година во дневниот весник „Нова Македонија“, се јави еден кандидат: д-р Николина Паламидовска, вработена на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како асистент по група предмети од области на маркетингот. Во продолжение ќе бидат изнесени податоците за кандидатката, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно - научниот совет на Факултетот.

# Биографски податоци

Кандидатката д-р Николина Паламидовска е родена во Битола на 10.2.1984 година. Основното и средното образование ги завршила во родниот град, а во 2002 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје. Во 2006 година дипломирала на Катедрата за маркетинг со просечен успех 9,52. Добитник е на наградата „Frank Manning“ за најдобар студент на Економскиот факултет во Скопје за завршни студии во учебната 2005/2006 година.

Во март 2007 година, кандидатката е избрана во звањето помлад асистент, а во септември 2011 година, во звањето асистент на група предмети од области на маркетингот на Економскиот факултет во Скопје, на којашто работна позиција се наоѓа и денес. Во текот на своето работно искуство на Факултетот, кандидатката е

вклучена во изведувањето наставни вежби по предметите од Катедрата за маркетинг и во оценување на проектни задачи изработени од студентите. Во моментот, Николина е секретар на Катедрата за маркетинг, а досега активно учествувала и во голем број работни комисии и одбори во рамките на Економскиот факултет во Скопје.

Во академската 2007/2008 година кандидатката се запишала на постдипломските студии по маркетинг на Економскиот факултет во Скопје, каде што ги положила предвидените 9 испити со просечен успех 10,00. Во мај 2011 година магистрирала на Економскиот факултет во Скопје, на тема: „Модели за мерење на задоволството на потрошувачите како предуслов за градење долгорочни односи", под менторство на проф. д-р Нада Секуловска.

Во декември 2011 година пријавила докторска теза со наслов „Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Р. Македонија", под менторство на проф. д-р Нада Секуловска. Докторската дисертација успешно ја одбранила на 15 ноември 2013, со што се стекнала со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во изминатиот период, кандидатката постојано научно се усовршувала и учествувала на повеќе конференции, семинари, обуки и работилници:

- меѓународна конференција "BALCOR 2013", Белград, Србија, 7-11 септември 2013;
- меѓународна конференција "Economic Development Perspectives of SEE Region in the Global Recession Context", Сараево, Босна и Херцеговина, октомври 2010;
- меѓународна конференција "The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis", Скопје, Економски факултет – Скопје, Република Македонија, ноември 2010;
- работилница "Претпристапни ЕУ-фондови, ЕУ-програми и основи за пишување проекти", Стопанска комора на Република Македонија, Скопје, 21-22 јануари 2010;
- меѓународна конференција "Marketing in 21st Century: Paradigms, Strategies, Tactics", Varna, Republic of Bulgaria, 28-30 септември 2007;
- маркетинг семинар, советување на тема: "Брендирање и ребрендирање", "Реклама, пропаганда, промоција, маркетинг", "Производни стратегии", организирано од Македонското здружение за маркетинг во Охрид, Р. Македонија, 18-19 октомври 2007.

Кандидатката д-р Николина Паламидовска одлично го владее англискиот јазик, а има познавање и од францускиот јазик. Исто така, кандидатката одлично ги владее и ги користи софтверските апликации MS Office, SPSS, AMOS, R и VisualPLS.

# 1. Наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Николина Паламидовска има скоро седумгодишно работно искуство како помлад асистент и асистент по група предмети од областа

на маркетингот при Економскиот факултет во Скопје. Од март 2007 година, па до денес, кандидатката е ангажирана во изведување вежби и делови од наставата по повеќе предметни дисциплини од областа на маркетингот, меѓу кои маркетинг-истражување, односи со јавноста, промоција, маркетинг-менаџмент, маркетинг на услужни дејности и основи на маркетинг. Притоа, кандидатката успешно применува современи наставно-образовни методи, со помош на кои успешно им го пренесува на студентите знаењето од областа на маркетингот, поттикнувајќи ги на креативност, критичко размислување и интерактивност. Дополнително, кандидатката целосно е ангажирана околу организирање на испитите и колоквиумите на предметите на Катедрата за маркетинг, како и во координирање и оценување на проектните задачи на студентите по овие предмети. Кандидатката се одликува со високо ниво на подготвеност да им помогне на студентите во совладување на материјалот по предметните дисциплини од областа на маркетингот и секојдневно е ангажирана околу одржувањето консултации со нив.

# 2. Научноистражувачка дејност

Потврда за исклучително квалитетната научноистражувачка работа на кандидатката се, секако, магистерскиот и докторскиот труд на кандидатката кои ги исполнуваат највисоките критериуми на научно-истражувачко академско дело. Дополнително, таа ги има објавено и следниве научни трудови во домашни и меѓународни списанија:

- Palamidovska, N., Sekulovska, N. and Ristevska-Jovanovska, S. (2013), “Assessment of Customer Satisfaction on the Macedonian Mobile Phone Market”, Proceedings of the International Conference “BALCOR 2013”, Belgrade, Serbia, 7-11 September, 2013, pp. 431-438.
- Ciunova-Shuleska, A., Palamidovska, N. and Grishin, M. (2013), “An empirical assessment of service quality in the context of travel agencies in the Republic of Macedonia”, Market, Vol. 25 No. 1, pp. 21-36.
- Ciunova-Shuleska, A., Grishin, M. and Palamidovska, N. (2012), “Young People’s Attitudes toward Mobile Phones in the Republic of Macedonia”, Economic Research, 2012, Vol. 25 No. 4, pp. 1067-1078.
- Ciunova-Shuleska, A., Grishin, M. and Palamidovska, N. (2011), “Assessing young adults’ attitudes toward online shopping in the Republic of Macedonia”, Economic Review, Vol.62, No.12, pp.752-772.
- Секуловска, Н. и Паламидовска, Н. (2010), “Service quality measurement in the retail banking in the Republic of Macedonia”, Конференција на Економски факултет – Скопје: “The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis”, Скопје, Р. Македонија, 11-13 ноември, 2010, стр. 345-356.
- Krstevska, M. and Palamidovska, N. (2010), “The Influence of the Brand on the Purchase Decision in Recession Context”, Proceedings of the International Conference "Economic Development Perspectives of SEE Region in the Global Recession Context", Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, pp.383-391.

- Паламидовска, Н. (2009), "Истражување на лојалноста на корисниците на мобилните оператори во Република Македонија", Годишник на Економски факултет во Скопје, том 44, стр.505-514.
- Sekulovska, N. and Palamidovska, N. (2007), "The use of Internet as a promotional tool in the companies in Macedonia", Proceedings of the International Conference "Marketing in 21st Century: Paradigms, Strategies, Tactics", Varna, Republic of Bulgaria, September, 28-30 September, 2007.
- Секуловска, Н. и Паламидовска, Н. (2007), "Брендирањето од аспект на потрошувачите, вработените и инвеститорите", советување на тема: "Брендирање и ребрендирање", "Реклама, пропаганда, промоција, маркетинг", "Производни стратегии", организирано од Македонското здружение за маркетинг во Охрид, Р. Македонија, 18-19 октомври 2007, стр.95-104.

Во продолжение ќе биде даден краток опис на објавените трудови.

1. *„Assessment of Customer Satisfaction on the Macedonian Mobile Phone Market“* - целта на овој труд е развивање и тестирање на модел за мерење на индексот на задоволство на потрошувачите во Р. Македонија и оцена на степенот на задоволство на корисниците на мобилни услуги во Р. Македонија. Моделот што се користи во ова истражување се базира на претходно развиениот модел на Европскиот индекс на задоволство на потрошувачите. Добиените резултати покажауваат дека перципираната вредност и перципираниот квалитет имаат најголемо влијание при креирањето на задоволството на потрошувачите. Притоа, лојалноста е крајна варијабла во моделот и значајно е определена од задоволството на потрошувачите, а помалку од имиџот на компанијата. Дополнително, резултатите покажуваат дека македонските корисници на услугите на мобилните оператори перципираат одредена неправичност во вредноста што ја добиваат, односно во односот цена/квалитет.

2. *„An empirical assessment of service quality in the context of travel agencies in the Republic of Macedonia“* - овој труд се фокусира на мерење на квалитетот на услугата на туристичките агенции во Р. Македонија, од аспект на потрошувачите. Притоа, се применува SERVQUAL-инструментот за мерење на квалитетот на услугата, кој е приспособен на специфичниот контекст. Резултатите од спроведената експлораторна факторска анализа идентификуваат три димензии на квалитетот на услгугата од туристичките агенции во Р. Македонија: ориентираност кон потрошувачите, доверливост и материјални елементи. Притоа, резултатите покажуваат дека постојат негативни јазови помеѓу очекувањата и перцепциите на потрошувачите во однос на квалитетот на услугата кај сите три димензии. На крајот, идентификувани се значајни разлики на SERVQUAL-оцените помеѓу трите класи на туристички агенции (со лиценца "A", "B" и "C").

3. *„Young People's Attitudes toward Mobile Phones in the Republic of Macedonia“* - овој труд ги истражува ставовите на младите луѓе во Р. Македонија во врска со мобилните телефони и навиките за нивно користење. Спроведената експлораторна факторска анализа идентификува пет различни фактори: мода/статус, зависност, дополнителна вредност, сигурност и негативни аспекти.

Дополнително, кластер анализата открива два основни сегмента на корисници: помалку зависни, непретпазливи корисници на мобилни телефони и повеќе зависни, но попретпазливи корисници. Резултатите од спроведениот ANOVA тест покажуваат дека постојат статистички значајни разлики во врска со факторот "зависност" помеѓу сите групи за споредба (врз основа на пол, години на користење на мобилен телефон, број на повици дневно и просечно траење на еден повик). Понатаму, се покажува дека жените и корисниците кои водат подолги разговори (10-30 минути) повеќе ја ценат сигурноста која што ја добиваат со користењето на мобилниот телефон, во однос на останатите корисници. Во однос на негативните аспекти, значајни разлики се утврдени само кај различните групи корисници во однос на бројот на повици дневно.

*4. „Assessing young adults' attitudes toward online shopping in the Republic of Macedonia“* - овој труд се фокусира на истражување на ставовите на младите луѓе во Р. Македонија кон онлајн-купувањето и го анализира влијанието на полот и на претходното онлајн-искуство врз овој тип на купување. Спроведената експлораторна факторска анализа идентификува пет фактори, и тоа: удобност, сигурност, искуство, цена и производен асортиман. Дополнително, ANOVA тестот покажува дека постојат значајни разлики помеѓу половите, во однос на сите идентификувани фактори. Исто така, значајни разлики во однос на сите фактори се забележуваат и помеѓу луѓето со различен степен на искуство во онлајн купувањето. Резултатите од истражувањето имаат значајни менаџерски и теоретски импликации, кои што го унапредуваат знаењето во истражуваната област.

*5. „Service quality measurement in the retail banking in the Republic of Macedonia“* - предмет на истражување на овој труд е мерење на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор во Р. Македонија и идентификување на димензиите на квалитетот на услугата во анализираниот контекст. Притоа, се применува SERVQUAL-инструментот за мерење на квалитетот на услугата, кој што се состои од два сета од 22 тврдења за очекувањата и перцепциите на потрошувачите. Авторите на SERVQUAL ги предлагаат следниве генерички димензии на квалитетот на услугата: материјални елементи, доверливост, подготвеност, сигурност и емпатија. Од друга страна, спроведената експлораторна факторска анализа генерира пет димензии на квалитетот на услугата, специфични за банкарскиот сектор во Р. Македонија: ориентираност кон потрошувачите, сигурност и доверба, материјални елементи, компетенции и погодност. Дополнителната анализа на податоците покажува дека, генерално, перцепциите на потрошувачите во врска со испорачаниот квалитет на услугата се пониски од нивните очекувања, што резултира во релативно ниско ниво на квалитет на услугата.

*6. „The Influence of the Brand on the Purchase Decision in Recession Context“* - овој труд го истражува влијанието на брендот врз одлуката за купување во услови на рецесија. Целта на трудот е да се направи споредба помеѓу светските тенденции и однесувањето на потрошувачите во Р. Македонија, земајќи ги предвид извештаите за глобалните брендови и истражувањето спроведено во нашата земја. Притоа, истражувањето се фокусира на потрошувачката на пиво, млеко и амбалажирана вода. Избраните категории кореспондираат со категориите анализирани во

извештаите BrandZ и Interbrand. Анализата на однесувањето на македонските потрошувачи покажува дека тие купуваат често, трошат релативно мали износи и изборот на продажниот објект го вршат примарно врз основа на локацијата. Довербата во брендот е четврто-рангирана и според тоа, не може да се зборува за лојалност кон брендот, особено затоа што најголем дел од испитаниците се изјасниле дека би го промениле супермаркетот доколку настане пораст на нивото на цени во тој суперамаркет. Притоа, ценовната чувствителност на македонските потрошувачи е особено изразена во услови на рецесија.

*7. „Истражување на лојалноста на корисниците на мобилните оператори во Република Македонија“* - целта на овој труд е мерење на степенот на лојалност на корисниците на мобилни оператори во Р. Македонија, како и идентификување на факторите кои што влијаат врз лојалноста. Исто така, ова истражување го анализира односот помеѓу степенот на задоволство на корисниците и степенот на задржување на постојниот мобилен оператор. Ова е од особено значење поради настанатите промени на пазарот на мобилна телефонија во Р. Македонија, како резултат на спроведената либерализција на пазарот, но и на промената на потребите на корисниците. Притоа, во борбата за освојување и задржување што поголем дел од пазарот, мобилните оператори во нашата земја користат и немаркетиншки алатки, односно имплицитни бариери за излез на постојните корисници. Во вакви пазарни услови, невозможно е да се зборува за вистинска лојалност од страна на корисниците, туку повеќе за “присилно” задржување.

*8. „The use of Internet as a promotional tool in the companies in Macedonia“* - во овој труд се анализира степенот на користење на интернетот како промотивна алатка од страна на компаниите во Р. Македонија, фокусирајќи се на издавачките куќи и продавниците за книги. Истражувањето покажува дека и покрај релативно високиот степен на користење на интернетот, мал број интернет-корисници во Р. Македонија купуваат онлајн. Анализата на примената на интернетот од страна на книжарниците покажува дека најголем дел од нив имаат само креирано веб-страница, која ја користат за промовирање на своите изданија, но мал дел од нив имаат значајно ниво на интерактивност. Дел од анализираните книжарници имаат електронски членови кои добиваат одредени награди и поволности. Според ова, во иднина треба да се инвестираат значајни ресурси во насока на искористување на можностите што ги нуди интернетот како современа промотивна и продажна алатка.

*9. „Брендирањето од аспект на потрошувачите, вработените и инвеститорите“* - овој труд врши интегрирана анализа на брендот и процесот на брендирање од аспект на потрошувачите, вработените и инвеститорите. Во трудот се истакнува дека во современите конкурентско-пазарни услови, градењето на брендот не е прашање на избор, туку неопходност. Производите и услугите станаа толку слични меѓусебе, што е невозможно да се разликуваат по својот квалитет, ефикасност, отпорност и сигурност. Брендот е тој кој им дава идентитет на производите и услугите и ги прави поразлични од оние на конкурентите. Процесот на брендирање најчесто е фокусиран кон потрошувачите, но за да биде конзистентен тој мора да интегрира повеќе компоненти. Ако компанијата успее да изгради добар бренд

за своите вработени, тие соодветно ќе го претставуваат брендот на потрошувачите. Добриот бренд не само што привлекува потрошувачи, тој истовремено регрутира нови и ги задржува старите вработени, а привлекува и потенцијални инвеститори кои во брендот гледаат вредна можност. Со други зборови брендот креира вредност за компанијата, за нејзините потрошувачи, вработени и инвеститори.

10. Посебен осврт ќе дадеме на докторскиот труд на кандидатката, со наслов *„Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Р. Македонија"*. Предмет на истражување на овој докторски труд е влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на банките во Република Македонија, анализирајќи го посредничкото влијание на нефинансиските перформанси. Најпрво, трудот нуди теоретски преглед и анализа на моделите кои го мерат квалитетот на услугата, генерално и во банкарскиот сектор, поспецифично. Понатаму, се обработуваат моделите кои го прикажуваат односот помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси, врз основа на што се базира емпириското истражување. Врз основа на елаборираните теоретски концепции е развиена емпириската рамка на овој труд во која се предлага концептуален модел на синџирот на ефекти помеѓу квалитетот на услугата и профитабилноста, се објаснуваат методите и техниките за обработка и анализа на податоците и се презентираат добиените резултати од спроведеното истражување. Емпириското истражување во овој труд започнува со експлораторно истражување, кое ги поставува основите за понатамошното конклузивно истражување.

Експлораторното истражување во овој труд вклучува анализа на банкарскиот сектор, идентификување на ситуациите на задоволство и незадоволство преку техниката на критичен настан и интервју со менаџери во пет банки. Добиените квалитативни податоци од оваа фаза на истражувањето овозможија да се изврши модифицирање на скалата за мерење на квалитетот на услугата и дополнително да се разберат врските помеѓу варијаблите кои понатаму се предлагаат во концептуалниот модел.

Предложениот концептуален модел на синџир на ефекти помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси е тестиран во три дела:

- односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и лојалноста на потрошувачите;
- односот помеѓу лојалноста и задржувањето на потрошувачите;
- односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и финансиските перформанси.

Резултатите од спроведеното тестирање на првиот дел покажуваат дека најсилна е врската помеѓу доверливоста/подготвеноста и задоволството на потрошувачите, а потоа следуваат ценовната политика и материјалните елементи, како најмалку важна димензија при креирање задоволство на потрошувачите. Дополнително, со зголемувањето на должината на односот со банката, се намалува значењето на материјалните елементи во креирањето задоволство на потрошувачите. Според ова, во насока на испорачување задоволително ниво на квалитет на услугата, банките треба првенствено да се насочат кон испорачување доверливост и подготвеност, кои се рефлексија на ефективноста и однесувањето

на вработените. Оттука, банките треба перманентно да инвестираат во обуки и усовршување на техничките и комуникациските вештини на вработените. Дополнително, доверливоста/подготвеноста е најзначаен предвидувач на лојалноста кон банката.

Резултатите од вториот дел од спроведеното истражување покажуваат дека постои статистички значајна врска помеѓу намерите за однесување на потрошувачите и вистинското однесување и оваа врска е одредена од должината на односот со банката. Притоа, постои значајна врска помеѓу лојалноста кон банката и „share of wallet", додека со зголемувањето на должината на односот со банката стануваат значајни и врските помеѓу лојалноста кон банката и вкрстеното купување, како и помеѓу лојалноста кон вработените и вкрстеното купување. Според ова, кај клиентите кои се подолго во банката, може да се креира зголемување на „SOW" и на вкрстеното купување на одделните клиенти преку зајакнување на нивната лојалност кон банката.

Анализата на односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и финансиските перформанси покажува дека иако не постои значајна директна врска помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси, задоволство на потрошувачите има улога на посредник во овој однос. Притоа, „share of wallet" посредува во односот помеѓу задоволството на потрошувачите и финансиските перформанси. Според ова, испорачувањето квалитетна услуга може да резултира со зголемување на профитабилноста, единствено во присуство на задоволство на потрошувачите и значаен процент на "share of wallet". Притоа, зголемувањето на должината на односот со банката ја зголемува позитивната врска помеѓу "SOW" и профитабилноста на потрошувачите.

Во обидот да ја објасни и измери врската помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси, овој труд емпириски ги потврдува врските во синџирот на ефекти помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси.

# 3. Стручно-апликативна дејност

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Николина Паламидовска била активно вклучена и во изведување на стручно-апликативни активности.

Кандидатката била вклучена во изработката на проекти за истражување на пазарот на компаниите „Мак прогрес" – Виница и „Пакомак" – Скопје. Дополнително, кандидатката била вклучена како соработник при изготвување и пријавување на научно-образовен национален проект, под наслов "Развивање на Национален индекс на задоволство на потрошувачите во Република Македонија", на повик од Министерство за образование и наука на Република Македонија во април 2011, како и при изготвување и пријавување на научно-образовен меѓународен проект, под наслов "Food-related life-styles in Macedonia", 12-ти повик на GDN Regional Research - CERGE-EI во јуни 2011 година.

Кандидатката успешно ги извршувала своите работни задачи и како член на голем број факултетски комисии:

- член на Комисија за шифрирање на поднесените пријави за упис на нови студенти во I година во учебните 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 година;
- секретар на Катедрата за маркетинг (4 години);
- член на Редакцискиот одбор за подготовка на Студентскиот водич за студентите на Економскиот факултет во Скопје за учебните 2009/2010 година, 2010/2011 година, 2011/2012 година и 2012/2013 година;
- член на Редакцискиот одбор за подготовка на промотивна брошура на англиски јазик за Економскиот факултет во Скопје, 2012 година;
- член на Одборот за прослава на јубилејот по повод 60-годишното постоење на Економскиот факултет во Скопје, 2010 година;
- член на Комисијата за идентификување на состојбата и можностите за добивање меѓународна акредитација на Економскиот факултет во Скопје, 2012 година;
- член на Центарот за податоци и информации на ЕУ, 2010-2011;
- член на Комисијата за годишен попис на основните средства и друг имот на Економскиот факултет во Скопје, 2010 год;
- член на Комисијата за давање забелешки на правилниците за студиски програми, за критериумите и правилата за запишување студенти во прв и втор циклус и за донесување на студиски програми доставени од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", април 2009.

## ОПШТА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурентските материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот за избор на наставник по предметот маркетинг-истражување, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 5.12.2013 година е д-р Николина Паламидовска. Кандидатката ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето доцент од областа на економските науки по предметот маркетинг-истражување. По проучувањето на приложената документација од кандидатката и увидот во објавените трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатката д-р Николина Паламидовска има скоро седумгодишно работно искуство како помлад асистент и асистент на група предмети од областа на маркетингот на Економскиот факултет во Скопје. Досегашното искуство и континуираното унапредување резултирале со креирање на квалитетен и одговорен млад наставно-научен работник.
- За време на своето работно искуство, со високо ниво на професионалност, посветеност и одговорност, кандидатката ги извршувала сите зададени работни обврски на ниво на Катедрата за маркетинг, како и работните обврски во рамките на работните комисии на ниво на Факултетот. Притоа, кандидатката се карактеризира со отвореност и подготвеност за соработка со студентите, колегите и претпоставените.
- Кандидатката претставува исклучително квалитетен научноистражувачки работник од областа на маркетингот, што особено се потврдува со доктор-

ската дисертација на тема „Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Р. Македонија", којашто обработува исклучително актуелна, релевантна и комплексна тема за која е понудена емпириска потврда со користење на релевантни методи за маркетинг истражување.

- Дополнително, научноистражувачкиот напор на кандидатката е верифициран и преку објавување на бројни трудови објавени и во меѓународни списанија.
- Во изминатиот период, кандидатката има постигнато значајни резултати во сите предвидени дејности: наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност.
- Како потврда на горенаведното се и податоците за остварените 116,52 поени на кандидатката за нејзиниот досегашен ангажман во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да ја избере д-р Николина Паламидовска во звањето доцент по предметот маркетинг-истражување.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, с.р.

2. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

3. Проф. д-р Анита Циунова – Шулеска, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Николина Владо Паламидовска**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: маркетинг**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби<br>• Маркетинг-истражување – 6*2*15*0,03=5,4<br>• Маркетинг-менаџмент 7*2*15*0,03*=6,3<br>• Маркетинг на услужни дејности – 6*2*15*0,03*=5,4<br>• Основи на маркетинг – 1*2*15*0,03*=0,9 | 18,00 |
| 2. | Консултации со студенти<br>• Маркетинг истражување – 200*0,002*6=2,4<br>• Промоција – 150*0,002*7=2,1<br>• Односи со јавноста – 150*0,002*2=0,6<br>• Основи на маркетинг – 600*0,002*7=8,4<br>• Однесување на потрошувачите – 200*0,002*7=2,8<br>• Маркетинг на услужни дејности – 150*0,002*7=2,1<br>• Методи на продажба – 300*0,002*3=1,8<br>• Стратегиски маркетинг – 150*0,002*6=1,8<br>• Маркетинг менаџмент – 250*0,002*7=3,5<br>• Меѓународен маркетинг – 250*0,002*7=3,5<br>• Економика на внатрешна трговија – 300*0,002*6=3,6<br>• Маркетинг на трговски претпријатија – 300*0,002*6=3,6<br>• Управување со производот - 150*0,002*6=1,8 | 38,00 |
| 3. | Подготовка на нов предмет (предавања)<br>• Односи со јавноста (програма на додипломски студии по маркетинг од 2010 година) | 1,00 |
| | **Вкупно** | **57,00** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија<br>• „Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Р. Македонија“ – докторски труд – 8,00 поени<br>• „Модели за мерење на задоволството на потрошувачите како предуслов за градење долгорочни односи“ – магистерски труд – 8,00 поени | 16,00 |
| 2. | Трудо со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>• Ciunova-Shuleska, A., Grishin, M. and Palamidovska, N. (2012), “Young People’s Attitudes toward Mobile Phones in the Republic of Macedonia”, *Economic Research*, 2012, Vol. 25 No. 4, pp. 1067-1078. (6+0,273=6,273*0,8=5,0184) | 5,02 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание<br>• Ciunova-Shuleska, A., Palamidovska, N. and Grishin, M. (2013), “An empirical assessment of service quality in the context of travel agencies in the Republic of Macedonia”, *Market*, Vol. 25 No. 1, pp. 21-36. (4*0,80=3,2)<br>• Ciunova-Shuleska, A., Grishin, M. and Palamidovska, N. (2011) “Assessing young adults’ attitudes toward online shopping in the Republic of Macedonia”, *Economic Review*, Vol.62, No.12, pp.752-772. (4*0,80=3,2) | 6,40 |
| 4. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>• Секуловска, Н. и Паламидовска, Н. (2010), “Service quality measurement in the retail banking in the Republic of Macedonia”, *Конференција на Економски факултет – Скопје: “The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis”*, Скопје, Р. Македонија, 11-13 ноември 2010, стр. 345-356. (2*0,90=1,8)<br>• Krstevska, M. and Palamidovska, N. (2010), “The Influence of the Brand on the Purchase Decision in Recession Context”, *Proceedings of the International Conference "Economic Development Perspectives of SEE Region in the Global Recession Context"*, Sarajevo, | 7,20 |

| | | |
|---|---|---|
| | Bosnia and Herzegovina, pp.383-391. (2*0,90=1,8)<br>• Sekulovska, N. and Palamidovska, N. (2007), "The use of Internet as a promotional tool in the companies in Macedonia", *Proceedings of the International Conference "Marketing in 21st Century: Paradigms, Strategies, Tactics"*, Varna, Republic of Bulgaria, September, 28-30 September, 2007. (2*0,90=1,8)<br>• Секуловска, Н. и Паламидовска, Н. (2007), "Брендирањето од аспект на потрошувачите, вработените и инвеститорите", *Советување на тема: "Брендирање и ребрендирање", "Реклама, пропаганда, промоција, маркетинг", "Производни стратегии"*, организирано од Македонското здружение за маркетинг во Охрид, Р. Македонија, 18-19 октомври, 2007, стр.95-104. (2*0,90=1,8) | |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>• Palamidovska, N., Sekulovska, N. and Ristevska-Jovanovska, S. (2013), "Assessment of Customer Satisfaction on the Macedonian Mobile Phone Market", *Proceedings of the International Conference "BALCOR 2013"*, Belgrade, Serbia, 7-11 September, 2013, pp. 431-438. (3*0,8=2,4) | 2,40 |
| 6. | Труд објавен во зборник на трудови во в.о. институција<br>• Паламидовска, Н. (2009), "Истражување на лојалноста на корисниците на мобилните оператори во Република Македонија", *Годишник на Економски Факултет – Скопје*, том 44, стр.505-514. (2,0) | 2,00 |
| 7. | Учество на научен-стручен собир со реферат (усна презентација)<br>• Palamidovska, N., Sekulovska, N. and Ristevska-Jovanovska, S. (2013), "Assessment of Customer Satisfaction on the Macedonian Mobile Phone Market", *Proceedings of the International Conference "BALCOR 2013"*, Belgrade, Serbia, 7-11 September, 2013, pp. 431-438. (1,0 поен)<br>• Sekulovska, N. and Palamidovska, N. (2007), "The use of Internet as a promotional tool in the companies in Macedonia", *Proceedings of the International Conference "Marketing in 21st Century: Paradigms, Strategies, Tactics"*, Varna, Republic of Bulgaria, September, 28-30 September, 2007. (1,0 поен)<br>• Секуловска, Н. и Паламидовска, Н. (2010), "Service quality measurement in the retail banking in the Republic of Macedonia", *Меѓународна конференција* | 3,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | *на Економски факултет – Скопје:"The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis"*, Скопје, Р. Македонија, 11-13 ноември, 2010, стр. 345-356. (1,0 поен) | |
| | **Вкупно** | **42,02** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)<br>• "Развивање на Национален индекс на задоволство на потрошувачите во Република Македонија", Министерство за образование и наука на Република Македонија, април 2011 | 0,50 |
| 2. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (соработник)<br>• "Food-related life-styles in Macedonia", CERGE-EI - Twelfth Annual GDN Regional Research Competition, јуни 2011 | 1,00 |
| 3. | Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот (учесник/соработник)<br>• Истражување на пазарот за компанијата Мак Прогрес – Виница, септември – октомври 2010 (1,0)<br>• Истражување на пазарот за компанијата Пакомак – Скопје, септември – октомври 2013 (1,0) | 2,00 |
| 4. | Учество на промотивни активности на Факултетот – 7 години *0,5 = 3,5 | 3,50 |
| 5. | Член на факултетска комисија<br>• член на Комисија за шифрирање на поднесените пријави за упис на нови студенти во I година во учебните 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 година (7*0,5=3,5)<br>• секретар на Катедрата за маркетинг (4 години) (4*0,5 = 2)<br>• член на Редакцискиот одбор за подготовка на Студентскиот водич за студентите на Економскиот факултет во Скопје за учебните 2009/2010, 2010/2011 година, 2011/2012 и 2012/2013 (4*0,5=2)<br>• член на Редакцискиот одбор за подготовка на промотивна брошура на англиски јазик за Економски | 10,50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | факултет во Скопје, 2012 (0,5)<br>• член на Одборот за прослава на јубилеј по повод 60 годишното постоење на Економскиот факултет во Скопје, 2010 (0,5)<br>• член на Комисијата за идентификување на состојбата и можностите за добивање меѓународна акредитација на Економскиот факултет во Скопје, 2012 (0,5)<br>• член на Центарот за податоци и информации на ЕУ, 2010-2011 (0,5)<br>• член на Комисијата за годишен попис на основните средства и друг имот на Економскиот факултет во Скопје 2010 год. (0,5)<br>• член на Комисијата за давање забелешки на правилниците за студиски програми, за критериумите и правилата за запишување студенти во прв и втор циклус и за донесување на студиски програми доставени од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, април 2009 (0,5) | |
| | | **Вкупно** | 17,50 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,00 |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 42,02 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 17,50 |
| **Вкупно** | **116,52** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, с.р.

2. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

3. Проф. д-р Анита Циунова – Шулеска, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИЗИЧКАТА ГЕОГРАФИЈА (ХИДРОЛОГИЈА, ПОТАМОЛОГИЈА, ЛИМНОЛОГИЈА) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 28.11.2013 година, а по предлог на Институтот за географија, донесе Одлука бр. 07-1891/3 од 10.12.2013 година со која сме одредени за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на физичката географија (хидрологија, потамологија, лимнологија), на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет.

На распишаниот конкурс објавен во весникот "Дневник"и "Коха" на 25.10.2013 година се пријави само кандидатот д-р Иван Радевски, асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија во состав: д-р Михаило Зиков, редовен професор на Институтот за географија при Природно математичкиот факултет во Скопје, д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија при Природно математичкиот факултет во Скопје, врз основа на сета потребна и приложена документација од кандидатот д-р Иван Радевски, како и од личното познавање и следење на неговата досегашна наставно-научна активност, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **Биографски податоци**

Кандидатот д-р Иван Радевски е роден 14.2.1984 година во Битола, каде што завршил основно и средно образование. На Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за географија се запишал во учебната 2002/2003 година. Во текот на студирањето, во 2005 година, Иван Радевски учествувал на натпреварите на 32. Приматијада која се одржала во Будва (Црна Гора), каде што го освоил првото место по географија во конкуренција на девет универзитети. Дипломирал во рок од 3 години и осум месеци, на 10.7.2006 година со просек 9,00 и се стекнал со академско звање-дипломиран професор по географија. Прогласен е за најдобар студент на генерацијата во академската 2005/2006 година и е соодветно награден.

Во јануари 2007 година се запишал на постдипломските студии по физичка географија-хидрологија, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, а ги завршил на 15.10.2010 година кога го

одбранил магистерскиот труд под наслов „Големите води во горниот дел на Црна Река", и со што се стекнал со академската титула магистер на географски науки.

Докторската дисертација со наслов „Хидрологија и водостопански проблеми во сливот на Крива Река" ја одбранил на 8.7.2013 година и се стекна со академската титула доктор на географски науки.

На 28.12.2006 година Иван Радевски е избран за помлад асистент, а на 29.10.2011 година е повторно избран за помлад асистент на Институтот за географија по група предмети од физичката географија (хидрологија, водни ресурси, лимнологија, хидрологија на реки, лавини, хидрологија на мочуришта и физичка географија на Република Македонија). Во звањето асистент е избран на 4.7.2011 година.

**Наставна дејност**

Кандидатот д-р Иван Радевски држел вежби по следниве предмети: картографија, географија на природни ресурси, физичка географија на Република Македонија, регионална географија, хидрологија, општа хидрологија, водни ресурси, лимнологија, хидрологија на реки, лавини, хидрологија на мочуришта, основи на географија и географски аспекти за заштита на животната средина, а бил ангажиран и како член во комисии за одбрана на дипломски работи, редовно учествува во изведување на теренска настава со студентите и активно се вклучува при изведувањето на други теренски активности со студентите.

Следејќи ја неговата работа, рецензентите имаат можност да ја нагласат неговата трудољубивост, неговото постојано залагање за перманентно продлабочување на знаењата и неговиот однос кон студентите кој се одликува со тактичност, контактибилност и меѓусебно разбирање. Исто така би сакале да потенцираме дека тој кон обврските секогаш се однесува одговорно, совесно и исполнително.

**Научноистражувачка дејност**

Од почетокот на неговото вработување, асис. Иван Радевски континуирано се занимава со научноистражувачка дејност и тоа посебно со проучување на проблематиката од областа на хидрологијата, што го потврдува и списокот на трудови (во прилог) во кои тој заедно со други автори учествува во нивното изработување и нивната презентација на научни собири.

1. Радевски И. (2008): Основни карактеристики на вештачката акумулација “Стрежево” со анализа на приливот-одливот на водата за периодот 2000-2004. Геогр. раз. кн.41-42, стр. 77-86, Скопје.
2. Горин С., Радевски И. (2008): Сливот на реката Лакавица, хидрографско-хидролошки карактеристики и картографска анализа. Билтен за физичка географија бр. 5, стр. 101-125, Скопје.

3. Василески, Д., Радевски, И. (2009): Причини и последици од појавата на лизгалишта во Долна и Мала Река во сливот на реката Радика. Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум “Географијата и одржливиот развој”, 22-25.10.2009 година, стр.63-71. Охрид. 2
4. Василески, Д., Радевски, И. (2010): Одредување на веројатноста од појавата на протек помал или еднаков на 200 л/с на Водомерната станица “Доленци” на Црна Река со употреба на Биномната распределба. Геогр. Збор. кн. 38, стр. 31-36. Скопје.
5. Павлов, К., Василески, Д., Радевски, И. (2010): Режим на подземните води во Струмичката Котлина. Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, стр. 65-70, Дојран. 1.8
6. Василески, Д., Радевски, И., Златаноски, В., (2010): Хидрографско-хидролошки карактеристики на реката Жаба. Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, стр. 41-50, Дојран. 1.8
7. Василески, Д., Радевски, И., Златаноски, В. (2011): *Езеро Тулана*. Билтен за физичка географија бр. 7/8, стр. 5-14, Скопје.
8. Василески, Д., Радевски, И. (2011): Одредување на веројатноста од појавата на протек поголем или еднаков на 40 м$^3$/с на Водомерната станица “Доленци” на Црна Река со употреба на Поасоновата распределба. Геогр. раз. кн. 44-45, стр. 21-26, Скопје.
9. Vasileski, D., Radevski, I. (2011): Implementation of Gauss function in determing probability of floods at the gauge station “Dolenci” on the Crna Reka in Republic of Macedonia. International scientific journal Geographica Pannonica, Volume 15, Issue 4, 113-118. Faculty of science, Department of Geography, Tourism and Hotel management, Novi Sad.
10. Vasileski, D., Radevski, I., Milevski, J., Todorovska, S. (2012): Precipitation regime of water basin Kriva Reka. The Fifth International Scientific Conference BALWOIS 2012, 28 May-2 June 2012, Ohrid.
11. Василески, Д., Радевски, И. (2013): Одредување на веројатноста од појавата на големите води на водомерната станица “Доленци” на Црна Река. Годишен зборник. кн. 39-40, стр. 40-54, Скопје.
12. Milevski, I., Gorin, S., Markoski, B. & Radevski, I. (2013): Comparison of accuracy of DEM’s available for the Republic of Macedonia, International proceedings in geography, The 3rd International Geography Symposium, Kemer, Antalya, Turkey.

Кандидатот самостојно и многу успешно работел особено на изучување на проблематиката на некои вештачки акумулации, посебно на приливот и одливот на вода во нив и на хидрографско-хидролошките карактеристики и проблеми во сливот на Крива Река. Добиените резултати може да се констатира дека имаат голема научна и апликативна вредност бидејќи тие можат да претставуваат појдовна основа при давањето на одредени насоки и одговори на круцијални прашања кои во дотичната област треба да се решат во наредниот период.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Следејќи ја целокупната досегашна активност на д-р Иван Радевски, со задоволство можеме да констатираме дека тој успешно и со голема одговорност пристапува кон работните задачи во наставно-научниот процес, односно покажува висок квалитет при извршувањето на наставните задолженија, има коректен однос кон студентите и колегите и секогаш е подготвен за помош и соработка. Ова и постигнатите резултати во научноистражувачката работа од областа на хидрологијата несомнено покажуваат дека тој се одликува со научна зрелост и исклучителна сестраност.

Врз основа на постигнатите резултати и личното познавање на кандидатот може да се заклучи дека тој ги исполнува сите услови за избор во звањето доцент. Затоа, на Рецензентската комисија и претставува посебна чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му предложи кандидатот д-р Иван Радевски да биде избран во звањето доцент по група предмети од областа на физичката географија (хидрологија, потамологија, лимнологија), на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Михаило Зиков, редовен професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, с.р.

**АНЕКС2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Иван Кирил Радевски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Природно-математички факултет, Институт за географија**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **географија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби [неделен фонд x работни недели x 0,03]<br>Зимски 2006<br>Хидрологија 3 групи *3 часа 9 часа<br>Географија на природни ресурси 1 час<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Летен 2007<br>Хидрологија 3 групи *3 часа 9 часа<br>Географија на природни ресурси 1 час<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Зимски 2007<br>Хидрологија 2 групи *4 часа 8 часа<br>Географија на природни ресурси 1 час<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Летен 2008<br>Хидрологија 2 групи *4 часа 8 часа<br>Географија на природни ресурси 1 час<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Водни ресурси 2 часа<br>Зимски 2008<br>Општа хидрологија 2 групи *2 часа 4 часа<br>Структурна геоморфологија 2 групи *2 часа 4часа<br>Основи на картографија за екологија 1 час<br>Лимнологија 2 часа<br>Летен 2009<br>Водни ресурси 2 часа<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Карстологија 2 часа<br>Хидрологија на мочуришта 2 часа | 60,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Зимски 2009<br>Општа хидрологија 2 групи*2 часа 4 часа<br>Географија на Европа 2 часа<br>Лимнологија 2 часа<br>Летен 2010<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Социо-економска географија на Република 2 часа<br>Македонија 2 часа<br>Хидрологија на мочуришта 2 часа<br>Лавина<br>Зимски 2010<br>Општа хидрологија 2 групи*2 часа 4 часа<br>Лимнологија 2 часа<br>Клима на земјата 2 часа<br>Летен 2011<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Хидрологија на мочуришта 2 часа<br>Лавина 2 часа<br>Зимски 2011<br>Хидрологија 2 групи * 4 часа 8 часа<br>Лимнологија 2 часа<br>Организирање и изведување на теренски 2 часа<br>истражувања<br>Летен 2012<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Лимнологија 2 часа<br>Туризмот и заштита на животната средина 2 часа<br>Зимски 2012<br>Хидрологија 2 групи * 4 часа 8 часа<br>Регионална географија 2 часа<br>Педогеографија 2 часа<br>Заштита на животна средина 2 часа<br>Летен 2013<br>Физичка географија на Република Македонија 2 часа<br>Лимнологија 2 часа<br>Туризмот и заштита на животната средина 2 часа<br>(135 часа * 15 * 0,03 поени) | |
| 2 | **Подготовка на нови вежби**<br><br>1. Картографија (наставна насока)<br>2. Регионална географија (наставна насока)<br>3. Основи на картографија (биологија-екологија)<br>4. Ерозија на земјиштето (насока: ГИС)<br>5. Хидрологија (наставна насока)<br>6. Организирање и изведување на теренски истражувања (нас.: демографија)<br>7. Потамологија (наставна нас.) | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | 8. Лимнологија (наставна нас.)<br>9. Водни ресурси (наставна нас.)<br>10. Географија на природни ресурси (наставна нас.)<br>11. Мочуришта (наставна нас.)<br>12. Лавини (наставна нас.)<br>13. Социо-економска географија на Република Македонија (наставна нас.)<br>14. Физичка географија на Република Македонија (наставна нас.)<br>15. Географија на Европа (наставна нас.)<br>16. Географија на Африка (наставна нас.)<br>17. Биогеографија (наставна нас.)<br>18. Основи на географијата (наставна нас.)<br>19. Туризмот и заштита на животна средина (нас.: туризам)<br>20. Бањски туризам (нас.: туризам)<br>21. Клима на земјата (наставна нас.)<br>22. Структурна геоморфологија (наставна нас.)<br>23. Карстологија (наставна нас.)<br>24. Политичка географија (наставна нас.)<br>(24 вежби * 0,5 поени) | |
| 3 | **Консултации со студенти**<br><br>1. Зимски семестар 2006 217 * 0.002<br>2. Летен семестар 2007 217 * 0.002<br>3. Зимски семестар 2007 260 * 0.002<br>4. Летен семестар 2008 260 * 0.002<br>5. Зимски семестар 2008 137 * 0.002<br>6. Летен семестар 2009 319 * 0.002<br>7. Зимски семестар 2009 121 * 0.002<br>8. Летен семестар 2010 99 * 0.002<br>9. Зимски семестар 2010 83 * 0.002<br>10. Летен семестар 2011 132 * 0.002<br>11. Зимски семестар 2011 46 * 0.002<br>12. Летен семестар 2012 187 * 0.002<br>13. Зимски семестар 54 * 0.002 | 17,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2012<br>14. Летен семестар<br>2013 181 * 0.002<br>(2313 * 0,002 поени) | |
| 4 | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа**<br>Период 2007 – 2013, член на комисија во 39 дипломски работи<br>(39 * 0,1 поени) | 3,9 |
| | **Вкупно поени** | **93,7** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во национален научен проект**<br>1. Комплексни географски проучувања на поречијата на Бабуна и Тополка. ПМФ-Институт за географија, 2011-2013.<br>(1*3поени) | 3 |
| 2 | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>1. Estimation of contemporary (erosional-denudation) geomorphological processes on Ograzden, Malesevo and Vlaina Mountain and their relation with land-use change. Билатерален проект со Бугарија, МОН на РМ, 2008-2010.<br>(1*5 поени) | 5 |
| 3 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание<br>1. Василески, Д., Радевски, И. (2013): Одредување на веројатноста од појавата на големите води на водомерната станица “Доленци” на Црна Река. Год. збор. кн. 39-40, стр. 40-54, Скопје.<br>2. Василески, Д., Радевски, И. (2011): Одредување на веројатноста од појавата на проток поголем или еднаков на 40 м$^3$/с на Водомерната станица “Доленци” на Црна Река со употреба на Поасоновата распределба. Геогр. раз. кн. 44-45, стр. 21-26, Скопје.<br>3. Василески, Д., Радевски, И., Златаноски, В. (2011): Езеро Тулана. Билтен за физичка географија бр. 7/8, стр. 5-14, Скопје.<br>4. Василески, Д., Радевски, И. (2010): Одредување на | 22,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | веројатноста од појавата на протек пом,ал или еднаков на 200 л/с на Водомерната станица “Доленци” на Црна Река со употреба на Биномната распределба. Геогр. Збор. кн. 38, стр. 31-36. Скопје.<br>5. Горин С., Радевски И. (2008): Сливот на реката Лакавица хидрографско-хидролошки карактеристики и картографска анализа. Билтен за физичка географија бр. 5, стр. 101-125, Скопје.<br>6. Радевски И. (2008): Основни карактеристики на вештачката акумулација “Стрежево” со анализа на приливот-одливот на водата за периодот 2000-2004. Геогр. раз. кн.41-42, стр. 77-86, Скопје.<br>(4+3.6+3.6+4+3,6+3.6=22,4 поени) | |
| 4 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/ стручен собир**<br>1. Василески, Д., Радевски, И., Златаноски, В., (2010): Хидрографско-хидролошки карактеритики на реката Жаба. Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, стр. 41-50, Дојран.<br>2. Павлов, К., Василески, Д., Радевски, И. (2010): Режим на подземните води во Струмичката Котлина. Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, стр. 65-70, Дојран.<br>3. Василески, Д., Радевски, И. (2009): Причини и последици од појавата на лизгалишта во Долна и Мала Река во сливот на реката Радика. Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум “Географијата и одржливиот развој”, 22-25.10.2009 година, стр.63-71. Охрид.<br>(1.8+1.8+2=5,6 поени) | 5,6 |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>1. Vasileski, D., Radevski, I. (2011): Implementation of Gauss function in determing probability of floods at the gauge station “Dolenci” on the Crna Reka in Republic of Macedonia. International scientific journal Geographica Pannonica, Volume 15, Issue 4, 113-118. Faculty of science, Department of Geography, Tourism and Hotel management, Novi Sad.<br>(2,7 поени) | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>1. Ivica Milevski, Svemir Gorin, Blagoja Markoski, Ivan Radevski (2013). Comparison of accuracy of DEM's available for the Republic of Macedonia, International proceedings in geography, The 3rd International Geography Symposium, Kemer, Antalya, Turkey<br>2. Vasileski, D., Radevski, I., Milevski, J., Todorovska, S. (2012): Precipitation regime of water basin Kriva Reka. The Fifth International Scientific Conference BALWOIS 2012, 28 May-2 June 2012, Ohrid.<br>(2.4 поени) | 2,4 |
| 7 | **Секциско предавање на научен/стручен собир**<br><br>1. Стручен семинар за наставниците и професорите по географија во основните и средните училишта. Македонско географско друштво, 16.3.2013 во Скопје.<br>(1 поен) | 1 |
| 8 | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>1. The Fifth International Scientific Conference BALWOIS 2012, 28 May-2 June 2012, Ohrid.<br>(2 поена) | 2 |
| 9 | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br><br>1. IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10.10.2010, Дојран (усна презентација).<br>2. Меѓународен научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој" 22-25.10.2009, Охрид (усна презентација).<br>(1+1 поен) | 2 |
| | **Вкупно поени** | **46,1** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Дизајн или изработка на информациски систем**<br>1. Изработка на веб-страница на Заводот за физичка географија и нејзино тековно одржување - 2008, 2009, 2010, 2011 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | (4*1 поени) | |
| 2 | **Учество во работата на комисии за државни натпревари**<br>1. Учество во работа на комисии за државни натпревари по географија во 2010, 2011, 2012 година<br>2. Учество во работа на комисии за регионални натпревари по географија, 2010, 2011, 2012 година<br>3. Член на Комисија на натпреварите организирани од Народна техника - 2008, 2009<br>(8*1 поен) | 8 |
| 3 | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**<br>1. Учество на Саем за високо образование - 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012<br>2. Учество на отворен ден на ПМФ - 2009, 2010, 2011<br>3. Изработка на промотивен материјал "Флаер" за насоките физичка географија со геоекологија на Институтот за географија<br>(11*0.5 поени) | 5,5 |
| 4 | **Член на факултетска комисија**<br>1. Член во Комисија за јавни набавки - 2008, 2009, 2010, 2011, 2012<br>2. Комисија за расходување и отуѓување на имот - 2008, 2009<br>3. Член на Пописна комисија - 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012<br>(13*0.5 поени) | 6,5 |
| 5 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>1. Член на организационен одбор на научниот симпозиум со меѓународно учество "Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година.<br>2. Член на организациониот одбор на меѓународниот научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој", Охрид, 2009 година<br>3. Член на организациониот одбор на „Проблеми и перспективи на ридско-планинските подрачја", Охрид, 2013 година<br>(3*1поен) | 3 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 6 | 1. Техничко уредување на Билтен за физичка географија бр. 5 -2008.<br>2. Техничко уредување на Билтен за физичка географија бр. 6 -2009. | 8,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Техничко уредување на Билтен за физичка географија бр. 7/8 -2011.<br>4. Техничко уредување на Зборник на апстракти од меѓународниот научен симпозиум "Руралниот простор во новите развојни услови", 30.III-1.IV 2006, Охрид.<br>5. Техничко уредување на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум "Руралниот простор во новите развојни услови", 30. III-01.IV 2006, Охрид.-том 1;<br>6. Техничко уредување на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум "Руралниот простор во новите развојни услови", 30. III-1.IV 2006, Охрид.-том 2;<br>7. Техничко уредување на Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум "Географијата и одржливиот развој", 22-25.10 2009, Охрид.<br>8. Учество во подготовка на наставен план по насоката Физичка географија со геоекологија (I циклус)-студии по географија, 2010.<br>9. Учество во подготовка на наставен план по насоката Физичка географија со геоекологија (II циклус)-студии по географија, 2010.<br>10. Техничка обработка со картографски, графички, статистички и јазични дела во:<br>11. Монографија - Пелистерски Езера (Д. Василески)<br>12. Монографија – Водопадите на Ростушка Река и Реката Битушница (Д. Василески).<br>13. Монографија - Билјанин Слап (Д. Василески).<br>14. Монографија - Смоларски Водопад - (Д. Василески).<br>15. Монографија - Колешински Слап - (Д. Василески).<br>16. Монографија – Планински Езера на Јабланица - (Д. Василески).<br>17. Монографија – Планински Езера на Дешат - (Д. Василески).<br>(18*0.5 поени) | |
| | **Вкупно поени** | **35,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 93,7 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 46,1 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 35,5 |
| **Вкупно поени** | 175,3 |

**Членови на комисијата**

1. Д-р Михаило Зиков, редовен професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, претседател  с.р.

2. Д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, член с.р.

3. Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, член с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ПРИМЕНЕТАТА МАТЕМАТИКА И ИНФОРМАТИКАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Првилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет во Скопје, како и согласно со Законот за високото образование, на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје одржана на 30.11.2013 година, избрани сме за членови во Комисијата за избор на еден насловен доцент во сите звања од областа на применетата математика и информатиката на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет.

По разгледувањето на приложените документи на конкурсот објавен во „Дневник“ и „Коха“ на 25.10.2013, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Александар Печков е роден на 27.2.1980 година во Кавадарци. Основното и средното образование го завршил во Кавадарци. Во учебната 1998/99 година се запишал на студиите по математика, теориска насока, на ПМФ во Скопје. Дипломирал во 2004 година.

Како средношколец учествувал на македонските математички олимпијади, каде што освоил повеќепати златен медал. Учествувал и на меѓународните математички олимпијади, каде има освоено бронзен медал, и на балканските математички олимпијади, каде што има освоено сребрен медал.

Извршувал работни задачи како демонстратор на Институтот за математика при ПМФ во периодите од 1.2.2004 до 30.6.2004 и 1.2.2005 до 30.6. 2005, и како соработник во периодот 1.2.2012 до 30.6.2012 и од 1.10.2012 до 1.5.2013. Во овие периоди изведувал вежби по повеќе предмети.

Учествувал во комисии за државни натпревари и олимпијади по математика за ученици од основно и средно образование.

На 1.10.2005 се запишал на постдипломски студии на Институтот Jozef Stefan International Postgraduate School во Љубљана, Словенија. Во октомври 2012 ја одбранил својата докторска дисертација со наслов „A machine learning approach to polynomial regression“ и се стекнал со титулата доктор на информатички науки. Во периодот од 1.10.2005 до 1.10.2008 работел на истражувачки проекти од области на: компјутерски науки, податочно рударење, машинско учење, специјално, машинско отркривање на равенки.

Објавувал трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и учествувал на меѓународни конференции со свои секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество.

**Објавени трудови:**

а) во научни списанија

[1] Pečkov, A.; Džeroski, S.; Todorovski L. A minimal description length scheme for polynomial regression. Lecture Notes in Computer Science 5012, 284–295 (2008)

[2] Laganis, J.; Pečkov, A.; Debeljak, M. Modeling radial growth increment of black alder (Alnus glutionsa (L.) Gaertn.) tree. Ecological Modelling 215, 180–189 (2008)

б) во зборници од конференции

[3] Pečkov, A.; Todorovski, L.; Džeroski, S. Proper versus ad-hoc MDL principle for polynomial regression. In: Proc. Ninth International Multi-Conference Information Society. 263–266 (Jožef Stefan Institute, Ljubljana, Slovenia, 2006)

[4] Pečkov, A.; Džeroski, S.; Todorovski, L.; Ljubič, P. Improving the heuristic solver for polynomial equations - CIPER. In: Proc. Second Balkan Conference on Informatics. 397–404 (Institute of Informatics, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje, Macedonia, 2005)

[5] Pečkov, A.; Todorovski, L.; Džeroski, S. Multitarget polynomial regression with constraints. In: Proc. International Workshop on Constraint-Based Mining and Learning (held at ECML/PKDD 2007). 61–72 (Warsaw University of Technology, Warsaw, Poland, 2007)

в) други трудови

[6] Sasko Ristov, Aleksandar Peckov, Machine Learning Approach for Early Detection of Cardiovascular Deceases (CVD), ICT Innovations 2010, Web proceedings

Има изработено повеќе нови софтверски пакети: Систем за финансиско и материјално книговотство, Специјалистички системи за водење на повеќе оделенија во воена болница, Скопје; Систем за автоматско учење на полиномни и рационални функции од податоци; Развој на оперативни слики за уреди во рудната индустрија, систем за водење на рудната индустрија (MineOffice). Моментално работи на развој на системи за симулација на рудници.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Александар Печков е коавтор на повеќе објавени трудови во научни списанија и зборници на трудови, но располага и со големи практични знаења од областа на приментата математика и информатиката што се потврдува со софтверските пакети кои ги има изработено и кои се користат во секојдневната работа во и надвор од нашата земја.

Му предлагаме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го избере д-р Александар Печков за насловен доцент од областа на применетата математика и информатиката на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Никита Шекутковски, редовен професор, претседател, с.р.
2. Д-р Дончо Димовски, редовен професор, член, с.р.
3. Д-р Ирена Стојковска, доцент, член, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**: Печков Благој Александар**
**(***презиме, татково име и име*)
Институција**: Природно-математички факултет/Институт за математика**
(*назив на факултетот/институтот*)
Научна област**: применета математика и информатика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Вежби 1 циклус студии, ПМФ, 2 семестар 2004 година (8 часа) | 3,6 |
| 2. | Вежби 1 циклус студии, ПМФ, 2 семестар 2005 година (6 часа) | 2,7 |
| 3. | Вежби 1 циклус студии, ПМФ, 1 семестар 2012 година (8 часа) | 3,6 |
| 4. | Вежби 1 циклус студии, ПМФ, 2 семестар 2012 година (12 часа) | 5,4 |
| 5. | Вежби 1 циклус студии, ПМФ, 1 семестар 2013 година (13 часа) | 5,85 |
| 6. | Подготовка на нов предмет, вежби (Арх. на компј. и оперативни системи) | 0,5 |
| 7. | Подготовка на нов предмет, вежби (компјутерска графика) | 0,5 |
| 8. | Консулатации со студенти, ПМФ, 2 семестар 2004 година (55 студенти) | 0,11 |
| 9. | Консулатации со студенти, ПМФ, 2 семестар 2005 година (45 студенти) | 0,09 |
| 10. | Консулатации со студенти, ПМФ, 1 семестар 2012 година (60 студенти) | 0,12 |
| 11. | Консулатации со студенти, ПМФ, 2 семестар 2012 година (40 студенти) | 0,08 |
| 12. | Консулатации со студенти, ПМФ, 1 семестар 2013 година (50 студенти) | 0,1 |
| 13. | Рецензент на универзитетски учебник (Компјутерска графика од д-р Силвана Петрушева) | 1 |
| 14. | **Вкупно** | **23,56** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во меѓународен научен проект (Inductive Queries for Mining Patterns and Models) | 5 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор Pečkov, A.; Džeroski, S.; Todorovski L. A minimal description length scheme for polynomial regression. Lecture Notes in Computer Science 5012, 284–295 (2008) | 4,8 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор Laganis, J.; Pečkov, A.; Debeljak, M. Modeling radial growth increment of black alder (Alnus glutionsa (L.) Gaertn.) tree. Ecological Modelling 215, 180–189 (2008) | 7,2 |
| 4. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор Pečkov, A.; Todorovski, L.; Džeroski, S. Proper versus ad-hoc MDL principle for polynomial regression. In: Proc. Ninth International Multi-Conference Information Society. 263–266 (Jožef Stefan Institute, Ljubljana, Slovenia, 2006). | 2,4 |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Pečkov, A.; Džeroski, S.; Todorovski, L.; Ljubič, P. Improving the heuristic solver for polynomial equations - CIPER. In: Proc. Second Balkan Conference on Informatics. 397–404 (Institute of Informatics, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje, Macedonia, 2005) | |
| 6. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Pečkov, A.; Todorovski, L.; Džeroski, S. Multitarget polynomial regression with constraints. In: Proc. International Workshop on Constraint-Based Mining and Learning (held at ECML/PKDD 2007). 61–72 (Warsaw University of Technology, Warsaw, Poland, 2007). | 2,4 |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Sasko Ristov, Aleksandar Peckov, Machine Learning Approach for Early Detection of Cardiovascular Deceases (CVD), ICT Innovations 2010, Web proceedings | 2,7 |
| 8. | 4 секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (бр. 4-7) | 8 |
| 9. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:<br>The 18 european conference on machine learning and the 11 european conference on principles and practice of knowledge discovery in databases, september 21, 2007<br>Warsaw, Poland | 1 |
| | **Вкупно** | **35,3** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **ред. бр.** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| | Учество во комисии за државни натпревари по математика за основно образование (4 години) | 4 |
| | Учество во комисии за државни натпревари по математика за средно образование (4 години) | 4 |
| | Учество во комисии за македонска математичка олимпијада (5 години) | 5 |
| | Учество во комисии за Јуниорска Македонска математичка олимпијада (5 години) | 5 |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот (3 години) | 1,5 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Систем за финансиско и материјално книговотство - 2004 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Специалистички систем за оделот радиологија - Воена болница - Скопје - 2004 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Специалистички систем за клиничка лабораторија - Воена болница - Скопје - 2004 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Специалистички систем за оделот микробиологија - Воена болница - Скопје - 2004 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Architecture and development of a machine-learning algorithm that automatically learns polynomial and rational functions from data. – 2009 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Architecture design and development of SMARTS1 - Image for Panasonic and Dlog tablets used in the minning industry – 2012 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Development on MineOffice - software for the mining industry | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>SmartSim - Design and development of simulation systems for the mining industry - 2013 | 2 |
| | Изработка на нов софтверски пакет<br>Scheduling sistem for the mining industry | 2 |
| | Студиски престој во странство<br>Интерншип во истражувачки проект во „Филипс“ - 3 месеци | 0,5 |
| | Уредник на стручно списание „Сигма“ (4 години) | 8 |
| | **Вкупно** | **28,08** |
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | Поени |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | **23,56** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | **35,3** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | | **28,08** |
| | **Вкупно** | **86,94** |

## Членови на Комисијата

1. Д-р Никита Шекутковски, редовен професор, претседател, с. р.
2. Д-р Дончо Димовски, редовен професор, член, с. р.
3. Д-р Ирена Стојковска, доцент, член, с. р.

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на**
**ЈНУ Институт за македонски јазик Крсте Мисирков - Скопје**

**Студиска програма Македонистика со комуникологија**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Маја Ѓ. Тефова | Влијанието на воспитно-образовниот процес врз јазичниот израз на средношколската младина во Неготино<br><br>The influence of the educational process in the language ehpression of the high school in Negotino | проф. д-р Снежанка Веновска-Антевска |
| 2 | Елизабета Кузмановска | Критичка анализа на дискурсот на информативната програма на МТВ<br><br>Critical analysis of MTV's News Programme discourse | проф. д-р Елена Јованова-Грујовска |

П Р Е Г Л Е Д
На теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје
на седницата одржана на 13.12.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Емилија Костадиновска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: Авулзија на заб –Информираност и потреба за едукација.<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: Avulsion of Toot-Need for information and education. | Проф. д-р Мира Јанкуловска |
| Кристијан Шуков | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: Влијанието на техниката на четкање врз орално хигиенскиот статус кај пациентите со фикснопротетички надоместоци.<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: The influence of tooth brushing techniques on the oral hygienic status on patients with fihed prosthodontics. | Проф. д-р Билјана Капушевска |
| Фадиљ Азизи | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: Влијанието на фиксно протетските надоместоци врз пародонталното и денталното здравје.<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: The influence of fixed prosthetic appliances on periodontal and dental health. | Проф. д-р Мирјана Поповска |

П Р Е Г Л Е Д
На теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје
на седницата одржана на 27.12.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Елена Митушевска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: Влијанието на плунката на застапеноста на денталниот кариес.<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: The influence of saliva on dental caries prevalence. | Проф. д-р Мира Јанкуловска |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО КРИВИЧНИТЕ ЗАКОНОДАВСТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА, ОД М-Р ЈЕТМИРЕ ЗЕЌИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 1.11.2013 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот ***м-р Јетмире Зеќири*** под наслов: ***Трговијата со луѓе во кривичните законодавства на Република Македонија и Република Албанија,*** во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Никола Тупанчески проф. д-р Гордана Бужаровска и доц. д-р Беса Арифи. Одлуката со која е формирана Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација е заведена под бр.02-1215/64 од 1.11.2013 година.

Комисијата ја прочита, ја разгледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација изработена од м-р Јетмире Зеќири под наслов: ***Трговијата со луѓе во кривичните законодавства на Република "Македонија и Република Албанија*** опфаќа текст од 241 страници во компјутерска техника. Материјата е систематизирана во предговор, вовед, шест глави и заклучок, а деловите на точки и потточки со наслови и поднаслови.

Во воведот (стр. 8-12), кандидатот ги претставува предметот, целите и хипотетската рамка на истражувањето. Определбата за третирање на оваа проблематика според кандидатот, ја образложува самата актуелност, загриженоста на општеството за недозволената трговија со луѓе и нејзината заштита од овој злосторнички акт.

Идејата за изработка на оваа докторска дисертација авторот ја темели врз потребата од усогласување на македонското и албанското законодавство поврзано со трговијата со луѓе и илегалната миграција со европските и светските стандарди и за нивна ефективна примена на територијата на Р. Македонија и Р. Албанија. Според авторот на трудот, меѓународните акти не можат да бидат сеопфатни, затоа освен ратификација и прифаќање на овие акти, државите треба да донесат свои правни норми зависно од нивните специфики и во согласност со меѓународните стандарди. Затоа, предмет на истражување во оваа докторска дисертација е правната рамка на кривичните дела од областа на недозволената трговија според националните норми со посебен акцент во кривичното законодавство на Р. Македонија и на Р. Албанија, како и истражувањето на овие појави според меѓународните документи.

Според авторот на трудот, темната бројка на овој криминал е огромна, посебно во

земјите од ЈИЕ. Токму овде се пројавува и неговиот интерес и на еден начин, научната оправданост, за обработка на оваа тема. Пропустите кои секојдневно се прават во поглед на спречувањето на трговијата со луѓе не би можел да се препише само на законската регулатива. Пропустите кои ги имаат Кривичните закони на земјите од регионот се надминати со измените кои ги претрпеа тие во изминативе години, но сепак, тие недоволно или неадекватно се имплементирани во пракса. Истражувањето има посебен дел на анализа на законодавството на Р. Македонија и Р. Албанија во врска со трговијата со луѓе паралелно со меѓународните конвенции и документи донесени во врска со ова прашање. Исто така, во посебен дел се дава и компаративна анализа на искуствата на земјите од ЈИЕ, се со цел да се овозможи користење на новините предвидени во странските законодавства. Истражувањето има и практичен дел во кој се анализираат собираните податоци во врска со трговијата со луѓе и односот на државните органи кон ова дело, со што се дава веродостојна слика за реалноста во Р. Македонија и Р. Албанија за ова прашање. Од тие причини, кандидатот ја поставува основната хипотеза на оваа дисертација, а тоа е дека третирањето на криминалот трговија со луѓе, како и положбата на жртвата од овој вид на криминал во законодавството на земјите на ЈИЕ, како и на Р. Македонија и Р. Албанија, значително се менува и се усогласува со стандардите од поразвиените демократии и на земјите на Европската унија, но, сепак, останува уште многу да се работи во имплементирање во практика на законите сѐ со цел за да се достигне посакуваното ниво на резултати од справувањето со овие феномени. За да може да се оствари поставената цел и да се даде одговор на поставените прашања, кандидатот м-р Јетмире Зеќири, со оглед на мултидимензионалниот пристап при нејзината обработка трудот го сублимира во шест глави и на крајот дава заклучок.

Првата глава „Поим на криминалот трговија со луѓе“ (стр.13-43), методолошки е конципирана во 4 наслови и во 14 поднаслови; кандидатот во неа ја истражува историската рамка на почетокот и развојот на криминалниот феномен на недозволената трговија со луѓе, современите форми на трговија со луѓе, причините за криминалот трговија со луѓе денес, како и меѓународната поставеност на недозволената трговија со луѓе и Протоколот за криумчарење мигранти. За полесно разбирање, авторот дава осврт на овие прашања. Авторот анализата ја фокусира и врз еволутивниот развој на трговијата со луѓе како и нивните форми од раното општевство до денес. М-р Јетмире Зеќири во својот труд детално се посветува на законската поставеност на оваа проблематика, со што на еден системски начин и мошне прегледно овозможува да се здобиеме со реална слика за постојните аномалии кои треба да се отстранат.

Втората глава „Меѓународни договори за спречување на трговијата со луѓе и за човекови права“, (стр.45-61) е концептирана во четири наслови и седум поднаслови, во кои авторот ги презентира поважните меѓународни договори, конвенции и протоколи на ОН за трговија со луѓе и криумчарењето мигранти како и правото на ЕУ и новиот Лисабонски договор. Во првиот наслов, м-р Јетмире Зеќири ги наведува сите поважни меѓународни договори за спречување на трговијата со луѓе и за човекови права, како и меѓународните договори за транснационален организиран криминал, трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Преку вториот наслов, м-р Јетмире Зеќири ни ги претставува сите конвенции за трговија со луѓе на ООН, конвенции на ОН против транснационален организиран криминал (УНТОК), Протоколот на ОН за трговија со луѓе, како и Протоколот на ОН за криумчарење мигранти. Во третиот наслов кандидатот ги набројува

сите конвенции за трговијата со луѓе на Советот на Европа, додека во четвртиот наслов го презентира правото на ЕУ и новиот Лисабоски договор.

Третата глава „Трговијата со луѓе во земјите на Југоисточна Европа“ (стр.64-102) е поделена на осум наслови и триесет и три поднаслови во кои авторот ја истражува практиката на државите од ЈИЕ и на земјите од регионот. Авторот најпрво ги анализира регионалните иницијативи и договори за борба против трговијата со луѓе во земјите на ЈИЕ. Понатаму одвоено се презентирани искуствата и напорите на овие земји во справувањето на тровијата со луѓе и илегална миграција почнувајќи од националните правни рамки, националните акциони планови за борба против трговијата со луѓе, градење на капацитети, соработка и вмрежување на регионално и национално ниво, имплементација на законите против трговија со луѓе, превенција и подигање на свеста као и најдобрите практики на овие земји во ова насока.

При компаративната анализа на земјите од ЈИЕ, авторот во истражувањето ни презентира дека тие вложуват максимални напори за хармонизација на нивните законодавства со оние на земјите на Европската унија, каде што впрочем и поголемиот дел на овие земји се аспиранти за зачленување. И овде, како и претходно, се извлекуваат заклучоци за потребата од хармонизација на регулативата во насока на поставената теза.

Четвртата глава „Компеpartивен преглед на законската регулатива за трговија со луѓе во Република Македонија и Република Албанија“ (стр.103-134) содржи четири наслови и дваесет и четири поднаслови во кои авторот врши детална компаративна анализа на законската регулатива за трговија со луѓе на Р Македонија и Р Албанија. Авторот најпрвин ги анализира националните правни рамки за борба против трговија со луѓе, националните легислативи, билатералните договори со земјите од ЈИЕ, билатералните договори за борба против трговија со луѓе помеѓу Р. Македонија и Р. Албанија, националните стратегии и акциски планови за борба против трговија со луѓе. Преку вториот наслов, м-р Јетмире Зеќири ни ги претставува општите правни рамки за борба против трговија со луѓе, градењето и јакнење на капацитетите, анализи, истражувања и механизми за наблудување, соработката и вмрежувањето на регионално и национално ниво како и мобилизација на ресуси во Р. Македонија и Р. Албанија. Во третиот наслов е презентирана имплементацијата на законите за борба против трговијата со луѓе во Р. Македонија и Р. Албанија. Во четвртиот наслов кандидатот ни ги претставува позитивните искуства на Р. Македонија и Р. Албанија во борба против трговијата со луѓе како и недостатоците и препораките за подобрување на националните легистлативи на двете земји.

Петтата глава „Положбата на жртвата од трговијата со луѓе и друг облик на криминал во Р. Македонија и Р. Албанија“ (стр.136-158) е поделена на седум наслови и три поднаслови во кои кандидатот м-р Јетмире Зеќири ги претставуваат историскиот аспект на положбата на жртвата од трговијата со луѓе во Р. Македонија и Р.Албанија, жртвата во Кривичниот Законик и во Уставот на Р.Македонија и Р.Албанија, законските права на жртвите од криминал и трговијата со луѓе, третирањето на жртвите од трговијата со луѓе за време на истрага од страна на соодветните институции како и правно–стручната помош за жртвите од трговијата со луѓе во Р. Македонија и Р. Албанија.

Шестата глава со наслов „Превенција и репресија на трговијата со луѓе во Р.Македонија и Р.Албанија„(стр.162-218)е поделена на десет наслови и три поднаслови во кои авторот м-р Јетмире Зеќири ги претставува напорите за заштита и подршка на жртвите од трговија со луѓе во Р. Македонија и Р. Албанија. Потоа, на детален начин

авторот дава статистички податоци за жртвите од трговијата со луѓе во двете земји како и за мерките што се преземат за превенција и репресија на трговијата со луѓе како: притворот и други превентивни мерки, времетраењето на постапката, компензација на жртвите, привремените мерки за обезбедување и конфискација на имотот, заштита на сведоци на жртвите од криминал во тек на судската постапка во Р. Македонија и Р. Албанија, подигање на ефикасноста на институциите како и стратегии за превенции н во Р. Македонија и Р. Албанија. И овде, како и претходно, се извлекуваат заклучоци за потребата од хармонизација на регуативата во насока на поставената теза, која е водечка во целиот труд.

Во заклучоците на дисертацијата се сублимираат и се презентираат теоретските и практичните заклучоци од извршеното истражување, односно се резимира сложеното прашање за трговијата со луѓе кривичното законодавство во Р. Македонија и Р. Албанија како и борбата против оваа негативна општествена појава. Воедно, во овој дел од трудот се нудат решенија за надминување на пропустите во актуелната законска легислатива во делот каде што е регулирана оваа тематика со конкретни предлози.

Од истражувањето, авторот заклучува дека во насока на спречувањето на трговијата со луѓе е потребно правилно функционирање на цел механизам од институции. Измените на законските регулативи се само почеток во формирањето на предуслови за борба против трговијата со луѓе. Усогласувањето на националните законодавства со меѓународните акти значи приближување до поразвиените држави од аспект на спремноста за борба против трговија со луѓе. Синхронизираноста на владиниот и невладиниот сектор во ваквата борба и усогласувањето на нивните политики е исто така битен фактор. Од направеното истражување во оваа докторска дисертација е констатирано перманентното подобрување на целокупното законодавство вклучено во сузбивањето на трговијата со луѓе. При анализирање на законската уреденост на материјава во државите од ЈИЕ, кандидатот констатира дека Р. Македонија и Р. Албанија се наоѓат на, донекаде, повисоко скалило, првенствено со ригорозните казни предвидени за сторителите, како и одделните ангажирања околу спречувањето на трговијата со луѓе, како законодавно така и практично. Кандидатот потенцира дека преземените активности за сузбивање на овој криминалитет се речиси генерални за сите балкански држави, вклучувајќи ги и Р. Македонија и Р. Албанија. Затоа, за остварување на подобри резултати во борба против трговијата со луѓе, нашите земји е потребно јасно да се ориентираат кон практиките на поголемите држави. Од истражувањето се доаѓа до заклучок дека меѓународната заедница преку воведување посебни стадарди се залага за поактивно ангажирање во борбата против трговија со луѓе, за обезбедување поефикасна заштита и обесштетување на жртвите на овој вид криминал. Досега се усвоиле бројни документи, со цел да ги подобрат националните легислативи и да ги зголемуват напорите против трговијата со луѓе како и положбата на жртвата и да ги гарантираат нејзините права. Тука, сепак, кандидатот потенцира дека останува да се направи уште многу за ваквите правила да прераснуваат во задолжителни обврски за државите, а не само тие да се декларираат и да се препорачува нивно почитување. Од компаративната анализа кандидатот укажува на јасните разлики кои постојат особено помеѓу законодавствата на понапредните држави, како и на државите од ЈИЕ од една страна и кривичните законодавства на Р. Македонија и Р. Албанија особено на односот кон правата на жртвите од трговија со луѓе. Кандидатот потенцира дека треба подобра едукација на професионалниот кадар кои се задолжни да се занимаваат со жртвите од криминал од првиот контакт се до завршувањето на кривичната

постапка со цел да ги познаваат законските права на жртвите, Создавање на државни и други фондови за реализација на надомест на штетата како една од главните права за жртвите,создавање на законска-правна рамка за дејствување на невладини и хуманитарни здруженија кои имаат за цел нудење и обезбедување помош за жртвите од криминал и создавање на фондови за надомест на штетата што жртвите ги претрпиле од криминал.

Кандидатот укажува дека борбата против трговијата со луѓе, како и положбата на жртвата во овие држави битно се подобри во споредба со периодот и третманот што државните институции го имаа во текот на 90-тите години.

Со овој труд кандидатот отвора нови преспективни и идентификува нови правци во кои ова истражување може да продолжи понатаму со што се покажува дека тоа не завршува со овој труд.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа пописот на користената домашна и странска литература (стр.230-241).

## II. Оцена на трудот

Авторот за предмет на својата дисертација одбра да ја анализира трговијата со луѓе во кривичното законодавство на Република Македонија и Република Албанија со цел, подобрување на ефективноста одговорните институции во борбата против трговија со луѓе како и третирањето на жртвите од овој вид на криминал.

Со зрелост на млад научник, авторот врши анализа на законодавствата на земјите од Југоисточна Европа и ги доведува во корелација со актуелната законска регулатива на Р. Македонија и Р. Албанија и нејзината мплементација во практиката. Водејќи се од предностите што би можеле да се добијат со унапредување на законската регулатива, авторот заговара нов пристап кој е во согласност со европските трендови и регулатива од оваа област како и нивно имплементирање во практика.

Сериозниот приод во проучувањето на законската регулатива од доменот на кривичното право произлегува од апликативноста, но и од практичното искуство на авторот. Познавањето на поставеноста и проблемите во скојдневното работење му дава ексклузивна можност овие стручни проблеми да ги истражува и од научна гледна точка.

Она што му дава посебна свежина на трудот и преку која авторот ја потврдува неговата теза е методот на компаративната анализа на истата тематика со неколку земји како од регионот, така и пошироко. Преку понудената теоретска и емпириска аргументација, авторот настојува да нѐ увери во меѓусебниот однос и комплементарност помеѓу потребата за промени и унапредување на постојната регулатива со светските трендови и евроатлантските стандарди од оваа област.

Докторската дисертација на м-р Јетмире Зеќири, според мислењето на Комисијата за оцена и одбрана, е самостоен научен труд преку кој авторот ја потврдува оспособеноста за самостојна научна и теоретска работа. Трудот е пишуван со јасен и разбирлив јазик и висок академски стил и од овие причини се препорачува авторот да ја објави, со што несомнено ќе се збогати не само македонската казненоправна литература, туку и албанската литература.

## III. Заклучок со предлог

Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Јетмире Зеќири, под наслов ***Трговијата со луѓе во кривичните законодавства на Република Македонија***

***и Република Албанија*** што ја формираше Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Бужаровска и доц. д-р Беса Арифи, ја прочита докторската дисертација на кандидатот под горниот наслов, ја оцени и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ му поднесува рецензентски извештај во кој ја прикажува и оценува докторската дисертација како самостоен труд на авторот, како труд што претставува научен придонес и како труд што заслужува позитивна оцена.

Врз основа на горенаведеното, на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Јетмире Зеќири и причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати овој рецензентски извештај со позитивна оцена и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

## Комисија за оцена и одбрана

1. **Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.**
2. **Проф. д-р Методија Каневчев, с.р**
3. **Проф. д-р Никола Тупанчески , с.р.**
4. **Проф. д-р Гордана Бужаровска,  с.р.**
5. **Доц. д-р Беса Арифи, с.р.**

**РЕФЕРАТ**
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА
НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО
НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 1.11.2013 година, формира Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казненопроцесно право. Комисијата е составена од: академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Матовски и проф. д-р Гордана Бужаровска.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казненопроцесно право, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 12 октомври 2013 година, се пријави д-р Гордан Калајџиев, вонреден професор. Кон пријавата, тој ги поднесе потребните документи согласно со Законот за високото образование и подзаконските акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**I. Степени на образование**

1. дипломиран правник, од 1987 год. на Правниот факултет во Скопје;
2. магистер на правни науки, од 1995 год. на Правниот факултет во Скопје;
3. доктор на правни науки, од 2004 год. на Правниот факултет во Скопје.

**II. Практично и работно искуство**

1. помлад соработник- приправник на Институтот за казнено право и криминологија на Правниот факултет во Скопје, 1987-1988 год.;
2. асистент по казнено процесно право на Правниот факултет во Скопје, 1988-2004;
3. доцент по казнено процесно право на Правниот факултет во Скопје, 2004-2009;
4. вонреден професор по казнено процесно право на Правниот факултет во Скопје, од 2009 до денес.

**III. Објавени трудови до изборот во наставно-научното звање вонреден професор**

Трудовите што кандидатот д-р Гордан Калајџиев ги објавил до изборот во наставно-научното звање доцент се рецензирани во извештајот за избор за наставник, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 861 од 15.11. 2004 година.

Трудовите што д-р Калајџиев ги објавил до изборот во наставно-научното звање вонреден професор се рецензирани во извештајот за избор за наставник, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 966 од 15.6.2009 година.

**IV. Објавени трудови по изборот во наставно-научното звање вонреден професор**

По изборот во наставно-научното звање вонреден професор, д-р Калајџиев:

1. објавил два позитивно рецензирани универзитетски учебника, едно изменето и дополнето издание на учебник, интерна скрипта за предавања и 12 научно-популарни книги кои се таксативно наведени во анексот (образецот) кон овој извештај;

2. објавил основен средношколски учебник наведен во анексот кон овој извештај;
3. учествувал во 5 национални и 2 меѓународни научни проекти кои се таксативно наведени во анексот кон овој извештај;
4. објавил 5 труда со оригинални научни резултати во научно/стручно списание, 7 труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание, 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор, 7 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир, 9 труда објавени во зборник на трудови на високообразовна институција кои се таксативно наведени во анексот кон овој извештај;
5. одржал 12 пленарни предавања на научен/стручен собир, 14 пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество и 2 секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество, кои се таксативно наведени во анексот кон овој извештај.

**V. Наставни активности на Факултетот**

По изборот во наставно-научното звање вонреден професор, д-р Калајџиев ги вршел следниве наставни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје:

1. наставник по казнено процесно право, задолжителен предмет во III година (VI семестар) на додипломските студии по право;
2. наставник по филозофија на правото, задолжителен предмет во III година (V семестар) на додипломските студии по право;
3. наставник по основни институти на јавно и приватно право, задолжителен предмет во II година (III семестар) на додипломските студии по новинарство;
4. наставник по малолетничко казнено право, задолжителен предмет на постдипломските студии по казнено право;
5. наставник по правда и внатрешни работи на ЕУ, предмет на постдипломските (мастер) студии по казнено право;
6. наставник по казнено процесно право - применета програма, предмет од модул Б на постдипломските студии по казнено право;
7. наставник по посебни казнени постапки, предмет од модул Б на постдипломските студии по казнено право;
8. наставник по криминалистика, предмет од модул Б на постдипломските студии по казнено право;
9. наставник по компаративно казнено процесно право, предмет од модул Б на постдипломските студии по казнено право.

Во периодот по избор во звањето вонреден професор, д-р Калајџиев бил:

1. ментор на 9 докторати;
2. ментор на 49 магистерски работи;
3. член на 16 комисии за оцена и одбрана на докторат;
4. член на 110 комисии за оцена и одбрана на магистратура;
5. член на 7 комисии за избор во звања.

**VI. Резултати од евалуацијата спроведена на Факултетот**

| | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | | 2012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Професорот беше солидно подготвен за настава: | 4,31 | 4,63 | 4,32 | Наставникот беше солидно подготвен за настава: | 4,41 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предавањата на професорот беа јасни: | 4,10 | 4,50 | 4,24 | Предавањата на наставникот овозможуваат совладување на испитниот материјал: | 4,16 |
| Професорот стимулираше интерес и размислување: | 3,87 | 4,36 | 3,96 | Предавањата на наставникот беа јасни: | 4,35 |
| Професорот соработуваше со студентите и ги почитуваше нивните идеи и размислувања: | 3,95 | 4,36 | 4,19 | Наставникот стимулираше интерес и размислување за предметната програма: | 4,03 |
| Професорот беше достапен за разговор и надвор од часовите во приемното време: | 3,76 | 4,26 | 3,92 | Наставникот соработуваше со студентите и ги почитуваше нивните идеи и прашања во врска со предметната програма: | 4,25 |
| Материјалот за подготовка на испитите е лесно достапен и релевантен за предметот: | 4,47 | 4,63 | 4,56 | Колку сте задоволни од односот на наставникот кон студентите: | 4,22 |
| | | | | Колку сте задоволни од интерактивниот пристап на наставникот: | 4,03 |

## VII. Други активности

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Калајџиев ги вршел следниве работи:

1. од 2013 год е раководител на магистерските студиите по казнено право;

2. учествувал во две факултетски комисии;
3. член е на уредувачки или издавачки одбор на две научно/стручни списанија;
4. бил претседател на две и член на четири работни групи за изработка на закон;
5. членува во четири комисии и тела на државни и други органи.

### VIII. Заклучок и предлог

Откако со внимание ја разгледавме пријавата, со сите прилози, објавени трудови и другите многубројни активности, Комисијата со посебно задоволство констатира:

1. Д-р Калајџиев ги исполнува пропишаните услови од Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за избор во звањето редовен професор на научната област казненопроцесно право.

2. По изборот во звањето вонреден професор, д-р Гордан Калајџиев успешно ги реализираше предвидените обврски во рамките на наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“, изведувајќи настава на првиот и на вториот циклус студии на Факултетот, како и во својство на ментор на повеќе магистранди и докторанди.

3. За успехот во реализирањето на наставно-образовниот процес говорат оцените што тој ги има добиено од евалуацијата што студентите, од каде што се гледа неговата посветеност на наставно-образовниот процес.

4. Од анексот кон овој извештај може да се забележи дека д-р Гордан Калајџиев го надминува потребниот број бодови потребни за избор во звањето редовен професор.

5. Од опусот што д-р Калајџиев го има, а којшто е детално презентиран во анексот кон овој извештај произлегува неговата посветеност на материјата на казненото право, но и на неговите компаративни аспекти. Покрај ова, д-р Калајџиев интензивно се занимава и со проблематиката на човековите права и полициското право.

6. Стручноста и компетентноста на д-р Калајџиев се потврдува и преку учеството во домашни и меѓународни научни проекти, работилници и семинари на актуелни теми во земјата и во странство.

7. Д-р Гордан Калајџиев покажува исклучителна способност за тимска работа која се манифестира преку соработката со колегите од Институтот за казнено право, како и на проектите на законодавен план, обуките на судиите и јавните обвинители и бројните проекти од невладиниот сектор. Оваа негова способност доаѓа до израз и при изработката на наставни помагала, скрипти за предавања и универзитетски учебници.

8. Во својот стручен и општествен ангажман, д-р Гордан Калајџиев не се ограничува само на активности на Универзитетот, туку и надвор од него, во повеќе стручни здруженија и невладини организации.

***Имајќи го предвид погоре наведеното, на Рецензентската комисија и причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му го даде следниов***

***ПРЕДЛОГ***

***д-р Гордан Калајџиев да биде избран за редовен професор на научната област казненопроцесно право.***

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Академик д-р Владо Камбовски, редовен професор, с.р.

Д-р Никола Матовски, редовен професор, с.р.

Д-р Гордана Бужаровска, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **д-р Гордан Борис Калајџиев**

**Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје**

**Научна област: казнено процесно право**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| РЕД. БРОЈ | НАЗИВ НА АКТИВНОСТА: | ПОЕНИ: |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава**[1] | |
| 1.1. | **- од прв циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје** | |
| | **Казнено-процесно право**<br>Учебна 1990/1991 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1992/1993 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1993/1994 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1994/1995 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1995/1996 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1996/1997 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1997/1998 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1998/1999 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 1999/2000 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 2000/2001 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 2001/2002 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 2002/2003 1*30*0,03= 0,9<br>Учебна 2003/2004 1*30*0,03= 0,9<br><br>Учебна 2004/2005 1*15*0,04 = 0,6<br>Учебна 2005/2006 1*15*0,04 = 0,6<br>Учебна 2006/2007 1*15*0,04 =0,6<br>Учебна 2007/2008 (5*15*0,04)*3 = 9<br>Учебна 2008/2009 (5*15*0,04)*3,5 = 10,5<br><br>Учебна 2009/2010 (5*15*0,04)*3 = 9<br>Учебна 2010/2011 (5*15*0,04)*3 = 9<br>Учебна 2011/2012 (5*15*0,04)*3 = 9 | |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) =  поени.

<table>
<tr><td></td><td>Учебна 2012/2013 (5*15*0,04)*2 = 6<br><br>*Вкупно: 66*<br>*Од избор во претходно звање: 33*<br><br>**Основни институти на јавно и приватно право**<br><br>Учебна 2007/2008 (0,6*15*0,04)*1= 0,36<br>Учебна 2008/2009 (0,75*15*0,04)*1 = 0,45<br>Учебна 2009/2010 (0,75*15*0,04)*1 = 0,45<br>Учебна 2010/2011 (0,6*15*0,04)*1= 0,36<br>Учебна 2011/2012 (0,6*15*0,04)*1= 0,36<br>Учебна 2012/2013 (0,6*15*0,04)*1= 0,36<br>*Вкупно: 2,34*<br>*Од избор во претходно звање:1,53*</td><td>Вкупно: 68,34<br><br>**Од избор во претходно звање: 34,53**</td></tr>
<tr><td>1.2.</td><td>**- од втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје**</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>
<table>
<tr><td></td><td>начин на пресметка</td><td>вкупно</td></tr>
<tr><td>учебна 2008/09</td><td>(5*15*0,05) + (14,5 часа*0,05)</td><td>4,47</td></tr>
<tr><td>учебна 2009/10</td><td>(69,5 часа *0,05)</td><td>3,47</td></tr>
<tr><td>учебна 2010/11</td><td>(159,9 часа *0,05)</td><td>8</td></tr>
<tr><td>учебна 2011/12</td><td>(88,5 часа * 0,05)</td><td>4,4</td></tr>
<tr><td>учебна 2012/13</td><td>(180,5 часа * 0,05)</td><td>9</td></tr>
</table>
*Вкупно: 29,34*<br>*Од избор во претходно звање:24,87*</td><td>Вкупно: 29,34<br><br>**Од избор во претходно звање: 24,87**</td></tr>
<tr><td>1.3.</td><td>**Настава во школи и работилници**</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>(24*1)<br>1. Базична обука за новиот Закон за кривичната постапка, Скопје, декември 2008 год.<br>2. Едукатор во почетна теоретска обука во Академијата за</td><td></td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | обука на судии и јавни обвинители, учебна 2008/09 год.<br>3. Едукатор во почетна теоретска обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, учебна 2009/10 год.<br>4. Обука за новоизбрани судии, Скопје, април 2011<br>5. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, март 2012 год.<br>6. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, април 2012 год.<br>7. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, мај 2012 год.<br>8. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, јуни 2012 год.<br>9. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, септември 2012 год.<br>10. Обука за новоизбрани судии и јавни обвинители, јуни 2012<br>11. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, октомври 2012 год.<br>12. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, ноември 2012 год.<br>13. Базична обука за новиот ЗКП, Скопје, декември 2012 год.<br>14. Напредна обука за новиот ЗКП – истражна постапка, Скопје, март 2013 год.<br>15. Напредна обука за новиот ЗКП - предистражна постапка, Скопје, април 2013 год.<br>16. Обука за превенција од тортура и нехуман и деградирачки третман или казнување, Битола, април 2013 год.<br>17. Напредна обука за новиот ЗКП - истражна постапка, Скопје, мај 2013 год.<br>18. Напредна обука за новиот ЗКП- истражна постапка, Скопје, јуни 2013 год.<br>19. Напредна обука за новиот ЗКП - предистражна постапка, Скопје, јули 2013 год.<br>20. Напредна обука за новиот ЗКП – посебни постапки, Скопје, септември 2013 год.<br>21. Напредна обука за новиот ЗКП – истражна постапка, Скопје, октомври 2013 год.<br>22. Напредна обука за новиот ЗКП – предистражна постапка, Скопје, октомври 2013 год.<br>23. Напредна обука за новиот ЗКП – истражна постапка, Скопје, ноември 2013 год.<br>24. Напредна обука за новиот ЗКП – предистражна постапка, Скопје, ноември 2013 год. | Вкупно: 24<br><br>**Од избор во последно звање: 22** |
| | **Подготовка на нов предмет**<br>(3*1)<br>Подготовка за настава по предметот правда и внатрешни работи на ЕУ<br>Подготовка за настава по предметот компаративно казнено процесно право<br>Подготовка за настава по предметот организиран криминал-кривичнопроцесни аспекти | Вкупно: 3<br><br>**Од избор во последно звање: 3** |
| | **Консултации со студенти**[2]<br>Учебна 1990/1991 600*0,002= 1,2 | |

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

| | | |
|---|---|---|
| | Учебна 1992/1993 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1993/1994 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1994/1995 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1995/1996 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1996/1997 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1997/1998 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1998/1999 600*0,002= 1,2<br>Учебна 1999/2000 600*0,002= 1,2<br>Учебна 2000/2001 600*0,002= 1,2<br>Учебна 2001/2002 600*0,002= 1,2<br>Учебна 2002/2003 600*0,002= 1,2<br>Учебна 2003/2004 600*0,002= 1,2<br><br>Учебна 2004/2005 600*0,002= 1,2<br>Учебна 2005/2006 600*0,002= 1,2<br>Учебна 2006/2007 600*0,002= 1,2<br><br>Учебна 2007/2008 390*0,002= 0,78<br>Учебна 2008/2009 440*0,002= 0,88<br>Учебна 2009/2010 390*0,002= 0,78<br>Учебна 2010/2011 390*0,002= 0,80<br>Учебна 2011/2012 390*0,002= 0,78<br>Учебна 2012/2013 400*0,002= 0,80<br>***Вкупно: 24,02***<br>***Од избор во претходно звање: 3,16*** | Вкупно: 24,02<br><br>**Од избор во претходно звање: 3,16** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (16*0,5)** | Вкупно: 8<br><br>**Од избор во претходно звање: 8** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**<br>До избор во претходно звање: (30*0,3) = 9<br>Од избор во претходно звање: (110*0,3) = 33 | Вкупно: 42<br><br>**Од избор во претходно звање: 33** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br>(2*6)<br>1. *Казнено-процесно право*, универзитетски учебник, (коавторски труд со проф. д-р Никола Матовски и проф. д-р Гордана Бужаровска), Скопје, 2009<br>2. *Компаративно казнено процесно право*, учебник за мастер студиите, (коавторски труд со проф. д-р Гордана Бужаровска, доц. д-р Бобан Мисоски и асс. м-р Дивна Илиќ), Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, февруари 2011 | Вкупно: 12<br><br>**Од избор во претходно звање: 12** |
| | **Изменето и дополнето издание на учебник**<br>(1*3)<br>*Казнено процесно право, второ изменето и дополнето издание*, учебник за редовните правни студии, (коавторски труд со проф. Н. Матовски и проф. Г. Бужаровска), март 2011 | Вкупно: 3<br><br>**Од избор во претходно звање: 3** |
| | **Интерна скрипта од предавања**[7]<br>(1*4)<br>*Правен систем и аспекти на казненото право во Република Македонија*, (коавторски труд со проф. д-р Никола Тупанчески и проф. д-р Гордана Бужаровска, Education system in forensic sciences for the Republic of Macedonia, TEMPUS CD_JEP-41105-2006(MK), 2009 | Вкупно: 4<br><br>**Од избор во претходно звање: 4** |
| | **Научно-популарна книга**<br>(28*4)<br>1. Водич низ човековите права (коавторски труд со З. Јанкулоски), Скопје, 1999.<br>2. Udheheqes neper te drejtat e njeriut (превод на албански), Скопје, 1999.<br>3. Програма за реформи на Управата за безбедност и контраразузнавање (коавторски труд со З. Јанкулоски), МВР, Скопје, 2001.<br>4. Полицијата и човековите права, Збирка меѓународни документи (коавтоски труд со T.Stojanovski), Скопје, 2002.<br>5. Полицијата и човековите права, Прирачник за полициска обука (коавторски труд со Т. Стојановски, З. Јанкулоски и В. Зафировски), Скопје, 2002.<br>6. Прирачник за набљудување на судења, со прашалници за набљудувачи (со А. Јаневски, Г. Лажетиќ-Бужаровска и др.), Коалиција за фер судење, Скопје, 2003; 80 стр. | |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. Police and Human Rights, Manual for Training (with T. Stojanovski et al.) Skopje/Copenhagen, 2002.<br>8. Завршен извештај за набљудување на судења - јули 2003-јули 2004 (со А. Јаневски, Љ. Арнаудовски, Г. Бужаровска и Р. Максимовски), Коалиција за фер судење, Скопје, 2004, 88 стр. (објавено и на англиски и албански јазик).<br>9. Вашите права, (со Т. Стојановски, С. Зиков, В. Зафировски), Хелсиншки комитет, Скопје, 2004.<br>10. Мала судска (кул)тура, младински образовен форум, Скопје, 2005.<br>11. Полицијата и човековите права, Police and Human Rights, Annual report 2007 (коавторски труд со К.Крстевска и др.), Скопје, 2007.<br>12. Report on the Amendments in the Macedonian Criminal Legislation Regarding the Issue of Trafficking in Human Beings, (коавторски труд со проф. В.Камбовски и др.), Skopje, 2007.<br>13. Analysis of the Control over Police, (with Z. Jankulovski, Z. Ibrahim, U. Pirovska, V. Zafirovski), OSCE, Skopje, 2007.<br>14. Proposed Mechanism for Enactment of the System for External Control of the Law-Enforcement Bodies, (коавторски труд со Н. Коруновска и В. Гавровски),OSCE, Skopje, 2008.<br>15. Border Police Manual со: T. Stojanovski a.o., 2008.<br>16. Правна држава, Хелсиншки комитет за човековите права на РМ, Скопје, 2009.<br>17. .Анализа на резултатите од набљудувањето на предметите од сферата на корупција во 2009 (коавторство со Д. Илиќ и Б. Мисоски), Коалиција „Сите за фер судење“, Скопје, 2010.<br>18. Спогодување за вина, Прирачник за практичари (коавторство со Г. Бужаровска и други), ОБСЕ, Скопје, 2010 (со превод и на Албански и на Англиски јазик).<br>19. Истражни дејствија, Прирачник за практичари (коавторство со Г. Бужаровска и други), ОБСЕ, Скопје, 2010.<br>20. Вкрстено испитување, Прирачник за практичари, (Коавторски со Г. Бужаровска и други), ОБСЕ, Скопје, 2010.<br>21. Компаративен преглед на законодавството на РМ и Конвенцијата за правата на детето (коавторство со Г. Бужаровска и други), Министерство за правда на РМ/УНИЦЕФ, Скопје, 2010.<br>22. Закон за кривичната постапка и други закони со стручен осврт и образложение (коавторски со Г. Бужаровска и други), Академик, Скопје, 2011.<br>23. Прирачник за полагање на правосуден испит, (Коавторски со С. Тасева и други), Еуриск, Скопје, 2012.<br>24. Главна расправа, Прирачник за напредни обуки за новиот ЗКП, (Коавторски со Г. Бужаровска и други), Академија за судии и јавни обвинители/ОБСЕ, Скопје, 2013.<br>25. Посебни постапки, Прирачник за напредни обуки за новиот | |

| | | |
|---|---|---|
| | ЗКП (коавторство со Г. Бужаровска и други), Академија за судии и јавни обвинители/ОБСЕ, Скопје, 2013.<br>26. Истражна постапка, Прирачник за напредни обуки за новиот ЗКП (коавторство со Г. Бужаровска и други), Академија за судии и јавни обвинители/ОБСЕ, Скопје, 2013.<br>27. Предистражна постапка, Прирачник за напредни обуки за новиот ЗКП (коавторство со Г. Бужаровска и други), Академија за судии и јавни обвинители/ОБСЕ, Скопје, 2013.<br>28. Судска ефикасност во справувањето со организираниот криминал и корупција во 2012 (коавторство со Б. Мисоски, А. Груевска и Д. Илиќ), Коалиција „Сите за фер судење“, Скопје, 2013 (http://www.all4fairtrials.org.mk/Main_files/Korupcija_2013_MKD.pdf). | Вкупно: 112<br><br>**Од избор во последно звање: 48** |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** (3*1)<br>1. Малолетничко казнено право<br>2. Посебни постапки<br>3. Криминалистика | Вкупно: 3<br><br>**Од избор во претходно звање: 3** |
| | **ВКУПНО:** | **332,7** |
| | **ВКУПНО ОД ПРЕТХОДЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ:** | **198,56** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **РЕД. БРОЈ** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ:** |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторска дисертација** (9* 3 = 27) | Вкупно: 27<br><br>**Од избор во претходно звање: 27** |
| | **Ментор на магистерска работа**<br><br>До избор во претходно звање: (15*1) = 15<br>Од избор во претходно звање: (49 * 1 = 49 | Вкупно: 64<br><br>**Од избор во** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **претходно звање: 49** |
| | **Раководител на национален научен проект**<br>1. Реформа на казненоправниот систем на Р.Македонија (проект на Министерството за правда на РМ и Здружението за кривично право на РМ, со поддршка на ОПДАТ (САД), ОБСЕ и Фондацијата ФИОМ, (2007-2010 год.) | Вкупно: 6 |
| | **Учесник во национални научни проекти**<br>(6*3)<br>1. Реформа на казненоправниот систем, Проект на Министерството за Правда на РМ, Здружението за кривично право на РМ, ОПСЕ и ОПДАТ (2007-2013)<br>2. „Компаративна анализа на законодавството на Република Македонија со Конвенцијата за правата на детето“, УНИЦЕФ и Министерството за правда на РМ, мај – декември 2010<br>3. Младинска школа за човекови права, Проект на Хелсиншкиот комитет за човековите права – Права на детето и Малолетничка правда во функција на предавач (2011/2012)<br>4. Подобрување на пристапот до правда за жртви на дискриминација - експерт за проверка на факти на заклучни согледувања/анализа на проектни резултати, Проект на Хелсиншкиот комитет за човековите права (2012)<br>5. Бесплатна правна помош, мониторирање, анализа и известување за ситуацијата со човековите права во со фокус на луѓето од ЛГБТИ заедницата и општата ситуација со човековите права во Република Македонија – Проект на Хелсиншкиот комитет за човековите права (2013)<br>6. Стратешко планирање и застапување (литигација) - ЛГБТИ Центар за поддршка – експерт, Проект на Хелсиншкиот комитет за човековите права (2012/13) | Вкупно: 18<br><br>**Од избор во претходно звање: 15** |
| | **Учесник во меѓународни научни проекти**<br>(10*5)<br>1. Protection of the Witness, Collaborators of Justice and Victims, IOM, Skopje (2005)<br>2. Technical Assistance to prepare a project Needs Assessment of Witness Protection in 1 Court of Appeal in FYR Macedonia (2005)<br>3. The Technical Assistance for the Establishment of a Training School for Judges- EAR (2005-06)<br>4. EAR project on Evaluation of the European Agency for Reconstruction Support to Judiciary and Law Enforcement Agencies Programmes in Serbia and Kosovo (2006)<br>5. The Blue Ribbon Commission, UNDP (2006) | Вкупно: |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. Реформа на казненото право и заштита на човековите права во Р. Македонија (2007-2009)<br>7. Technical Assistance to the establishment of a Directorate for Personal Data Protection and enforcement of the data protection Principles EAR PROJECT REF NO. 04MAC02/01/105 (2007)<br>8. OSCE Project on the Civil Oversight over Police (2007)<br>9. National institutional consultancy for a comparative review of the Macedonian legislation and the Convention on the Rights of the Child, UNICEF, 2009<br>10. Practical application of Special Investigative Measures and treatment of the evidence gathered through, OSCE, 2013 | 50<br><br>**Од избор во претходно звање: 10** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[3]<br>1. Заштита на слободите и правата на човекот и позицијата на судството од аспект на меѓународното право, Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1990/91, стр. 175-200<br>2. Користењето на информантите како сведоци и меѓународно признатите процесни права на одбраната, Безбедност, Вонреден број, Скопје 1993, стр. 229-23<br>3. Право на притвореното лице на брзо судење, Безбедност, 1/1994, стр. 55-63<br>4. Право на судење во разумен рок, Годишник на Правниот факултет во Скопје 1992/93, 207-28<br>5. Правата на човекот и моделот на казнената постапка, Македоска ревија за казнено право и криминологија (МРКПК), 1/1 1994, стр. 139-142.<br>6. Два чекори напред, еден назад: реформа на италијанската казнена постапка, 1 МРКПК Бр.2/1994, стр. 336-50.<br>7. Право на испитување на сведоците против обвинетиот под ЕКПЧ, Годишник на Правниот факултет во Скопје 1994/95, 103-22.<br>8. Испитувањето на обвинетиот како право на одбраната, Безбедност Бр. 3, 1995, 528-33.<br>9. Користење на информанти во СР Германија, МРКПК, Бр.1-2, 1995, 89- 96.<br>10. Слободата и безбедноста на личноста под Европската конвенција за правата на човекот, МРКПК Бр. 1-2, 1996, 96-121.<br>11. За јазикот и правото на преведувач во кривичната постапка, Безбедност Бр. 1/2, 1996, 150-56.<br>12. Право на обвинетиот да му се обезбеди присуство и сослушување на сведоците во негова полза, Годишник на Правниот факултет во Скопје 1996/98, 571-81.<br>13. Правно-државни ограничувања на борбата со организираниот криминал, Безбедност, Бр. 4, 1998<br>14. Новини на законот за кривична постапка, 5 МРКПК, Бр. 1 | |

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора-секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| | (1998), стр. 73-85<br>15. Права на одбраната - историски корени, МРКПК Бр. 1/2, 1999, стр. 140-44.<br>16. Arrest, Detention and the Rights of the Suspects in the Republic of Macedonia, Balkan Yearbook on Human Rights.Vol. 2, Belgrade 2002, 433-480.<br>17. Human Rights in the Republic of Macedonia, w. S. Skaric, Athens 2003 (www.cecl.gr)<br>18. Judicial Cooperation in South-Eastern Europe, w. M.Markovski, Athens 2003-12-22 (www.cecl.gr)<br>19. Полициската организација и полициските овластувања како извор за дискриминација, (коавторски труд со Д.Даути и С.Никодиновска), *Review on Discrimination*, Council of Europe, Strasbourg, 2003.<br>20. Ефикасност и правичност во кривичната постапка, МРКПК, Бр. 3, 2004;<br>21. Заштита на жртвите од аспект на човековите права, ИОМ, Скопје, 2005.<br>22. Зајакнување на независноста и ефикасноста на судството, Скопје/ Сарајево, 2005.<br>23. Право на правична постапка, Политичка мисла, 2006.<br>24. Презумпција на невиност, во: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први", Скопје, Том. 41, 2006.<br>25. Поим на процедурална правичност, во: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први", Том 42, Скопје, 2006<br>26. Кон пакетот закони во судството, во: Форум Еуропеум, Билтен на Правниот факултет, Скопје, 2006.<br>27. Конфискација и привремени мерки, со В. Камбовски, И. Митревска и С. Зиков, МРКПК, бр.3, 2006, 245-268.<br>28. Презумпција на невиност, Годишник на Правниот факултет Скопје во чест на проф. Стрезо Стрезовски, 2004/2005, 766-778.<br>29. Какви полициски овластувања за Царинската управа, МРКК, бр.1, 2006, 51-84.<br>30. Историја на " *Due Process* " реформите во САД, МРКК, Бр. 1, 2006, 203-222.<br>31. Функции на процедуралната правичност, Годишник на Полициската академија, Скопје, 2007.<br>32. Процедурална правичност, МРКПК, бр. 1, 2007, 7-20.<br>33. Правци на реформата на кривичната постапка во Р. Македонија, МРКК, бр. 1, 2007.<br>34. Преуредување на претходната постапка во Република Македонија, (со Т. Витларов/М. Тромбева/Д. Илиќ/ К. Крстевска), МРКПК бр. 2/3, 2008, 79-120.<br>35. Нови односи помеѓу полиција, судот и јавното | |

| | | |
|---|---|---|
| | обвинителство во претходната постапка, (со Т. Стојановски и С. Зиков), МРКПК Бр. 1, 2008<br>36. Реформа на главната расправа, (со Л. Раичевиќ и др.), МРКПК, Бр. 2-3, 2008.<br>37. Правото на почитување на приватноста во Македонија, (со Ј. Јовчевски и др.), МРКПК бр. 1/2009, 267-284.<br>38. Заштита на лични податоци во казнено правниот систем, (со Б. Гогов и М. Марушиќ), МРКПК, 2-3, 2008, 121-141.<br>39. Сериозно за реформата на кривичната постапка, во: МРКПК бр. 1/2009.<br>40. Правичното судење и еднаквоста на оружјата во новиот ЗКП, (Коавторски труд со Д. Илиќ и Д. Тумановски) Македонска ревија за казнено право и криминологија (МРКПК), бр. 1, 2009, стр. 213-234;<br>41. Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и истражните центри на јавното обвинителство (коавторски труд со Д. Илиќ), МРКПК, бр. 2, 2009, стр. 121-154;<br>42. Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување (коавторски труд со Д. Илиќ и др.), МРКПК, бр. 2, 2009, стр. 285-312;<br>43. Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ (коавторски со Ј. Јовчевски), МРКПК, бр. 2, 2009, стр. 313-334;<br>44. Кон Предлог- законот за измени и дополнување на Законот за полиција, МРККП, Бр. 1-2, 2001/2012, стр. 49-69. | Вкупно: 164,4<br><br>**Од избор во претходно звање: 18** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание[10]**<br><br>1. Судење во разумен рок, во: 1 Адвокатура, 1999, стр. 64-80<br>2. Системска анализа на законската рамка и соработката меѓу надлежните институции во борбата против организираниот криминал, ФИООМ, Скопје, 2005<br>3. Законот за судови: потреба од заокружување на новата законска рамка, (со В. Камбовски), Билтен бр. 1, ФИООМ Скопје, 2006, 7-12.<br>4. Сугестии за подобрување на Предлог-националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, (со В. Камбовски и др.), Билтен бр. 1, ФИОМ Скопје, 2006, 37-65. | |

<table>
<tr><td></td><td>

5. Критички осврт кон Законот за полиција, (со Т. Стојановски), Билтен бр. 1, ФИОМ Скопје, 2006, 13-28
6. Законска и институционална рамка, соработка, координација и практика, (со В. Камбовски и др.), Билтен бр. 1, ФИООМ Скопје, 2006,85-92.
7. Предизвици пред јавното обвинителство во реформата на казнената постапка, Билтен бр. 1, ФИООМ, Скопје, 2006
8. Што нуди Нацрт законот за јавното обвинителство?, Билтен бр. 2, ФИИОМ Скопје, 2007.
9. Истражувачки извештај за организираниот криминал, (со В. Камбовски и др.), Билтен бр. 3, ФИООМ, Скопје, 2007, 7-84.
10. Реформа на истрагата во Република Македонија, во: Iustitia, Бр. 2, 2010, стр. 12;
11. Предизвици, замки и заблуди во реформата на казнената постапка, во: Деловно право, Бр.24, 2011, стр.127-144;
12. Political Inquisition under the Veil of Lustration (Политичка инквизиција под лустрациски превез), (Коавторски со В. Стојановски), Recom Initiative-Voice, Recom, 2013;
13. За борбата со организираниот криминал и правната држава, ФИОМ, Скопје, 2012 (http://soros.org.mk/dokumenti/za-borbata-so-organiziraniot-mk.pdf);
14. Rule of Law instead Rule of Police, 2009 Yearly Report of the Helsinki Committee for Human Rights in the Republic of Macedonia (www.mhc.org.mk);
15. Што носи новиот Закон за лустрација, ФИОМ, Скопје, 2012;
16. Ерозија на приватноста во Република Македонија, http://soros.org.mk/dokumenti/tm/9c-Erozija-na-privatnosta,-juni-2010.pdf

</td><td>Вкупно: 29<br><br>**Од избор во претходно звање: 13,8**</td></tr>
<tr><td></td><td>

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** [10, 11]

1. New Relationships between the Police and the Public Prosecutors Office in the Republic of Macedonia, во: Iustinianus Primus Law Review, Vol. 2, 2011.
2. The Reform of Criminal Procedure, (коавторски труд со проф. д-р Г. Бужаровска), во: Iustinianus Primus Law Review, Vol. 1, 2010

</td><td>Вкупно: 5,7<br><br>**Од избор во претходно звање: 5,7**</td></tr>
<tr><td></td><td>

**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** [10]

1. Guarantees of the Protection of the Human Rights and the Form of the Penal Procedure, Proceedings from the Balkan Penal Procedure Conference, Komotini, Greece, (1998)
2. The summary of the discussion at the VIII-th International Colloquium on the ECHR is published by the Council of Europe,

</td><td></td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | 1996, 101.<br>3. The summary of the communication presented at the Conference "Comparative Criminal Justice Systems" for the 25th anniversary of the International Institute of Higher Studies in Criminal Sciences is presented in Nouvelles Etudes Penales, No. 17 (1998), стр. 306.<br>4. Правични поступак, во: Зборник радова, Копаоник, 2005.<br>5. Reform of the Code of criminal procedure, (коавторски труд со проф. д-р Г. Бужаровска), Collection of summaries, Twinning project “Fight against organized crime and corruption unit – public prosecution office, Ohrid, may 2009, pp. 81-95.<br>6. Реформа истраге у Републици Македонији, во: П. Станојевиќ (Ур.), Актуална питања кривичног права у националним законодавствима и меџународном праву, Зборник радова интеркатедарског састанка кривично-правних катедри, Приштина/ Косовска Митровица, 2010, стр. 99-112.<br>7. Главна питања реформи казненог поступка у Македонији и региону, во: Правни систем и друштвена криза, Зборник радова, Друга свеска, Правни факултет- Приштина, Косовска Митровица, 2011, стр. 345-362.<br>8. Bitnije dileme i razlike u reformi istrage u drzavama bivše Jugoslavije, Zbornik medzunarodne konferencije, Banja Luka, 2012.<br>9. Uloga suca u toku glavne rasprave prema ZKP Republike Makedonije iz 2010 godine, (коавторски труд со проф. д-р Г. Бужаровска), во: Zbornik radova medzunarodnog naučnog skupa: Pravo i izazovi XXI vjeka, Brčko, 2013, str. 45-53.<br>10. The Right to a Defence Attorney According to the New Code on Criminal Procedure – Challenges and Risks, in: Pro Bono Legal Aid, CEU, Tetovo, 2011.<br>11. Speedy Procedure as aim of the Crimilal Procedure Reform, International Conference, (коавторски труд со проф. д-р Г. Бужаровска), во: Simplified Forms of Criminal Proceedings, OSCE, Belgrade, 2013. | Вкупно: 21,4<br><br>**Од претходен избор во звање: 13,4** |
| | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција**[10] (9*2)<br>1. Точноста и правичноста како основни вредности на казнената постапка и правата на одбраната, Зборник во чест на Љупчо Арнаудовски, Скопје, 1995, 269-96.<br>2. За усогласување на законот за кривичната постапка со Уставот на Република Македонија, Зборник на Правниот факултет, Скопје, 1995, 489-98.<br>3. Правата на обвинетиот според Европската конвенција за правата на човекот и компатибилноста на домашното право, Зборник трудови на Правниот факултет, Скопје, 1996, 219-32.<br>4. Европеизација на кривичната постапка, Зборник на Правниот факултет, Скопје, 2002. | |

5. Заштитата на приватноста и новите истражни мерки, Зборник на Правниот факултет, Скопје, 2004.
6. Ролс и Хабермас за процедуралната правда, во: Зборник на трудови на Правниот факултет Скопје, Скопје, 2004/05.
7. Зошто правична постапка? Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2006, 146-154.
8. Какви реформи во судството?, со Ј. Дабовиќ-Анастасовска и Т. Зороска-Камилоска, во Законската рамка на судската реформа во РМ, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2006, 150-160.
9. Забрана за двојно судење или казнување како меѓународен стандард, Зборник на трудови посветен на проф. д-р Панта Марина, Правен факултет - Скопје, Скопје 2007, 237-248.
10. Кој ќе не чува од чуварите-или како до поефикасна истрага за полициските пречекорувања, Зборник на трудови посветен на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Правен факултет - Скопје, Скопје Загреб, 2007, 364-383.
11. Каква постапка сакаме, со. Д. Илиќ, во: Зборник на Правниот факултет Скопје, Актуелните прашања за државата и правото на Република Македонија и Руската Федерација, Том 2, 2007, 563-574.
12. Член 6 од Европската конвенција за правата на човекот, во Зборник на трудови посветен на проф. д-р Стефан Георгиевски, Правен факултет Скопје, Скопје 2009.
13. Замки и заблуди на реформата на истрагата, во Зборник на трудови од Вториот скопски-загрепски правен колоквиум, Скопје/ Загреб, 2009, 165-178.
14. Социо-психолошки теории за процедуралната правда, во Зборник на трудови посветен на проф. д-р Томислав Чокревски, Правен факултет - Скопје, Скопје 2009.
15. Ključne novine u Zakonu o krivičnom postupku Republike Makedonije, со Г. Бужаровска во: Djordje Ignjatovic (Ur.), Stanje kriminaliteta u Srbiji i pravna sredstva reagovanja, III deo, Beograd, 2009, str. 349-367 .
16. Процедуралната правда во моралната филозофија, во: Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Владимир Митков, Скопје, 2010, стр. 399-415.
17. Процесните мерки за обезбедување лица и докази во новиот ЗКП, во: Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Тодор Рушков, Скопје, 2009, стр. 183-196.
18. Реформата на кривичната постапка во Хрватска, во: Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Ѓорги Ганзовски, Скопје, 2010, стр. 297-311.
19. Човековите права-рамка за европското казнено процесно право, во: Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Горѓи Марјановиќ, Скопје, 2011, стр. 115-128.

| | | |
|---|---|---|
| | 20. Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и Македонија, во Зборник на Правниот факултет во Загреб, Zagreb, 2011, стр. 469-490;<br>21. Правото на бранител во реформираната кривична постапка, во: Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Никола Матовски, Скопје, 2011, стр. 371-387;<br>22. Предговор, во Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Никола Матовски, Скопје, 2011, стр.VI;.<br>23. Правото на сиромашните на бранител, Зборник ва Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје, 2013, стр. 173-188. | Вкупно: 45,2<br><br>**Од претходен избор во звање:** 17.8 |
| | **Пленарни предавања на научен/стручен собир** (12*2)<br>1. Расправа за новиот закон за кривична постапка, Министерство за правда на РМ, Охрид, 2009<br>2. Новиот закон за кривичната постапка на РМ, CARDS 2005 Twinning Project "Fight Against Organised Crime and Corruption Unit Public Prosecutor's Office", Скопје, 2009<br>3. Реформа на казненото право и почитување на човековите права – подготовки за доследна примена на новиот ЗКП, ФИООМ и ЗКПКРМ, 2009.<br>4. Вкрстено испрашување, ЗКПКРМ, ФИОМ и Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Скопје, 2009.<br>5. Советување за новиот Закон за кривичната постапка, Министерство за правда на РМ, Охрид, 2009.<br>6. Спогодување и медијација, стручна расправа во рамките на проектот Реформа на казненото право и почитување на човековите права – подготовки за доследна примена на новиот ЗКП, ФИООМ и ЗКПКРМ, 2009.<br>7. Надзорна расправа на тема: “Имплементацијата на законската регулатива од областа на правата на детето и Конвенцијата на правата на детето“, Собрание на РМ, 2 ноември 2010 год.<br>8. Спроведување на законските одредби од страна на надлежните институции за третман со задржани и притворени лица, Скопје, февруари 2011 год.<br>9. „Тековните измени во казненото законодавство на Република Македонија“, 30 мај 2011 година, Скопје.<br>10. Реформа на казнената постапка, Годишно советување на здружението за кривично право и криминологија на тема: Актуелни проблеми на реформата на казненото | Вкупно: 24<br><br>**Од избор во** |

| | | |
|---|---|---|
| | законодавство, Охрид, 2011.<br>11. Македонските искуства со лустрацијата, Скопје, 2012.<br>12. „Пречекорување на овластувањата со примена на тортура" 26.12.12, во Скопје | **претходно звање: 24** |
| | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>(21*3)<br>1. Human Dimension Seminar on Rule of Law, Office for Democratic Institutions and Human Rights, OSCE, Warsaw, 1995.<br>2. Workshop NGO for human rights and Council of Europe, Strasbourg, 1997.<br>3. Balkan Conference for Penal Procedure, Comotini, Greece, 1997<br>4. Comparative Criminal Justice Systems: From Diversity to Rapprochement, International Conference for the 25th Anniversary of the International Institute of Higher Studies in Criminal Sciences, Siracusa (Italy), 1997.<br>5. Police in transition countries, International conference, Copenhagen, 2001.<br>6. International Conference "Criminal Procedure in the Integrated Europe" Dubrovnik, Croatia 2007.<br>7. Best Practices of OPCAT (Optional Protocol to the UN Convention against Torture) Implementation, Yerevan, Armenia 2007.<br>8. Тркалезна маса за новиот закон за кривична постапка, Скопје, 13 март 2009.<br>9. Советување за новиот ЗКП, Академија за обука на судии и јавни обвинители, Охрид, 2010.<br>10. Меѓународна работилница на тема: Препознавање на тортура во постапките за задржување и притворање, Скопје мај 2011 год.<br>11. Workshop on Criminal Procedure, European Commission, Skopje, 15-16 Nov. 2011.<br>12. Конференција: Примена на мерката притвор – македонска реалност и меѓународни стандарди, Скопје, 3 март, 2012 г.<br>13. Reforma istrage u regionu, Medzunarodna konferencija "Kriminalističko – krivično procesne karakteristike istrage prema zakonu o krivičnom postupku u protekloj deceniji", 01. i 02. novembar 2012. godine, Banja Luka.<br>14. Меѓународна научна конференција под наслов „Правниот систем и општествената криза", 22 јуни 2011 год во Косовска Митровица.<br>15. Third Summer School on Organized Crime, Ohrid, 3-16 juli 2011.<br>16. International Conference on Strenghthening Intelligence Oversight in Western Balkans, The Hague, 2 December, 2011.<br>17. Ерозија на стандардите за заштита на човековите права низ борбата со организираниот криминал и корупцијата, | |

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународна конференција: Криминалитетот во Европа, Правен факултет- Јустинијан Први, Скопје/Ману, Скопје и Охрид, 15-16 мај, 2012 год.<br>18. Работилница: Пристапување во ЕУ, Која е улогата на граѓанските организации, Делегација на ЕУ, 16 јануари 2013<br>19. Uloga suca u toku glavne rasprave, Medzunarodni naučni skup: Pravo i izazovi XXI vjeka, Brčko, 2013.<br>20. Примената на посебните истражни мерки и користењето на доказите прибавени со нив на судењето во Република Македонија, Советување на ОБСЕ и Здружението за кривично право и криминологија на РМ: „Practical application of Special Investigative Measures and treatment of the evidence gathered through these measures“, Скопје, 2013.<br>21. Speedy Procedure as aim of the Criminal Procedure Reform, International Conference: Simplified Forms of Criminal Proceedings, OSCE, Belgrade, 2013 | Вкупно: 63<br><br>**Од избор во претходно звање: 42** |
| | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>(8*2)<br>1. VIII International Colloquium on European Convention on Human Rights, Budapest, 1995<br>2. Victim Offender Mediation, International Conference in Barcelona, Spain, 1995<br>3. Memorial Seminar: Torkel Opsahl, Oslo, Norway, 1996<br>4. Democracy and Civil Society, London, 1999.<br>5. Conference for Tolerance and Non-discrimination, OSCE, Wien, 2001<br>6. Conference on Non-discrimination, Council of Europe, Strasbourg, 2003.<br>7. Human Rights Concerns in the Republic of Macedonia, International Conference: Human Rights Defenders in the Council of Europe Area, Strasbourg, 2011<br>*8.* New Code of Criminal Procedure in Macedonia, International Conference: Reforms of Criminal Procedure Codes, OSCE Roundtable, Belgrade, 13 Sep. 2012 | Вкупно: 16<br><br>**Од избор во претходно звање: 4** |
| | **ВКУПНО:** | **533,7** |
| | **ВКУПНО ОД ПРЕТХОДЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ:** | **239,7** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| РЕД.БРОЈ | НАЗИВ НА АКТИВНОСТА: | ПОЕНИ: |
|---|---|---|
| | **Основен школски или средношколски учебник** | Вкупно: |

| | | |
|---|---|---|
| | (1*6)<br>Јавно право, за III година правна, економска и трговска струка во Средното економско училиште „Васил Антевски – Дрен“ - Скопје, (коавторски труд со проф. Тупанчески, проф. Бужаровска, Бриндевска, Марковска), март 2010 | 6<br>**Од избор во претходно звање: 6** |
| | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија [4]<br>(1*1)<br>The reform of the Judiciary in the FYROM, (Briefing note), коавторски труд со проф. Г. Бужаровска, European Parliament, Brussels, January, 2010 | Вкупно: 1<br>**Од избор во претходно звање: 1** |
| | **Претседател на комисија за изработка на закон**<br>(2*6)<br>Претседател на Комисијата за изработка на ЗКП<br>Претседател на Комисија за измени и дополнување на ЗКП | Вкупно: 12<br>**Од избор во претходно звање: 12** |
| | **Член во комисија за изработка на закон**<br>(4*4)<br>1. Член на работна група за уредување на истрагата<br>2. Член на работна група за изготвување на Закон за вештачење<br>3. Член на работната група за изготвување на Закон за јавното обвинителство<br>4. Член на работна група за изготвување на Закон за правда за детето | Вкупно: 16<br>**Од избор во претходно звање: 16** |
| | **ВКУПНО:** | **35** |
| | **ВКУПНО ОД ПРЕТХОДЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ:** | **35** |

[4] Наставно-научните, односно научните совети на единиците со свои одлуки можат да ги утврдат активностите кои влегуваат во оваа категорија

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| РЕД.БРОЈ | НАЗИВ НА АКТИВНОСТА: | ПОЕНИ: |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**<br>(2*0.5)<br>1. Македонска ревија за казнено право и криминологија<br>2. Зборник во чест на проф. д-р Никола Матовски | Вкупно:<br>1<br><br>**Од избор во претходно звање:**<br>**0,5** |
| | Член на Универзитетскиот сенат | Вкупно:<br>2<br>**Од избор во претходно звање:**<br>**2** |
| | **Студиски престој во странство**<br>(0,5+2+0,5+0,5+0,5)<br>1. Стразбур, Франција (1990 год.)<br>2. Макс-Планк институтот за странско и меѓународно казнено право во Фрајбург, Германија (учебна 1991-92 год.)<br>3. Лондон, Велика Британија (1993 год.)<br>4. Лилехамер, Норвешка (1996 год.)<br>5. Бирмингем, Велика Британија (1999 год.) | Вкупно:<br>4 |
| | **Член на факултетска комисија**[14]<br>(2*0.5)<br><br>1. Комисија за упис на студенти во прва година<br>2. Комисија за спроведување на избор за кандидат за декан | Вкупно:<br>1<br>**Од избор во претходно звање:**<br>**0,5** |
| | **Член на комисија за избор во звање**[14]<br>(7*0.2) | Вкупно:<br>1,4<br>**Од избор во претходно звање:**<br>**1,4** |
| | **Раководител на внатрешна организациона единица** | Вкупно:<br>2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководител на студиите по казнено право на втор циклус | **Од избор во претходно звање: 2** |
| | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**<br>(4*2)<br>1. Извештај за компатибилноста на законодавството на Република Македонија со правото и практиката на Европската конвеција за човекови права, Меѓуресорска работна група на Владата на Република Македонија. Скопје 1996, 262 стр.<br>2. Извештај за компатибилноста на домашното право со Европската конвенција за човековите права, (во коавторство со Ц. Цветковски и Т. Петрушевска), Скопје/Стразбур, 1997, 96 стр.<br>3. Стратегија за реформа на казненото право на Република Македонија (со Д. Крапац, В. Камбовски и Г. Бужаровска), Министерство за правда на РМ, Скопје, 2007.<br>4. Акционен план за спроведување на новиот ЗКП | Вкупно: 8<br><br>**Од претходен избор во звање: 4** |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>(4*1)<br>1. Член на Советот за реформа на правосудниот систем на Министерството за правда на РМ;<br>2. Претседател на Извршниот одбор на Хелсиншкиот комитет за заштита на човековите права на РМ<br>3. Член на Собранието на Транспарентност Македонија<br>4. Член на Извршниот одбор на Х.О.П.С. | Вкупно: 4<br><br>**Од избор во претходно звање: 3** |
| | **ВКУПНО:** | **23,4** |
| | **ВКУПНО ОД ПРЕТХОДЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ:** | **13,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **332,7** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **533,7** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **35** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **23,4** |
| **Вкупно** | **924,8** |

| | |
|---|---|
| | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ, **ОД ПРЕТХОДЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **198,6** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **239,7** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **35** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **13,4** |
| **Вкупно** | **486,66** |

**Членови на Комисијата**

1. Академик проф. д-р Владо Камбовски, претседател с.р.
2. Проф. д-р Никола Матовски, член с.р.
3. Проф. д-р Гордана Бужаровска, член с.р.

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во весниците ,,Дневник" и ,,Коха" од 3.12.2013 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на растително производство и врз основа на Одлуката број 02-908/1 од 11.12.2013 година донесена на 50. седница на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Добре Андов, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Даница Андреевска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од научната област генетика и селекција на растително производство, во предвидениот рок се пријавила само кандидатката д-р Емилија Симеоновска, научен соработник (доцент) на Земјоделскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 1. Биографски податоци

Д-р Емилија Симеоновска е родена во Скопје, на 10.7.1969 година, каде што ги завршила основното и средното образование.

На Земјоделскиот факултет во Скопје (поледелска насока) се запишала во учебната 1988/89, а дипломирала во октомври 1993 год. со просечен успех 9,13.

Во учебната 1993/94, кандидатката се запишала на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, насока: генетика и селекција на житни култури. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,66, а на 4.12.1997 година го одбранила магистерскиот труд под наслов "Наследување на некои квантитативни својства кај хибриди од мека пченица (*Triticum aestivum* ssp. *vulgare)*" .

За асистент - соработник во Одделението за житни култури при Земјоделскиот институт во Скопје е избрана на 10.6.1998 година. На 3.2.2004 е преизбрана во истото звање.

На 10.12.2008 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Симеоновска ја одбранила докторската дисертација под наслов: "Ефекти од третманот со гама-зраци кај некои македонски сорти и линии мека пченица

(*Triticum aestivum* ssp. *aestivum)*". Во звањето научен соработник во Одделението за житни култури при Земјоделскиот институт во Скопје е избрана на 25.3.2009 година. Во звањето доцент (еквиваленција на звање - научен соработник) е назначена на 1.7.2009 година, со Одлука бр. 02-389/1 на Научниот совет на УКИМ - Земјоделскиот институт во Скопје.

Кандидатката има активно познавање на англискиот и францускиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ - Земјоделски институт во Скопје (втор циклус на студии) д-р Емилија Симеоновска е раководител на студиската програма растително производство – потпрограма: семепроизводство на поледелски и градинарски растенија. Одржува настава и вежби на дел од предметите од наведената студиска потпрограма (основи на селекција на растенијата - едногодишни и двегодишни студии, основи и технологија на семепроизводството - едногодишни и двегодишни студии), како и настава и вежби на предмет од потпрограмата органско производство (органско производство на житни култури - едногодишни студии).

По изборот за доцент била член во Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд кај двајца кандидати, на Факултетот за земјоделство и ветерина на Универзитетот во Приштина, на темите (во превод на македонски):
1. Истражување на некои квантитативни и квалитетни својства на три сорти јачмен (*Hordeum sativum* L.) во агроеколошките услови на Скопје, Република Македонија (кандидатка: дипл. инж. агр. Иљмије Власаку);
2. Истражување на производните и квалитетните својства на три сорти јачмен (*Hordeum sativum* L.) на два различни локалитети во Република Македонија (кандидат: дипл. инж. агр. Цељаљ Нуредини).

Д-р Емилија Симеоновска е рецензент на публикацијата „Производство на семе од ориз" (издадена 2011 од авторите д-р Добре Андов и д-р Даница Андреевска), која е предвидена како универзитетски учебник - задолжителна литература на студиите од втор циклус од потпрограмата семепроизводство на поледелски и градинарски растенија.

Кандидатката има учествувано на следниве работилници и курсеви за обука:
1. работилница:" Expert mission on handling procedures and methods of re-examination on DUS and VCU testing AGR IND/EXP N° 33486", организиран од TAIEX и МЗШВ, 7-11 септември 2009, Скопје (учесник);
2. курс за обука: "Multiplication and regeneration of maize and wheat", организиран од SEEDNet Regional Working Group for Maize and Cereals, 22-23 јуни 2010, Сараево, Босна и Херцеговина (предавач);
3. курс за обука: "Use of Induced Mutations (TILLING) and DNA Markers in Cereal Genetics and Breeding", организиран од IAEA и Универзитетот во Силесија, Катовице, Полска, 13-24 септември 2010 (учесник);
4. курс за обука: "Assessing Climate Impacts on Crops - Macedonian Response to Climate Change for Agriculture", организиран од World Bank's Europe and Central Asia (ECA), Скопје, 16-17 декември 2010 (учесник).

### 3. Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност д-р Емилија Симеоновска главно ја остварува во областа на житните растенија (селекција, семепроизводство, генетски ресурси и пошироки истражувања од растителното производство), во Одделението за поледелство при Земјоделскиот институт.

Од вработувањето па до денес, кандидатката била дел од проектните тимови на вкупно 13 домашни и странски проекти. Во периодот по изборот за научен соработник/ доцент има работено на следниве проекти:

- **2009-2010,** Collecting local landraces of maize and cereals (wheat, barley, rye, oat, millet and buckwheat) in South Eastern Europe. SEEDNet (SIDA, Swedish Biodiversity Centre), раководител;
- **2004-2009,** CRP-Coordinated Research Project: Germplasm characterization of wheat mutant population concerning wheat quality using molecular markers. IAEA (учесник);
- **2007-2011,** Регионален проект: Evaluation of Natural and Mutant Genetic Diversity in Cereals Using Nuclear and Molecular Techniques.IAEA (учесник);
- **2004-2011** SEEDNet - South East European Development Network on Plant Genetic Resources. SIDA, Swedish Biodiversity Centre, учесник;
- **2013-2014** Развој на производството и квалитетот на оризот во Р. Македонија (Development of production and quality of rice in the Republic of Macedonia). Влада на Р. Турција, Турска агенција за соработка и координација - ТИКА ; учесник;
- **2007-2009,** Агроеколошки истражувања кај некои нови сорти тритикале. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, учесник;
- **2012-2013,** Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Република Македонија. УКИМ, Скопје (учесник).

При подготовката на вкупно седум предлог-проекти, д-р Емилија Симеоновска била носител во еден странски и еден домашен предлог-проект, а учесник во останатите пет проекти.

Во текот на досегашната работа има објавено вкупно дваесет и четири научни труда. Трудовите за избор во звањето асистент-истражувач се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 708 од 22.5.1998 година; трудовите за реизбор во истото звање се рецензирани во Билтенот бр. 844 од 3.2.2004 година, а трудовите за избор во звањето научен соработник се рецензирани во Билтенот бр. 959 од 2.3.2009 година. По изборот за научен соработник, кандидатката има објавено дванаесет научни труда. Седум од нив се публикувани во домашни списанија, пет се во списанија со меѓународен уредувачки одбор (од нив два се во списанија со фактор на влијание). Во продолжение е списокот на овие трудови по хронолошки редослед на публикување:

1. Kratovalieva S., Popsimonova G., Ivanovska S., Agic R., Dimov Z., Beleski K., **Simeonovska E.,** Stefkov Gj., Gjamovski V. (2007): Plant genetic resources in R. of Macedonia. International Research Conference, Plant genetic stock- the basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv, 261-263.

2. Станоев В., **Симеоновска Е.** (2009): Александар - новосоздадена сорта есенски пивски јачмен. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт, том XXVI/XXVII, стр. 79-87. Скопје, 2008/9.

3. Даница Андреевска, Вјекослав Танасковиќ, Добре Андов, **Емилија Симеоновска,** Марјан Андреевски (2011): Влијание на времетраењето на наводнувањето после фаза на метличење врз рандманот на белиот ориз. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 56, Скопје, 17-26.

4. Добре Андов, Даница Андреевска, **Емилија Симеоновска**, Љупчо Јанкуловски (2011): Влијание на начинот на сеидба кај оризот (Oryza sativa L.) врз приносот и потрошувачката на вода. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 56, 7-15.

**5. Емилија Симеоновска**, Елизабета Гиразова (2012): Резултати од селекцијата на меката пченица на Земјоделскиот институт во Скопје. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 76-90.

**6. Емилија Симеоновска**, Добре Андов, Даница Андреевска (2012): Некои основни аспекти на производството на хибриден ориз. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 36-49.

7. Даница Андреевска, Добре Андов, **Емилија Симеоновска** (2012): Дејството на прихранувањето со фолијарното ѓубре "Лактофол О" врз приносот и рандманот на оризот (Oryza sativa L.). Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 20-35.

8. Добре Андов, Даница Андреевска, **Емилија Симеоновска** (2012): Енергијата на 'ртење и вкупната 'ртливост на семенскиот материјал од ориз - во зависност од времето на чување. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 9-19.

9. Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska** (2012): Yield and some morphological properties of newly introduced Italian rice varieties grown in Macedonia. Agroznanje (Agro-knowledge Journal), vol. 13, no.1 (2012), 47-54.

10. Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska** (2012): Morphological characters and yield analysis of Bianca and Galileo - two newly introduced varieties of rice (Oryza sativa L.) in Macedonia. Agriculture & Forestry, Vol. 58. Issue 4: 15-24, 2012, Podgorica.

11. Sali Aliu, Imer Rusinovci, Shukri Fetahu and **Emilija Simeonovska** (2012): Genetic diversity and correlation estimates for grain yield and quality traits in Kosovo local maize (Zea mays L.) populations. Acta agriculturae Slovenica, 99 - 2, september 2012 str. 121 – 128 (фактор на влијание според SJR - 0,140).

**12. Emilija Simeonovska**, Drena Gadžo, Zoran Jovović, Danela Murariu, Danijela Kondic, Dragan Mandic, Shukri Fetahu, Hrvoje Šarčević, Fetah Elezi, Slaven Prodanović, Ludvik Rozman, Efimia Veverita, Kolio Kolev, Nadia Antonova, Eva Thörn (2013): Collecting local landraces of maize and cereals in South Eastern Europe during 2009 and 2010. Romanian Agricultural Research, no. 30, 2013, NARDI Fundulea, 37-43 (фактор на влијание за 2012 - 0,226)

Со реферати (усни презентации и постери) д-р Емилија Симеоновска има учествувано на неколку странски и домашни научни собири, од кои позначајни се:
- 19th EUCARPIA Conference. Genetic Resources section. Ljubljana, Slovenia, May 26th-29th, 2009;
- 8th International Wheat Conference. June 1-4, 2010. St. Petersburg, Russia;
- XXII EUCARPIA Maize and Sorghum Conference, Opatija, Croatia, 20-23 June 2011;
- International conference: STRUCTURE AND DYNAMICS OF ECOSYSTEMS DINARIDES –STATUS, POSSIBILITIES AND PROSPECTS. Academy of Sciences and Arts of Bosnia and Herzegovina, Sarajevo, 2011;
- I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska, Trebinje, March 19-22, 2012;
- I International Conference: Role of research in sustainable development of agriculture in rural areas, May 23-26, 2012, Podgorica, Montenegro;
- 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Ohrid, 12-15 October 2012;
- научна трибина: Оризот и другите земјоделски култури во кочанскиот регион - сегашна состојба и перспектива, 2012 година, Кочани, Р. Македонија.

### 4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Емилија Симеоновска е коавтор на книга од стручна област (Каталог на национални *ex situ* растителни генетски ресурси. Скопје, 2009 год.).

Во рамките на експертските активности, д-р Симеоновска е овластена за вршење на стручната контрола на семенските посеви и постконтролата кај житните растенија, како и други експертизи.

Во периодот по изборот за научен соработник, кандидатката има остварено два студиски престоја во Trakya Agricultural Research Institute, Едрене, Р. Турција, во рамките на Проектот за развој на производството и квалитетот на оризот во Р. Македонија.

За времетраењето на SEEDNet - проектот, д-р Емилија Симеоновска била раководител на националната работна група за житни култури при SEEDNet (South-East European PGR Network). Во периодот од 2005 до 2011 година, била секретар на регионалната работна група за пченка и житни култури (RWG for Maize and Cereals) во SEEDNet - мрежата на растителни генетски ресурси. Денес, таа е куратор на колекциите од растителни генетски ресурси од житни растенија и е одговорна за националната колекција од пченица во македонската ген-банка. Исто така, член е на работната група за пченица при ECPGR (Европската кооперативна група за растителни генетски ресурси) од 2005 година до денес.

Д-р Емилија Симеоновска учествува во работата на следниве комисии во рамките на Институтот:

- Комисија за нормативна дејност, од 2012- год.;
- Комисија за евалуација на УКИМ - Земјоделски институт, 2010-2013;
- Комисија за јавни набавки на УКИМ - Земјоделски институт, од 2012;
- Комисија за втор циклус на студии на УКИМ - Земјоделски институт, од 2012;
- Комисија за заштита и определување на правото за користење на географскиот назив на производот "Кочански ориз" на УКИМ - Земјоделски институт, од 2010.

Кандидатката зема учество во работата на Потсекторската постојана група за уредување на пазарот на жита при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, во својство на советодавен член.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот материјал за севкупната активност и постигнатите резултати, kako и li~noto познавање na d-r Емилија Симеоновска, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Емилија Симеоновска поседува научни, стручни и педагошки квалитети. Според Законот за високото образование на Р. Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор од научната област генетика и селекција на растително производство.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје да му препорача кандидатката d-r Емилија Симеоновска, досегашен научен соработник/доцент, да биде избрана во звањето вонреден професор од научната област генетика и селекција на растително производство.

Рецензентска комисија

1. Д-р Добре Андов, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.

2. Д-р Даница Андреевска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.

3. Д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

**Емилија Симеон Симеоновска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:**

**УКИМ - Земјоделски институт, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:**

**Генетика и селекција на растително производство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (едногодишен студиум): основи на селекција на растенијата (4+0) | 3 |
| 2. | Настава од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (едногодишен студиум): основи и технологија на семепроизводство (4+0) | 3 |
| 3. | Настава од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (двегодишен студиум): основи на селекција на растенијата (5+0) | 3,75 |
| 4. | Настава од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (двегодишен студиум): основи и технологија на семепроизводство (5+0) | 3,75 |
| 5. | Настава од втор циклус студии: студиска програма Растително производство – Органско производство (едногодишен студиум): Органско производство на житни култури (3+0) | 2,25 |
| 6. | Вежби од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (едногодишен студиум): основи на селекција на растенијата (0+2) | 0,9 |
| 7. | Вежби од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | градинарски растенија (едногодишен студиум): основи и технологија на семепроизводство (0+2) | |
| 8. | Вежби од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (двегодишен студиум): основи на селекција на растенијата (0+3) | 1,35 |
| 9. | Вежби од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (двегодишен студиум): основи и технологија на семепроизводство (0+3) | 1,35 |
| 10. | Вежби од втор циклус студии: студиска програма: растително производство – органско производство (едногодишен студиум): органско производство на житни култури (0+1) | 0,45 |
| 11. | Консултации со студенти по предметот основи на селекција на растенијата (4+2), едногодишна студиска програма | 0,004 |
| 12. | Консултации со студенти по предмет основи и технологија на семепроизводство (4+2), едногодишна студиска програма | 0,004 |
| 13. | Подготовка на предавања за нови предмети од втор циклус на студии | 5 |
| 14. | Подготовка на вежби за нови предмети од втор циклус на студии | 2,5 |
| 15. | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд: “Истражување на некои квантитативни и квалитетни својства на три сорти јачмен (*Hordeum sativum* L.) во агроеколошките услови на Скопје, Република Македонија” | 0,3 |
| 16. | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд: “Истражување на производните и квалитетните својства на три сорти јачмен (*Hordeum sativum* L.) на два различни локалитети во Република Македонија” | 0,3 |
| 17. | Научно-популарна статија во стручно-методско списание: Emilija Simeonovska, Ilina Jakimovska (2012): A traditional harvest festival. Bioversity international, No. 44 – April 2012. | 1 |
| 18. | Рецензент на универзитетски учебник - задолжителна литература на студиите од втор циклус од потпрограмата Семепроизводство на поледелски и градинарски растенија (Д-р Добре Андов и д-р Даница Андреевска (2011): Производство на семе од ориз). | 1 |
| 19. | Работилница:” Expert mission on handling procedures and methods of re-examination on DUS and VCU testing AGR IND/EXP N° 33486”, организиран од TAIEX и МЗШВ, 7-11 септември 2009, Скопје (учесник) | 1 |
| 20. | Курс за обука: “Multiplication and regeneration of maize and wheat”, организиран од SEEDNet Regional Working Group for Maize and Cereals, 22-23 јуни 2010, Сараево, Босна и Херцеговина (предавач) | 1,5 |
| 21. | Курс за обука: “Use of Induced Mutations (TILLING) and DNA Markers in Cereal Genetics and Breeding”, организиран од IAEA и Универзитетот во Силесија, Катовице, Полска, 13-24 септември 2010 (учесник) | 1 |
| 22. | Курс за обука: “Assessing Climate Impacts on Crops - Macedonian Response to Climate Change for Agriculture”, организиран од | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | World Bank's Europe and Central Asia (ECA), Скопје, 16-17 декември 2010 (учесник). | |
| | Вкупно: | 35,308 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на меѓународен научен проект:<br>**2009-2010,** Collecting local landraces of maize and cereals (wheat, barley, rye, oat, millet and buckwheat) in South Eastern Europe. SEEDNet (SIDA, Swedish Biodiversity Centre) | 9 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>**2004-2009,** CRP-Coordinated Research Project: Germplasm characterization of wheat mutant population concerning wheat quality using molecular markers. IAEA | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>**2007-2011,** Evaluation of Natural and Mutant Genetic Diversity in Cereals Using Nuclear and Molecular Techniques.IAEA | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>**2004-2011,** SEEDNet - South East European Development Network on Plant Genetic Resources. SIDA, Swedish Biodiversity Centre | 5 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>**2013-2014,** Развој на производството и квалитетот на оризот во Р. Македонија (Development of production and quality of rice in the Republic of Macedonia). Влада на Р. Турција, Турска агенција за соработка и координација - ТИКА | 5 |
| 6. | Учесник во национален научен проект:<br>**2007-2009,** Агроеколошки истражувања кај некои нови сорти тритикале. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ | 3 |
| 7. | Учесник во национален научен проект:<br>**2012-2013,** Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Република Македонија. УКИМ, Скопје. | 3 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>Kratovalieva S., Popsimonova G., Ivanovska S., Agic R., Dimov Z., Beleski K., **Simeonovska E.,** Stefkov Gj., Gjamovski V. (2007): Plant genetic resources in R. of Macedonia. International Research Conference, Plant genetic stock- the basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv, 261-263. | 1,8 |
| 9. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција:<br>Станоев В., **Симеоновска Е**. (2009): Александар - новосоздадена сорта есенски пивски јачмен. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт, том XXVI/XXVII, стр. 79-87. Скопје, 2008/9. | 1,8 |
| 10. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Даница Андреевска, Вјекослав Танасковиќ, Добре Андов, **Емилија Симеоновска**, Марјан Андреевски (2011): Влијание на времетраењето на наводнувањето после фаза на метличење врз рандманот на белиот ориз. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 56, Скопје, 17-26. | |
| 11. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: Добре Андов, Даница Андреевска, **Емилија Симеоновска**, Љупчо Јанкуловски (2011): Влијание на начинот на сеидба кај оризот (*Oryza sativa L.)* врз приносот и потрошувачката на вода. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Година 56, 7-15. | 1,2 |
| 12. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: **Емилија Симеоновска**, Елизабета Гиразова (2012): Резултати од селекцијата на меката пченица на Земјоделскиот институт во Скопје. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 76-90. | 1,8 |
| 13. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: **Емилија Симеоновска**, Добре Андов, Даница Андреевска (2012): Некои основни аспекти на производството на хибриден ориз. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 36-49 . | 1,6 |
| 14. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: Даница Андреевска, Добре Андов, **Емилија Симеоновска** (2012): Дејството на прихранувањето со фолијарното ѓубре "*Лактофол О*" врз приносот и рандманот на оризот (*Oryza sativa L.)*. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 20-35. | 1,6 |
| 15. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: Добре Андов, Даница Андреевска, **Емилија Симеоновска** (2012): Енергијата на 'ртење и вкупната 'ртливост на семенскиот материјал од ориз - во зависност од времето на чување. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје, том XXVIII/XXIX, 9-19. | 1,6 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska** (2012): Yield and some morphological properties of newly introduced Italian rice varieties grown in Macedonia. Agroznanje (Agro-knowledge Journal), vol. 13, no.1 (2012), 47-54. | 3,2 |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska** (2012): Morphological characters and yield analysis of *Bianca* and *Galileo* - two newly introduced varieties of rice (*Oryza sativa L.)* in Macedonia. Agriculture & Forestry, Vol. 58. Issue 4: 15-24, 2012, Podgorica. | 3,2 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание (импакт фактор според SJR - 0,140): Sali Aliu, Imer Rusinovci, Shukri Fetahu and **Emilija Simeonovska** (2012): Genetic diversity and correlation estimates for grain yield and quality traits in Kosovo local maize (*Zea mays* L.) populations. Acta agriculturae Slovenica, 99 - 2, september 2012 str. 121 – 128. | 3,68 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание (импакт фактор за 2012 - 0,226): **Emilija Simeonovska,** Drena Gadžo, Zoran Jovović, Danela Murariu, Danijela Kondic, Dragan Mandic, Shukri Fetahu, Hrvoje Šarčević, Fetah Elezi, Slaven Prodanović, Ludvik Rozman, Efimia Veverita, Kolio Kolev, Nadia Antonova, Eva Thörn (2013): Collecting local landraces of maize and cereals in South Eastern Europe during 2009 and 2010. Romanian Agricultural Research, no. 30, 2013, NARDI Fundulea, 37-43. | 3,74 |
| 20. | Учество на научен собир со реферат (усна презентација): **Емилија Симеоновска**, Добре Андов, Даница Андреевска (2012): Некои основни аспекти на производството на хибриден ориз. Научна трибина: Оризот и другите земјоделски култури во кочанскиот регион - сегашна состојба и перспектива, 2012 година, Кочани, Р. Македонија | 1 |
| 21. | Учество на научен собир со реферат (усна презентација): **Emilija Simeonovska,** Drena Gadžo, Zoran Jovović, Danela Murariu, Danijela Kondic, Dragan Mandic, Shukri Fetahu, Hrvoje Šarčević, Fetah Elezi, Slaven Prodanović, Ludvik Rozman, Efimia Veverita, Kolio Kolev, Nadia Antonova, Eva Thörn (2013): Collecting local landraces of maize and cereals in South Eastern Europe during 2009 and 2010. XXII EUCARPIA Maize and Sorghum Conference, Opatija, Croatia, 20-23 June 2011 | 1 |
| 22. | Учество на научен собир со реферат (постер): **Emilija Simeonovska,** Suzana Kratovalieva, Sonja Ivanovska, Mirjana Jankulovska, Vinko Stanoev (2009): Coleoptile length of the wheat collection accessions. 19th EUCARPIA Conference. Genetic Resources section. Ljubljana, Slovenia, May 26th-29th, 2009. | 0,5 |
| 23. | Учество на научен собир со реферат (постер): **Emilija Simeonovska,** Suzana Kratovalieva, Sonja Ivanovska, Zoran Jovovic (2010): Coleoptile length of some wheat varieties and lines and their derived mutant lines. 8th International Wheat Conference. June 1-4, 2010. St. Petersburg, Russia. | 0,5 |
| 24. | Учество на научен собир со реферат (постер): Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska**: Influence of method of sowing rice (*Oryza sativa* L.) upon the yield and consumption of water for irrigation. International conference: STRUCTURE AND DYNAMICS OF ECOSYSTEMS DINARIDES – STATUS, POSSIBILITIES AND PROSPECTS. Academy of Sciences and Arts of Bosnia and Herzegovina, Sarajevo, 2011 | 0,5 |
| 25. | Учество на научен собир со реферат (постер): Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska,** Marjan Andreevski, Vjekoslav Tanaskovic: The influence of duration of irrigation after heading stage of rice crop upon dressing percentage of white rice. International conference: STRUCTURE AND DYNAMICS OF ECOSYSTEMS DINARIDES – STATUS, POSSIBILITIES AND PROSPECTS. Academy of Sciences and Arts of Bosnia and Herzegovina, Sarajevo, 2011 | 0,5 |
| 26. | Учество на научен собир со реферат (постер): **Емилија Симеоновска**, Елизабета Гиразова (2012): | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од селекцијата на меката пченица на Земјоделскиот институт во Скопје. Научна трибина: Оризот и другите земјоделски култури во кочанскиот регион - сегашна состојба и перспектива, 2012 година, Кочани, Р. Македонија | |
| 27 | Учество на научен собир со реферат (постер): Dobre Andov, Danica Andreevska, Emilija Simeonovska (2012): Yield and some morphological properties of newly introduced Italian rice varieties grown in Macedonia. I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska, Trebinje, March 19-22, 2012. | 0,5 |
| 28 | Учество на научен собир со реферат (постер): Danica Andreevska, Dobre Andov, Emilija Simeonovska (2012): Morphological characters and yield analysis of Bianca and Galileo - two newly introduced varieties of rice (Oryza sativa L.) in Macedonia. I International Conference: Role of research in sustainable development of agriculture in rural areas, May 23-26, 2012, Podgorica, Montenegro. | 0,5 |
| 29 | Учество на научен собир со реферат (постер): Dobre Andov, Danica Andreevska, Emilija Simeonovska (2012): Yield of white rice and byproducts of rice milling in some newly introduced Italian rice varieties grown under agro-ecological conditions of Macedonia. 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Ohrid, 12-15 October 2012 | 0,5 |
| 30 | Учество на научен собир со реферат (постер): Danica Andreevska, Dobre Andov, Emilija Simeonovska (2012): Dressing percentage and yield of white rice in Bianca and Galileo - two newly introduced rice varieties (Oryza sativa L.) grown under agro-ecological conditions of Macedonia. 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Ohrid, 12-15 October 2012. | 0,5 |
| 31. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Emilija Simeonovska,** Suzana Kratovalieva, Sonja Ivanovska, Mirjana Jankulovska, Vinko Stanoev (2009): Coleoptile length of the wheat collection accessions. 19th EUCARPIA Conference. Genetic Resources section. Ljubljana, Slovenia, May 26th-29th, 2009.Book of Abstracts, p. 77 | 1 |
| 32. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Stanoev Vinko, Jankulovski Ljupcho, Kratovalieva Suzana, **Simeonovska Emilija**, Popsimonova Gordana, Ivanovska Sonja (2009): Grain protein content in Macedonian cereal landraces.19th EUCARPIA Conference. Genetic Resources section. Ljubljana, Slovenia, May 26th-29th, 2009.Book of Abstracts, p. 80 | 1 |
| 33. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Emilija Simeonovska,** Suzana Kratovalieva, Sonja Ivanovska, Zoran Jovovic (2010): Coleoptile length of some wheat varieties and lines and their derived mutant lines. 8th International Wheat Conference. June 1-4, 2010. St. Petersburg, Russia. Abstracts of oral and poster presentations, p. 192 | 1 |
| 34. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska** (2012): | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Yield of white rice and byproducts of rice milling in some newly introduced Italian rice varieties grown under agro-ecological conditions of Macedonia. 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Ohrid, 12-15 October 2012. Abstract Book p. 218-219 | |
| 35. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska** (2012): Dressing percentage and yield of white rice in Bianca and Galileo - two newly introduced rice varieties (Oryza sativa L.) grown under agro-ecological conditions of Macedonia. 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Ohrid, 12-15 October 2012. Abstract Book p. 217-218 | 1 |
| | Вкупно: | 72,92 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област:<br>Каталог на национални *ex situ* растителни генетски ресурси. Скопје, 2009 год. (коавтор) | 7 |
| 2. | Експертски активности: Постконтролни испитувања за утврдување на идентитетот и чистотата на сортите кај житните растенија (извештаи до МЗШВ за 2009-10, 2010-11, 2011-12 и 2012-13 год.) | 4 |
| 3. | Експертска активност: Евалуација на ефектите од третманот со *Trichoderma sp.* на приносот кај пченицата (полски опити и лабораториски истражувања во 2013 год., во соработка со Koppert, Холандија) | 1 |
| 4. | Учество во промотивна активност на УКИМ - Земјоделски институт - Скопје:<br>Организирање презентација на производи на компанијата Wintersteiger – специфични земјоделски машини за изведување на научни истражувања во полски и лабораториски услови (одржана на 7.10.2011 год. на УКИМ- Земјоделски институт - Скопје) | 0,5 |
| 5. | Учество во промотивна активност на УКИМ Земјоделски институт - Скопје:<br>Организирање и учество на презентација Ден на полето, во рамки на проектот: Развој на производството и квалитетот на оризот во Р. Македонија, финансиран од ТИКА (одржана на 28.9.2013, УКИМ Земјоделски институт - Скопје, објект Кочани) | 0,5 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 6. | Студиски престој во странство (до три месеци):<br>Студиски престој во Trakya Agricultural Research Institute, | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Едрене, Р. Турција (27-31.5.2013) | |
| 7. | Студиски престој во странство (до три месеци):<br>Студиски престој во Trakya Agricultural Research Institute, Едрене, Р. Турција (22-25.9.2013) | 0,5 |
| 8. | Раководител на националната работна група за житни култури при SEEDNet (South-East European PGR Network) 2006- | 4 |
| 9. | Секретар на регионалната работна група за пченка и житни култури (RWG for Maize and Cereals) при SEEDNet (South-East European PGR Network), 2006-2011 | 2 |
| 10. | Член на работната група за пченица при ECPGR (Европската кооперативна група за растителни генетски ресурси), 2005- | 2 |
| 11. | Изготвување и пријавување на меѓународен научен проект:<br>**2009**. Collection of barley, beans, chickpea, faba bean, lentil, maize, sorghum, wheat and *Aegilops* in Macedonia and Romania. Global Crop Diversity Trust Award Scheme: Towards a more complete coverage of crop diversity in ex situ collections (носител) | 2 |
| 12. | Изготвување и пријавување на национален научен проект:<br>**2010.** Можности за воведување на елдата (*Fagopyrum sp.)* како алтернативна растителна култура во Република Македонија. Конкурс на МЗШВ (носител) | 1 |
| 13. | Изготвување и пријавување на национален научен проект:<br>**2010.** Утврдување на приносот, компонентите на приносот и содржината на масло кај леник (*Camalina sativa*)и сафлор (*Carthamus tintctorius)* како алтернативни маслодајни култури за Р. Македонија.<br>Конкурс на МЗШВ, (соработник) | 0,5 |
| 14. | Изготвување и пријавување на национален научен проект:<br>**2010.** Испитување на дејството од прихранувањето со некои фолијарни ѓубрива врз приносот и квалитетот на пченицата и оризот.<br>Конкурс на МОН на Р. Македонија (соработник) | 0,5 |
| 15. | Изготвување и пријавување на национален научен проект:<br>**2010.** Испитување на некои својства на почетниот материјал во селекцијата (pre-breeding) кај најзастапените житни култури (пченица, јачмен, пченка и ориз) во Република Македонија.<br>Конкурс на МОН на Р. Македонија (соработник) | 0,5 |
| 16. | Изготвување и пријавување на национален научен проект:<br>**2011.** Селекција кај најзастапените житни култури (пченица, јачмен, пченка и ориз) во Република Македонија. Конкурс на МОН на Р. Македонија (соработник) | 0,5 |
| 17. | Изготвување и пријавување на меѓународен научен проект:<br>**2011.** Размена и евалуација на ресурси од посебни видови на земјоделски продукти и житарици во Република Македонија и делтата на Жолта Река во Република Кина (Exchange and Evaluation of Special Species of Agricultural Product Resources and Cereals in the Republic of Macedonia and Yellow River Delta of China). Конкурс на МОН на Р. Македонија (соработник) | 1 |
| 18. | Раководител на студиска програма на втор циклус студии на УКИМ - Земјоделски институт - Скопје (растително производство - семепроизводство на поледелски и градинарски растенија) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Член на Комисија за нормативна дејност на УКИМ - Земјоделски институт, 2012- | 0,5 |
| 20. | Член на Комисија за евалуација на УКИМ - Земјоделски институт 2010-2013, 2013- | 0,5 |
| 21. | Член на Комисија за јавни набавки на УКИМ - Земјоделски институт 2012 - | 0,5 |
| 22. | Член на Комисија за втор циклус на студии на УКИМ - Земјоделски институт 2012 - | 0,5 |
| 23. | Член на Комисија за заштита и определување на правото за користење на географскиот назив на производот "**Кочански ориз**" на УКИМ - Земјоделски институт 2010 - | 0,5 |
| 24. | Член на Потсекторската постојана група за уредување на пазарот на жита при МЗШВ, 2012- | 1 |
| | Вкупно: | 32,5 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **35,308** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **72,92** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **32,50** |
| **ВКУПНО** | **140,728** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Добре Андов, редовен професор, с.р.**

**Проф. д-р Даница Андреевска, редовен професор, с.р.**

**Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО -НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СПЕЦИЈАЛНО ОВОШТАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во весниците ,,Дневник" и ,,Коха" од 11.12.2013 година за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од наставно-научната област специјално овоштарство и врз основа на Одлуката донесена на 8. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Евица Мратиниќ - редовен професор на Земјоделскиот факултет во Земун - Белград, проф. д-р Михајло Николиќ – редовен професор на Земјоделскиот факултет во Земун – Белград и проф. д-р Лазар Сиваков–редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, во пензија, со решение бр.02-2798/2 од 24.12.2013.

Како членови на Рецензентската комисијата, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од наставно-научната област специјално овоштарство, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Бојан Поповски, доцент по специјално овоштарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Бојан Поповски е роден на 29.4.1965 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. По регулирањето на воената обврска, се запишал на редовни студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, лозаро - овоштарска насока во учебната 1983/84 година. Дипломирал во 1990 година со просечна оценка 8,96.

Во 1991 година е избран за помлад асистент по предметот специјално овоштарство на Земјоделскиот факултет во Скопје.

На истиот Факултет запишал постдипломски студии во учебната 1992/93, на групата овоштарско производство. Предвидените испити ги положил со просечна оценка 9,5. Магистерскиот труд под наслов *Избор и проучување на автохтони типови кајсии во Скопско* го одбранил на 10.7.1998 година. Во звањето асистент по предметот специјално овоштарство е избран во април 1999 година.

Докторската дисертација под наслов *Биолошки и производни карактеристики на некои перспективни сорти јагоди* ја одбранил на 27.6.2008 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. За доцент по предметот специјално овоштарство е избран на 26.3.2009.

Активно се служи со англискиот јазик.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на наставно – образовната дејност на Факултетот за земјоделски науки и храна, кандидатот доц. д-р Бојан Поповски изведува настава и вежби на првиот и вториот циклус студии.

На првиот циклус студии изведувал настава и вежби на лозаро-овоштарската насока во учебните 2009/10, 2010/11 и на насоката овоштарство со лозарство во учебните 2011/12, 2012/13, 2013/14 по предметите: специјално овоштарство 1 (3+2), специјално овоштарство 2 (3+2) и облагородување на овошни култури (2+1).

Во учебната 2013/14, д-р Бојан Поповски изведува настава и вежби на насоката лозарство со винарство на предметот производство на овошје (3+2). На насоката преработка на овошје и зеленчук, во учебната 2011/12 изведувал настава и вежби по предметот познавање на овошјето (2+2) на ФЗНХ во Скопје и на дисперзираните студии на ФЗНХ во Струмица.

На вториот циклус едногодишни студии, кандидатот изведува настава и вежби на модул овоштарство по предметите: избор на сорти во овоштарството (4+2) во 2010/11, 2011/12 и (3+2) во 2012/13 и 2013/2014 како и специјална селекција (3+2) во периодот 2010-2014 година.

Исто така, на вториот циклус двогодишни студии, модул: овоштарство, кандидатот изведувал настава и вежби по предметите избор на сорти во овоштарството (3+2) и специјална селекција (3+2) во периодот 2010-2014 година.

Во рамките на вториот циклус двогодишни студии, доц. д-р Бојан Поповски изведувал настава во периодот 2012 - 2014 година на модулот генетика и селекција на растенијата, предмет - избор на сорти во овоштарството (3+2). На модулите овоштарство и лозарско производство кандидатот е наставник по предметот познавање на овошјето (3+2).

Доц.д-р Бојан Поповски учествувал во Комисија за оцена и одбрана на шест дипломски работи и во Комисија за оценка и одбрана на една магистерска тема со наслов „Споредба на квалитетни својства на одделни сорти јагода при соларно сушење“.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност на доц. д-р Бојан Поповски се остварува во рамките на научната област овоштарство. Досега учествувал во работата на 8 научни проекти, а од изборот во звањето доцент учествувал во работата на меѓународниот проектот South – East European Development Network on Plant Genetic Resources- SEEDNet (2006-2010).

Во текот на досегашната научна работа има објавено 32 научни труда. За избор во звањето асистент објавил 6 труда рецензрани во Билтен бр.730 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 15 април 1999. За избор во звањето доцент има објавено 12 труда рецензирани во Билтен бр.959 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“Скопје, од 2 март 2009.

Од изборот за доцент, д-р Бојан Поповски има објавено 14 рецензирани научни труда. Седум труда се објавени во странски научни списанија. Четири научни труда се отпечатени во списанија со меѓународен уредувачки одбор, од кои две списанија се со JSR фактор на влијание:

1. Мелпомена Поповска, Виктор Ѓамовски, Бојан Поповски. 2008/2009: Биолошки и производни карактеристики кај некои сорти вишни. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт. Том XXVII/XXVIII 209-222. Скопје.

2. Поповски Б., Поповска Мелпомена. 2008/2009: Метод за рангирање на генотипи кајсии според поважни биолошки и стопански карактеристики. Јубилеен годишен зборник за Земјоделски институт. Том XXVII/XXVIII. 231-239. Скопје.
3. Popovska M., Popovski B., Gjamovski V., 2011. Criteria for early diagnostics of primary effects of the treatment with gamma rays ($Cz^{137}$) at some cherry varieties. Plant Sciences. 48, 47-52.
4. Bojan Popovski, Melpomena Popovska. 2011. More important characteristics of the reproductive organs of some strawberry variety breaded in the Skopje Region. Plant Science, 48, 76-82.
5. Evica Mratinić, Bojan Popovski, Tomo Milošević, Melpomena Popovska. 2011. Postharvest Chemical, Sensorial and Physical – Mechanical Properties of Wild Apricot *(Prunusarmeniaca L.)*. NotulaeScientiaBiologicae, 3 (4): 105 – 112.
6. Mratinić E., PopovskiB., Milošević T., PopovskaM. 2011. Evaluation of apricot fruit quality and correlations between physical and chemical attributes. Czech Journal of Food Sciences, 29: 161-170.
7. B. Popovski, M. Popovska. 2011. Ranking strawberry varieties according to the most biological and economical features. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.14. 4, 881-893.
8. Mratinić E., PopovskiB.,Milošević T., PopovskaM. 2011.Analysis of Morphological and Pomological Characteristics of Apricot Germplasm in Macedonia. Journal of Agricultural Science and Tehnology, Vol. 13: 1121 – 1134.
9. M. Popovska, B. Popovski. 2012. The influence of the treatment with different gamma-rays ($Cz^{137}$) does on bud sprouting at some sweet cherry varieties. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans.Vol.15, 3, 634-642.
10. M. Popovska, B. Popovski. 2012. Differentiation of Flower Germs in Some Sweet Cherry Varieties in the Skopje Region. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans.Vol.15, 3, 657-664.
11. Evica Mratinić, Bojan Popovski, Tomo Milošević, Melpomena Popovska. 2012. Impact of Harvest Time on the Main Agronomic and Fruit Quality Traits of Three Apricot Cultivars. International Journal of Fruit Science, 12: 427-436.
12. Мелпомена Поповска, Бојан Поповски. 2012. Односи во опрашување и оплодување меѓу некои сорти цреши и вишни. Годишен зборник за Земјоделскиот институт Скопје. Том. XXVIII/XXIX, 118-129.
13. BojanPopovski, MelpomenaPopovska. 2012. Phenological and Production Characteristics of Some Strawberry Varieties in the Region of Skopje. Agro-knowledge Journal. Vol.13, 4, 517-525.
14. B.Popovski, M.Popovska. 2013. Strawberry crop and fruit classes within the Skopje Region. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans.Vol.16, 4, 1020-1034.

Во овој период учествувал на повеќе научни собири во земјата и во странство.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Доц. д-р Бојан Поповски ја врши стручно- апликативната работа од областа на овоштарството во рамки на Катедрата за овоштарство при Факултеттот за земјоделски науки и храна во Скопје. Експертски активности спровел во изработка на Програма за подигнување насад од бадем во с. Чичево и Проценка на штети од пожар на овошен насад од бадем.Кандидатот врши стручна контрола на производство на материјал за размножување и саден материјал од овошни растенија.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Турција во периодот 3.4 - 9.4.2011 во Ataturk Central Horticultural Research Institute – Yalova и во Ege University, Faculty of Agriculture, Department for Horticulture, на тема „Cherry pruning practice and molecular variety identification“.

Кандидатот бил учесник во Организацискиот одбор на Второто советување на тема „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје, важна компонента на извозниот потенцијал“, Струмица, 2009.

Во изборниот период, доц. д-р Бојан Поповски учествувал во изготвување и пријавување на пет научни проекти и еден научно-стручен проект во МОН. На три предлог - проекти е раководител, а во три е соработник:

- Интродукција и препорака на сорти јагоди за одгледување во заштитен простор, МЗШВ, 2009 (носител);
- Детерминација и зачувување на агробиодиверзитетот од автохтоните сорти цреши во охридскиот регион, МЖСПП, 2011 (носител);
- Елаборат за лабораторија за проучување на отпорност на растителни видови и сорти кон неповолни абиотични фактори, МОН, 2010 (носител);
- Испитување и колекционирање на автохтониот генофонд од цреша во охридскиот регион, МЗШВ, 2009 и 2010 (соработник);
- Детерминација на автохтоните сорти цреши во охридскиот регион, МОН, 2011 (соработник).

Кандидатот учествувал во работата на следните работилници организирани од страна на МЗШВ на РМ:

- Workshop on Marketing of vegetative propagating material of vine, fruit plants, ornamental plants and forestry,European Commission (TAIEX), 28-29 јануари 2010.
- Seeds, propagation material and Plant variety rights, Competence Centre Human Capacity Development (HCD) Europe, Caucasus, Central Asia, GIZ , 12-13 ноември 2013.

Исто така, кандидатот учествувал на научно-стручното советување „Apple Varieties Open Day“ во декември 2013, во Анже – Франција, во организација на CPVO (Community Plant Varieties Office), INRA и GEVES.

Член е на Biodiversity International for Malus Working Group ECP/GR.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од

поширок интерес на д-р Бојан Поповски. Според содржината и квалитетот на трудовите, тој претставува солиден научен работник од обласга на овоштарството, специјализиран и профилиран во наставно-научен кадар оспособен за самостојна и тимска работа.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Бојан Поповска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да избран во звањето **вонреден професор** од наставно-научната област специјално овоштарство.

Според напред изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно- научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, доц. д-р Бојан Поповски да биде избран во звањето **вонреден професор** од наставно - научната област специјално овоштарство.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Евица Мратиниќ, редовен професор, с.р.**

Во летото истата година, како дел од тричлен тим беше гостин на Институтот за учење од далечина, Атланта, Џорџија (САД) на обука организирана од Центарот за контрола и превенција на заболувањата (CDC) и Институтот Отворено општество, Скопје.

Во изминатиот период, д-р Кадри Хаџихамза бил учесник на повеќе стручни средби и конгреси на психијатрите во земјата и во странство.

Член е на Македонското лекарско друштво, Здружението на психијатрите на Македонија, како и на реагионалната Асоцијација на албанските психијатри.

***Стручно - апликативна дејност***

Во лето 2007 година, како член на меѓународна работна група помина базична обука за телемедицина во Интернационалната виртуелна е-болница, како дел на Меѓународната програма за телемедицина, на Медицинскиот факултет на Државниот Универзитет во Аризона, САД. По враќањето од САД, од страна на Министерот за здравство на РМ беше назначен за национален координатор за телемедицина. Успешно организираната Трета регионална конференција за телемедицина го означи стартот на програмата за телемедицина во Македонија, денес под заеднички патронат на Министерствата за здравство и образование. Како член на IVeH(International Virtual e Hospital)- Интернационална виртуелна е-болница ја предводеше делегацијата на Македонија на Втората конференција за телемедицина во Тирана (Албанија, 2008) и во Подгорица (Црна Гора, 2010), каде што, како дел од тимот на едукатори, одржа презентација од областа на телепсихијатријата.

Актуелно е член на Управниот одбор на IVeH (International Virtual e Hospital) Интернационална виртуелна е-болница-Македонија-оваа организација ја спроведува

програмата за имплементација на телемедицината во соработка со министерствата за здравство и за образование на РМ.

Бил рецензент на стручни психијатриски трудови во списанија од областа на медицината во РМ и во странство. Актуелно е член на Уредувачкиот одбор на стручното списние „Медикус“, како и рецензент во “Journal of Telemedicine and e Health” од САД.

***Дејности од поширок интерес***

Д-р Кадри Хаџихамза континуирано работи на полето на учебникарството јавувајќи се како автор и коавтор на повеќе од десет учебници и практикуми за основно, средно и високо образование. За оваа активност, во 2004 година на д-р Кадри Хаџихамза му е доделена наградата “13 Ноември”.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Кадри (Хилми) Хаџихамза

**Институција:** Медицински факултет, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија

**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр. | Назив на активноста | Број на активности | Вкупно поени |
|---|---|---|---|
| | Настава во школи и работилници (во временски период од 5 години) | **6** | **6** |
| | Асистент на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија | | **21** |
| | Ментор и едукатор на здравствена едукација во Центарот за семејна медицина, Медицински факултет –Скопје, постдипломска настава | **48** | **2.88** |
| | Ментор на специјалистичка работа во Центарот за семејна медицина, Медицински факултет – Скопје | **4** | **4** |
| | Ментор и едукатор на здравствена едукација во Центарот за семејна медицина, Медицински факултет –Скопје, додипломска настава | **4** | **0.32** |
| | Член на работната група за подготовка на материјал за предметот Супервизија за студентите на Високите Медицински школи | **1** | |
| | | | |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр. | Назив на активноста | Број на активности | Вкупно поени |
|---|---|---|---|
| | Учесник на Меѓународниот проект за телемедицина на Балканот-Приштина, Тирана, Скопје, Подгорица | **1** | **5** |
| | Учесник на Меѓународниот проект за едукација за примарна здравствена заштита-Primary Care Education Project, CME Macedonia, 2000/2001 | **1** | **5** |
| | Учесник на меѓународниот проект БЕКАН – Епидемиолошка студија на злоупотребата и занемарувањето на децата во Р. Македонија, 2009-2013 | **1** | **5** |
| | Учесник на меѓународниот проект: | **1** | **5** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Негативни искуства во детството во Р. Македонија | | |
| | ПЕТТИ КОНГРЕС НА ПСИХИЈАТРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО, Зборник на абстракти, абстракти бр. Р-003, Р-009, О-040, Охрид, 22-26.05.2013 | **Орална џ 1 Постер 2x0,5 Апстракти 3x0,5** | **3,5** |
| | Петта меѓународна конференција на Здружението на албанската психијатрија, Тетово, 26-27.04.2013 | | **1** |
| | Листа на објавени трудови и дела | | |
| | DOMESTIC AND PEER VIOLENCE IN SECONDARY SCHOOL AMONG ADOLESCENTS: CAN TELEMEDICINE HELP?<br>***Kadri Haxhihamza***, Charles R Doarn, Raleva Marija, Jordanova Pesevska Dimitrinka, Isjanovska Rozalinda, Filov Izabela, Isjanovski Viktor, Sushevska Lidija.<br>Telemedicine and e-Health (impact factor: 1.42). 09/2011; 17(9):700-4.<br>DOI:10.1089/tmj.2011.0035 | | ***5, 016*** |
| | SOME CHARACTERISTICS OF PATIENTS WITH SCHIZOPHRENIA WHO ATTEMPTED SUICIDE.<br>V Isjanovski, V Vukovic, *K Hadjihamza*, V Pejoska-Gerazova, M Raleva<br><br>Prilozi / Makedonska akademija na naukite i umetnostite, Oddelenie za biološki i medicinski nauki = Contributions / Macedonian Academy of Sciences and Arts, Section of Biological and Medical Sciences 12/2010; 31(2):183-93. | | ***3, 6*** |
| | | | |
| | THIRD INTENSIVE BALKAN TELEMEDICINE AND E-HEALTH SEMINAR: CURRENT PRINCIPLES AND PRACTICES OF TELEMEDICINE AND E-HEALTH— CLINICAL APPLICATIONS AND EVIDENCE-BASED OUTCOMES<br>INTERNATIONAL CONFERENCE ON TELEMEDICINE AND E-HEALTH<br>FEBRUARY 6-7, 2009<br>SKOPJE, MACEDONIA<br>Charles R. Doarn, M.B.A., Rifat Latifi, M.D., George Hadeed, M.P.H., ***Kadri Haxhihamza***, M.D., Flamur Bekteshi, and Ismet Lecaj, M.D.<br>TELEMEDICINE and e-HEALTH**.** VOL. 15 NO. 4 • MAY 2009, p.p.379-386 | | ***5, 016*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ НА ГЛАВОБОЛКАТА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ<br>***К.Хаџихамза***<br>Македонски медицински преглед, бр, 3-4, 2003, стр170-173. | | ***4*** |
| | ЗАСТАПЕНОСТ НА ОДРЕДЕНИ ТИПОВИ ГЛАВОБОЛКА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ<br>***К.Хаџихамза***<br>Магистерски труд, 2006год. | | ***4*** |
| | ПСИХОГЕНАТА ГЛАВОБОЛКА И СИСТЕМОТ НА ЕДУКАЦИЈА КАКО МОЖНА ПРИЧИНА ЗА ГЛАВОБОЛКА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ<br>**К.Хаџихамза**<br>Македонски медицински преглед, бр.1-2, 2006, стр.84-88. | | ***4*** |
| | LLOJET E KOKËDHEMBJEVE TE NXËNËSIT E SHKOLLAVE TË MESME<br>TYPES OF HEADACHES AT SECONDARY SCHOOL STUDENTS<br>**K.Haxhihamza**<br>Medicus, 2006, vol.VI(2): 16-24. | | ***4*** |
| | ANALYSIS OF PRESENCE OF PROFESSIONAL STRESS AT HEALTH WORKERS<br>**K.Haxhihamza**, A.Naumovska, S.Arsova-Hadzi-Angelkovska, V.Gerazova, L.Shehu, N.Durmishi, M.Iseini<br>Medicus, 2008, vol.IX(1): 147-155. | | ***2.4*** |
| | ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ КОНСУМИРАЊЕТО ДРОГА КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ И ИСКУСТВАТА НА ФИЗИЧКА И ЕМОЦИОНАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ВО ДЕТСТВОТО<br>ASSOCIATIONS BETWEEN DRUG ABUSE IN ADOLESCENTS AND EXPERIENCES OF PHYSICAL, EMOTIONAL AND FAMILY VIOLENCE<br>**Хаџихамза Кадри**, Хани Флорентина, Јорданова-Пешевска Димитринка и др.<br>Мак Мед Преглед 2011; 65(1): 18-25 | | ***2.4*** |
| | АСОЦИЈАЦИИ МЕЃУ КОНЗУМИРАЊЕ НА АЛКОХОЛ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ И ИСКУСТВАТА НА ФИЗИЧКА И ЕМОЦИОНАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ВО ДЕТСТВОТО<br>ASOCIATIONS BETWEEN ALCOHOL CONSUMPTION AMONG ADOLESCENTS AND EXPERIENCES OF PHYSICAL AND EMOTIONAL ABUSE IN CHILDHOOD<br>**Хаџихамза Кадри,** Хани Флорентина, Јорданова-Пешевска Димитринка и др. | | ***2.4*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Physioacta, 2011;Vol.5(.3):107-117 | | |
| | RELACIONI I DHUNËS DHE PËRDORIMIT TË ALKOOLIT TE ADOLESHENTËT<br>RELATIONSHIP OF VIOLENCE AND USE OF ALCOHOL AT ADOLESCENTS<br>**Kadri Haxhihamza,** Marija Raleva, Florentina Hani et al.<br>Medicus 2011, Vol. XV (1) | | ***2.4*** |
| | RELATIONSHIP BETWEEN DOMESTIC ANS PEER VIOLENCE ON ADOLESCENTS AND USE OF DRUGS<br>RELACIONET NË MES TË DHUNËS FAMILJARE DHE SHKOLLORE NDAJ ADOLESHENTËVE DHE KONSUMIMIT TË DROGËS<br>**Kadri Haxhihamza,** Marija Raleva, Florentina Hani et al.<br>Medicus 2011, Vol. XV (1) | | ***2.4*** |
| | ВЛИЈАНИЕ НА ДИСФУНКЦИОНАЛЕН СЕМЕЕН СИСТЕМ ВРЗ СУИЦИДАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ<br>В.Геразова, В.Вујовиќ, С.Арсова Хаџи-Ангелковска, ***К.Хаџихамза***<br>Medicus, 2008, vol.IX(1): 156-165. | | ***2.4*** |
| | СЕКСУАЛНИ ДИСФУНКЦИИ КАЈ МАЖИТЕ СО НЕВРОТСКИ РАСТРОЈСТВА<br>С.Арсова Хаџи-Ангелковска, В.Геразова, В.Вујовиќ Ѓ, Хаџи-Ангелковски, ***К.Хаџихамза***<br>Medicus, 2008, vol.IX(1): 166-175. | | ***2.4*** |
| | ПСИХОСОЦИЈАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ШИЗОФРЕНИЈА ТРЕТИРАНИ СО РИСПЕРИДОН<br>С. Арсова Хаџи-Анѓелковска, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, ***К.Хаџихамза***, В.Пејоска-Геразова<br>Acta Morphologica 5(2)2008 | | ***2.4*** |
| | СЕКСУАЛНИ ДИСФУНКЦИИ КАЈ МАЖИТЕ СО НЕВРОТСКИ РАСТРОЈСТВА<br>С.Арсова, В.Геразова, В.Вујовиќ, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, ***К.Хаџихамза***<br>Medicus vol.IX(1)2008 | | ***2.4*** |
| | A CLINICO-ETHIOLOGICAL CORELATION OF *TINEA CAPITIS* IN REPUBLIC OF MACEDONIA<br>KORELACIONET KLINIKO-ETIOLOGJIKE TE *TINEA CAPITIS* NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË<br>Agron Starova, Marija Vëllçkova-Llashkoska, ***Kadri Haxhihamza***.<br>Medicus 2006, Vol.V(1):143-148 | | ***3.2*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ЦЕРЕБРАЛНА АВТОЗОМНО ДОМИНАНТНА АРТЕРИОПАТИЈА СО СУПКОРТИКАЛНИ ИНФАРКТИ И ЛЕУКОЕНЦЕФАЛОПАТИЈА - ЦАДАСИЛ-ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ<br>CEREBRAL AUTOSOMAL DOMINANT ARTERIOPATHY WITH SUBCORTICAL INFARCTS AND LEUKOENCEPHALOPATHY CADASIL-BASIC DATA<br>А.Таравари, **К.Хаџихамза**<br>Македонски медицински преглед, бр, 3-4, 2003: 177-180 | | ***3.6*** |
| | *ИМУНОГЛОБУЛИНИТЕ И НИВНАТА ИНТРАВЕНСКА ПРИМЕНА ВО НЕВРОЛОГИЈАТА*<br>*IMMUNOGLOBULINES AND THEIR INTRAVENOUS USE IN NEUROLOGY*<br>*А.Таравари, Т. Петковска Бошкова,* ***К.Хаџихамза****, М.Марку, Блерим Усеини, Идриз Орана, Јахи Амити*<br>*MEDICUS vol.IX nr.1 2008* | | ***2.4*** |
| | *СЕКСУАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО СКЛОП НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ КАЈ МАЖИ СО ШИЗОФРЕНО РАСТРОЈСТВО*<br>С.Арсова Хаџи-Ангелковска, В.Геразова, А.Новотни, Ѓ. Хаџи-Ангелковски, В.Вујовиќ, Е.Цветковска, Б.Гагачовска, К.Хаџихамза<br>„ ЕПИЛЕПСИЈА“ декември 2008 | | ***2.4*** |
| | Секциско предавање на секцијата на невролози-Типови на главоболки кај адолесцентите(Велес, 2007год) | **1** | **1** |
| | Апстракт објавен на меѓународна конференција | **1** | **1** |
| | Апстракт објавен на национална конференција | **2** | **1** |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) | | |
| | Psychosocial functioning as quality of life at patients with schizophrenia in daily hospital environment, Ass.Dr.S.Arsova Hagji-Angelkovska, Prof.Dr.V.Gerazova-Pejovska, Ass.Dr.K.Haxhihamza<br><br>University psychiatric clinic, Skopje, Macedonia<br>Приштина, Ноември 2011 | **1** | **1** |
| | **Обрасци на употреба на алкохол и врсничко насилство кај адолесцентите во РМ** | **1** | **1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Кадри Хаџихамза, Марија Ралева, Весна Пејовска-Геразова, Славица Арсова, Викторија Вујовиќ, Димитринка Јорданова-Пешевска, Розалинда Исјановска, Изабела Филов, Виктор Исјановски, Лидија Сушевска** РЕГИОНАЛНА СРЕДБА: АЛКОХОЛИЗАМ И СОЦИЈАЛНА ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТ Охрид, 17-19 октомври 2012 | | |
| **Вкупно** | | | **92,332** |

**СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр.** | **Назив на активноста** | **Број на активности** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|
| | Коавтор на книга од стручна област | **1** | **7** |
| | Автор на учебник за основно или средно образование | **3** | **21** |
| | Коавтор на учебник за основно или средно образование | **3** | **18** |
| | Превод на книга или дел од книга | **2** | **1** |
| | Предавање на EMSA (Europian Medical Students Association), Охрид, Македонија, на тема„Ургентна психијатрија” | **1** | **1** |
| | Завршена специјализација по психијатрија | **1** | **2** |
| | Завршенаспецијализација по семејна медицина | **1** | **2** |
| | Член на уредувачки одбор на списанието „Medicus” | **1** | **0.5** |
| | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир- Трета балканска конференција за телемедицина | **1** | **1** |
| | Плакета на наградата „13 Ноември” | **1** | **5** |
| | Отварање на Центарот за Телемедицина во склоп на Центар на Универзитетски Клиники во Скопје | | **1** |
| Вкупно | | | **59, 5** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред.бр.** | **Назив на активноста** | **Број на активности** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|
| | Национален координатор за телемедицина | **1** | **3** |
| Само ако е | Соработник во изготвување и пријавување на научно-образовен меѓународен проект (МоУ, | **1** | **1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одобре н | ТМ) | | |
| | Член на Управниот одбор на Асоцијацијата на албанските психијатри (2010/2011) | **1** | **2** |
| | Член на IveH (International Virtual e Hospital)- Меѓународна виртуелна е-болница) од 2007год | **1** | **2** |
| | Член на ASTD(American Society for Training and Development)-2005 | **1** | **2** |
| | Член на IMC (International Medical Corps)-2000 | **1** | **2** |
| | Студиски престој во странство (САД- Атланта и Аризона, Европа-Унгарија) | **3** | **1.5** |
| Вкупно | | | **13, 5** |
| | | | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **42** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **92,33** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **73** |
| **Вкупно** | **207,33** |

**Членови на Комисијата,**

1. **Проф. д-р Весна Пејоска Геразова, с.р.**
2. **Проф. д-р Антони Новотни, с.р.**
3. **Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
4. **Проф. д-р Викторија Вујовиќ, с.р.**
5. **Проф. д-р Бранислав Стефановски, с.р.**

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на извршениот увид во доставената документација и бодирањето согласно со образецот кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од август 2011 година, Рецензентската комисија утврди дека сите пријавени кандидати, ас. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, ас. д-р Лилјана Игњатова, ас. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Роза Крстевска, д-р Ненси Манушева, д-р Мира Полазаревска и ас. д-р Кадри Хаџихамза, ги исполнуваат критериумите за избор во звањето научен соработник.

Комисијата, поради ограничениот број места, едногласно, има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да му ги предложи за избор во звањето

научен соработник на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија следниве кандидати: д-р Мира Полазаревска и ас. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска.

**Членови на Комисијата,**

1. **Проф. д-р Весна Пејоска Геразова, с.р.**
2. **Проф. д-р Антони Новотни, с.р.**
3. **Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
4. **Проф. д-р Викторија Вујовиќ, с.р.**
5. **Проф. д-р Бранислав Стефановски, с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БРЗИНАТА НА ПУЛСНИОТ БРАН – ПОКАЗАТЕЛ НА КАРДИОВАСКУЛАРНИОТ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ НА ДИЈАЛИЗА“ ОД ПРИМ. Д-Р ПЕТАР АВРАМОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високо образование и член 53 од Правилникот за внатрешни односи и работење на Медицинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на својата редовна седница одржана на ден 7.11.2013 година, по предлог на Научниот одбор определи Комисија за оцена на докторската дисертација од прим. д-р Петар Аврамовски, вработен во ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола, под наслов „Брзината на пулсниот бран – показател на кардиоваскуларниот морбидитет и морталитет кај пациентите на дијализа“, во состав:

1. проф. д-р Соња Цикова
2. проф. д-р Магдалена Жантева Наумоска
3. проф. д-р Стевка Богдановска.

Во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, Рецензентската комисија ја разгледа поднесената докторска дисертација и врз основа на направените согледувања и констатации, до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 1. Композиција на докторскиот труд

Докторскиот труд е изнесен на вкупно 244 страници напишан текст во чиј состав влегуваат сите поглавја потребни за една научноистражувачка студија: вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати, дискусија (со ограничувања и сугестии за процедурален развој), заклучоци и литература. Содржината на текстот е збогатена и документирана со 118 табели, 34 слики и 51 фигура. Тезата е потврдена со поставување на 67 нулти хипотези. Во цитираната литература се наведени 128 современи единици (референци).

## 2. Преглед на содржината

*2.1. Вовед*

Во воведниот дел авторот дава краток опис на градбата на големите крвни садови и хемдинамските карактеристики на движењето на крвта изразени преку

физичките принципи на енергетската реципроцитетна трансформација на нејзиниот испумпан волуменски сегмент. Ја истакнува поврзаноста и значењето на брзината на пулсниот бран (БПБ) со пораста на крутоста на артериите при процесот на артерисклерозата, уште пред манифестацијата на анатомските промени во крвните садови и клиничките манифестации од неа. Ги прикажува и основните принципи на мерењето на крутоста преку временското доцнење ΔT и релативната промена на дијаметарот на садот ΔS.

Во понатамошниот текст ја опишува *атеросклерозната болест* и значењето на традиционалните фактори на ризик за настанување и нејзина прогресија, како и потенцираноста на зголемениот ризик кај болните со уремија поради сложените заемодејствија на традиционалните и бубрежните ризик-фактори чија специфичност е поврзана со уремијата и дијализата: инфекции, ацидоза, хиперхомоцистеинемија, хиперфосфатемија, зголемен продукт на калциум и фосфор, биоинкомпатибилност на дијализните мембрани итн. Потоа, детално и дескриптивно го опишува влијанието на секој поединечен фактор од нетрадиционално потекло, во генезата на атеросклерозата: *воспалението* и идикаторотот за благо воспаление Ц – реактивниот протеин; *хипоалбуминемијата* и порастот на лептин во крвта; *хиперхомоцистеинемијата* и нејзиното протромботско дејство со изразена токсичност на васкуларниот ендотел; *хиперфосфатемијата* како причина за калцификација на крвните садови, миокардот и срцевите валвули преку развојот на секундарниот хиперпаратиреоидизам и појавата на адинамична коска.

Во натамошниот текст авторот ги наведува најрелевантните имиџинг техники за мерење на коскената густина (КГ), двојноенергетската апсорпциометрија со x - зраци (Dual Energy X-ray Absorptiometry, *DEXA*), за мерење на варијацијата на срцевата фреквенција (ВСФ) - *Холтер*, за докажување на атеросклеротичните плаки на срцевите валвули и срцето - *ехокардиографија*, за атеросклерозните промени на каротидните и феморалните артерии - *Доплер ангиодинографија* и за калцификатите во аортата - *нативна латеро-латерална лумбална радиографија*. Како најсовремен начин за мерење на крутоста на крвните садови ја споменува методата за мерење на БПБ (pulse wave velocity, PWV) која може да се мери со специјализирани комерцијални апарати базирани на ултразвук и сензори за притисок (тонометри), но може да се мери и со конвенционален доплер сонографски апарат, доколку се измери временската разлика при патувањето на струјниот сигнал од крвотокот на две различни точки во должината на артериското стебло со познато растојание.

*2.2. Мотив*

Како мотив на истражувањето авторот го наведува *зголемениот ризик* за настанувањето на кардиоваскуларните заболувања кај пациентите на дијализа кои се водечка причина за морталитетот (>50%), кој е 10-20 пати повисок во споредба со општата популација, како и *потребата од поголем број на студии* за утврдување на асоцијацијата помеѓу кардиоваскуларните заболувања, артериосклерозата и методите со кои таа се докажува. Особено како мотив го потенцира значењето на утврдување на причините за *акцелерирана артериосклероза* кај болните на дијализа, во зависност од изложеноста на

традиционалните ризик-фактори и здруженото дејство на традиционалните и на дијализа специфичните ризик-фактори.

*2.3. Цел на трудот*

Авторот јасно ги дефинира целите на студијата кај двете популациони групи во три консеквентни периоди на испитување: иницијален, по 18 месеци и по 36 месеци од почетокот на испитувањето:

1. да се измери БПБ;
2. да се процени коскената густина;
3. да се измери ВСФ;
4. да се процени застапеноста на интималното задебелување и атеросклеротичните плаки на каротидните и феморалните артерии.
5. да се процени застапеноста на калцификатите во аортата;
6. да се процени степенот на склерозантните лезии и калцификатите на митралните и аорталните срцеви валвули;
7. да се проценат серумските маркери за минерални и коскени нарушувања, серумските маркери за благо воспаление, маркерите за протеинско – енергетска (мал) нутриција, бубрежните и маркерите на традиционалните фактори за ризик за појава на атеросклероза;
8. да се процени асоцираноста помеѓу наодот за ригидност на артериите изразен преку вредноста на БПБ и секој од наодите добиени од другите испитувања за: КГ, ВСФ, артериските и валвуларните калцификати и лабораториските наоди;
9. да се утврдат ризик-факторите кои придонесуваат за забрзана артериосклероза кај пациентите на дијализа во споредба со контролната група.

*2.3. Материјал и методи*

Авторот го опишува направеното истражување како отворена, проспективна, опсервациона и контролирана клиничка студија која била реализирана во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ во Битола, на интерното одделение со дијализа, Одделот за радиологија и клиничката лабораторија во текот на 2010, 2011 и 2012 година. Во студијата биле испитани 80 пациенти на дијализа и 60 пациенти од општата популација кои биле селектирани и дискриминирани според одредени критериуми за невклучување: цироза, васкулитис, васкуларен инсулт, дегенеративни заболувања итн. Основен критериум за вклучување на пациентите од контролната група кој го наведува авторот била вредноста на гломеруларната филтрациона рата која треба да изнесува над 60 $mL/min/1{,}73m^2$. Прикажано е дека студијата е одобрена од *Етичката комисија за истражување на луѓе* при Медицинскиот факултет во Скопје, а за секој од пациентите била добиена потпишана информативна согласност.

Меѓусебната добра усогласеност на демографските податоци помеѓу двете групи авторот ја прикажува табеларно и преку индексот на сигнификантност на разликите (p). Наведено е дека двете групи на пациенти биле набљудувани и експлорирани во период од три години, при што бил регистриран бројот на настаните од кардиоваскуларни и другите причини за смрт.

Методологијата за секој од применетите дијагностички методи, протоколи и постапки е многу прецизно, јасно и дескриптивно изнесена, толку наративно, така што читајќи поединецот добива впечаток дека може автономно самиот да ја изведе процедурата. Покрај тоа, авторот ги изнесува принципите и начинот на скорирање на податоците за секоја од изведените дијагностички методи, во согласност со општоприфатените и цитирани начини на скорирање во светот. Особен впечаток оддава изнесувањето на мерењето на БПБ и деталниот опис на применетиот ултразвучен апарат, како и комплетно објаснетата методологија и начинот на пресметувањето со посебно креирани пресметковни табели во софтверскиот пакет excel. Сите објаснувања на применетите методологии се дополнително објаснети и збогатени со убави слики и цртежи добиени од самите процедури или начинот на скорирање. Особено важно е да се истакне дека сликите, дијаграмите и фигурите се автентични, креирани од самиот автор, а не превземени од други места. Објаснети се сите дијагностички методи, од теоретски и практичен аспект на примена, а особено најексплоатираната ултразвучна доплерова техника со сите нивни физички принципи, манипулации со софтверот и постапките со пациентот, а се прикажани и оригинални слики добиени како наоди во тек на некои од прегледите.

За статистичката обработка на податоци авторот направил повеќе бази и тоа за секоја од испитуваните групи, за секој од трите периоди на испитувањето, за дијагностичките и лабораториските маркери, а за нивна обработка ги користел софтверските пакети SPSS v 20.0 и MedCalc v 12.2.1.0. Авторот применил стандардни тестови за утврдување на разликите помеѓу групите и во самите нив (t-test, Wilcoxon, Mann-Whitney U итн.) Резултатите од меѓусебните корелации ги прикажал со *линеарна регресиона анализа*, а за изнаоѓање на вариаблите кои се асоцирани со процесот на атеросклероза (со цел да се одредат ризик факторите за зголемена смртност) авторот употребил *мултипла логистичка регресиона анализа*. Стапката на смртност за БПБ под и над пресечната cutoff брзина ја пресметал со примена на Kapplan-Meier методата, а Cox-овиот регресионен модел за одредување на предикторите.

*2.4. Резултати и дискусија*

Резултатите се прикажани јасно и на систематски начин, табеларно, со дијаграми, фигури или со текстуална поткрепа за објаснување, на начин прилагоден според видот на секој од резултатите. Најнапред е прикажана обемна *дескриптивна статистика* за секој од испитуваните ткивни и циркулирачки биомаркери, со табеларен приказ на дисперзионите и дистрибуционите карактеристики на секој од маркерите. Секој од резултатите е сликовно прикажан и со придружен хистограм. Прикажани се резултати за секој од дијагностичките и лабораториските маркери, во секој од трите испитувани периоди, засебно и за секоја од испитуваните групи.

Веднаш после приказот на дескриптивните податоци, авторот ги изложува резултатите за значајноста во прогресијата на ткивните и дијагностичките биомаркери преку правилен избор на 27 нулти хипотези кои ги отфрлува или потврдува, донесувајќи својствени релевантни констатации за евидентно манифестната акцелерирана прогресија на артериосклерозата кај пациентите на дијализа. Не само прогресијата, туку и застапеноста на атеросклерозните

манифестации е позастапена кај пациентите на дијализа. Тоа авторот го презентира со резултатите во делот што следува веднаш после резултатите од прогресивните промени. Текстуално, процентуално и со прикладни табели ја прикажува поголемата застапеност на калцификатите во крвните садови кај пациентите на дијализа, како и застапеноста на остеопорозата. Прикажана е и застапеноста на калцификатите во срцевите валвули која е значајно поекспресивна кај пациентите на дијализа, исто така.

*Линеарната зависност* помеѓу БПБ и другите ткивни, дијагностички и циркулирачки биомаркери авторот ја прикажува со 32 табели, 4 дијаграми на расејување и 31 нулта хипотеза со што го докажува постоењето или отсуството на нивна блиска асоцијативна врска. Добиените резултати за асоцијативната врска на БПБ со коскената густина, ВСФ, калцификатите во крвните садови и срцевите валвули покажаа сигнификантност на влијанието на БПБ врз овие биомаркери, за што авторот потенцира дека можат да се користат за нејзино предвидување. За разлика од нив, само феритинот, ЛДЛ-холестеролот, триглицеридите, фосфорот, калциум-фосфор продуктот, алкалната фосфатаза, паратхормонот, ЦРП и фибриногенот покажаа релевантна асоцијативна врска со БПБ кај пациентите на дијализа.

Секако, постоењето на споменатите асоцијативни врски авторот го поткрепува со дополнителна *мултипла регресиона анализа* во која ги издвоил независните предиктори за кардиоваскуларниот морталитет. Авторот ја прикажува БПБ како независен предиктор кој за 1,74 пати ја зголемува веројатноста за појава на КВ-настан со смртен завршеток при секое нејзино единечно зголемување (за 1 m/s). Независна предикторна вредност со овај статистички модел е добиена и за калцификатите во аорта, каротидните и феморалните артерии како *ткивни биомаркери*, додека кај *циркулирачките биомаркери* предикторно значење имаат албуминот и ЦРП кои го зголемуваат ризикот за КВ-морталитет за 1,2 до 1,5 изразен преку регресионите коефициенти. Преку адекватна компарација со студии од други еминентни автори, авторот го истакнува совпаѓањето на неговите резултати со нивните резултати. Резултатите се прикажани во прегледни колорирани табели со убаво објаснување на значењето на секој резултат (индекс, сооднос, варијабла и хипотеза), а во делот за дискусија е дискутирана патофизиолошката поврзаност на секој параметар со генезата на зголеменоста на ризикот за КВ-настан (заболување или смртен завршеток).

При пресметување на ризикот авторот самостојно ја пресметал пресечната cutoff БПБ (11,8 m/s) при што оформил две групи со БПБ под и над критичната, иако можел да искористи претходно пресметана пресечна брзина од други студии (12 m/s). На ваков начин поточно и посоодветно ја пресметал стапката на морталитет со Kaplan–Meier методата на преживување. Даден е преглед на регистрираните КВ-настани со смртен завршеток (23) и преглед на дистрибуцијата на настаните според етиологијата за смрт (инфаркт на миокардот 17,39%, мозочен удар 13,04%, ненадејна срцева смрт 13,04% и др.). Процената на веројатноста за преживувањето во функција на поминатото време, авторот ја прикажал со две различно обоени десцендентни криви како серија од деклинирачки магнитуди во временски континуитет, со остри вертикални деклинации кои го означуваат настанот.

Табеларно се прикажани и вредностите на есенцијалните циркулирачки и ткивни биомаркери, како евентуални промотори за акцелерираната атеросклероза и како потенцијални независни предиктори за зголемениот сеопшт и кардиоваскуларен морталитет, а потоа е направена нивна споредба кај преживеаните и непреживеаните пациенти. Адекватна споредба авторот направил и кај маркерите од двете супгрупи генерирани според пресечната БПБ. Преку поставување на нулти хипотези направена е дистинкција на БПБ помеѓу пациентите кои го доживеале крајот на студијата и пациентите чиј летателен настан се случил пред завршетокот на студијата. Изнесена е и вредноста на сензитивноста (94,1%) и специфичноста (61,4%) при анализа на кривата за КВ-морталитет по однос на БПБ (11,8 m/s) како и соодветна компарација на РОК кривите генерирани според различните видови на морталитет (КВ и сеопштиот).

Со примена на Mantel – Cox регресионата анализа селектирани се потенцијалните предиктори за настаните со смртен завршеток и истите се прикажани преку регресионите коефициенти на Cox регресија, за сеопштата и КВ-смртност сепаратно. Како независни предиктори за КВ-морталитет авторот ги наведува БПБ (Exp[b] = 1,43), ЦРП (Exp[b] = 1,08) и албуминот (Exp[b] = 0,82). Важноста на прикажаните резултати понатаму во дискусијата е соодветно интерпретирана според ризичниот соднос за секој од предикторите. Освен за пациентите на дијализа, Cox-регресиона анализа е направена и кај *општата популација*, при што авторот ја прикажал кривата на преживување и БПБ како единствен предиктор за КВ-морталитет. Ризикот за КВ-смртност е 1,98 пати поголем кај пациентите кои имаат БПБ поголема од референтната група (> 10,2 m/s).

Преку релевантна експресија на разликите во атеросклеротичните и артериосклеротичните процеси на крвните садови, изразена преку крутоста на артериите, кај испитаници со иста старост, авторот ја презентира значајноста во разликите на крутоста кај пациентите на дијализа (БПБ$_{дг}$ = 9,45 ± 1,98 m/s) и општата популација (БПБ$_{кг}$ = 6,72 ± 1,17 m/s).

*2.5. Заклучоци*

Заклучоците кои ги изнесува авторот се јасни и концизни, произлегуваат и се во согласност со поставените цели и добиените резултати од студијата. Истакнато е дека пациентите на дијализа имаат покрути крвни садови кои побрзо стареат и дека причина за тоа е заемното дејство на традиционалните ризик фактори и уремија-асоцираните фактори, за разлика од пациентите од општата популација. Авторот потенцира дека остеопорозата, калцификатите во крвните садови и срцевите валвули како резултат на процесот на атеросклероза се позастапени и побрзо напредуваат кај пациентите на дијализа, отколку кај пациентите со зачувана бубрежна функција. Најрепрезентативна од сите потенцијални независни предиктори е БПБ поради фактот што веројатноста за заболување од КВ-болест кај пациентите на дијализа достигнува до 4,25 пати поголема вредност, со што *БПБ* е прогласена за независен сурогатен маркер и јак независен предиктор за КВ-морбидитет и морталитет, покрај *албуминот* и *ЦРП*. Истакнато е дека нивното учество како предиктори за КВ-морталитет изнесува 42,89%, 20,7% и 8,68% респективно.

На крај, авторот го истакнува круцијалниот заклучок дека ризикот за КВ-морбидитет и морталитет може да се процени само со мерење на БПБ со што добиваме реална претстава за крутоста на артериите, без да се проценуваат останатите циркулирачки биомаркери (албумин, ЦРП).

*2.6. Литература*

Изборот на литература содржи 128 современи библиографски единици кои се користени во докторскиот труд. Приложената литература е прегледна и коректно цитирана според прифатените стандарди. Изборот на референците е соодветен и во него доминираат современи публикации од еминентни списанија и автори кои дале значаен придонес во истражувања со проблематика која одговара на поставените цели на докторскиот труд.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според извршената анализа на приложениот материјал, Комисијата изврши процена и оцени дека докторскиот труд „Брзината на пулсниот бран – показател на кардиоваскуларниот морбидитет и морталитет кај пациентите на дијализа", од кандидатот прим. д-р Петар Аврамовски, има клиничко и практично значење за нефрологијата при откривањето, процената и прогнозата на кардиоваскуларните заболувања кај пациентите на дијализа. Докторскиот труд според прегледот на поставените цели, изборот на групите и методологијата на истражувањето, добиените резултати и нивната интерпретација, како и заклучните согледувања, во целост го исполнува критериумот за коректно реализиран докторски труд.

Според претходно изнесените ставови, Комисијата позитивно го оценува докторскиот труд и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати рецензијата и да овозможи натамошна постапка за јавна одбрана на овој докторски труд.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Соња Џикова, с.р.
2. Проф. д-р Магдалена Жантева – Наумоска, с.р.
3. Проф. д-р Стевка Богдановска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ ,,ТРАНСФУЗИСКАТА МЕДИЦИНА ВО ЛАБОРАТОРИСКАТА И КЛИНИЧКАТА ПРАКТИКА" ОД АВТОРИТЕ МИЛЕНКА БЛАГОЕВСКА И ТАТЈАНА МАКАРОВСКА-БОЈАЏИЕВА

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со членовите од 15 до 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет постапувајќи по предлогот на издавачката дејност на Факултетот, на својата I редовна седница одржана на 7.11.2013 година, донесе Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за доставениот ракопис за учебно помагало за медицински сестри со наслов: **Трансфузиската медицина во лабораториската и клиничката практика**, од авторите проф. д-р Миленка Благоевска и науч. сор. д-р Татјана Макаровска-Бојаџиева.
За рецензенти на доставениот ракопис беа избрани:

1. проф. д-р Стојанка Костовска
2. проф. д-р Воскресија Стефановска

Прегледувајќи го доставениот текст за учебникот, рецензентите проф. д-р Стојанка Костовска и проф. д-р Воскресија Стефановска го доставија следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот со наслов: ,,Трансфузиската медицина во лабораториската и климчката практика" од авторите проф. д-р Миленка Благоевска и науч. сор. д-р Татјана Макаровска-Бојаџиева претставува прво издание на учебно помагало од областа на трансфузиологијата кој е наменет за студентите на Високата медицинска школа кои во својата наставна програма го изучуваат предметот трансфузиологија. Содржината презентирана во учебникот го содржи делот од областа на трансфузиска медицина, кои се застапени во теоретската и практичната настава по овој предмет. Изборот на темите и содржините е соодветен за предвидената наставна програма.
Покрај воведниот дел во кој авторите даваат основни податоци за крводарувањето, потребите од крв и автологната трансфузија, поднесениот текст се состои од три поглавја и практичен дел.

По содржината, учебникот е комплексна материја што ја содржи есенцијата на трансфузионата медицина соодветно подготвена токму за намената, т.е. за едукација на медицински сестри. Се состои од редослед на трансфузиски целини кои го прикажуваат патот на крвта од дарителот кон болниот и vice versa.

Во првиот дел насловен како “Крвни компонти”, авторите ги опишуваат и ги анализираат сите крвни компоненти (еритроцити, леукоцити, тромбоцити, плазма криопреципитат) и нивната примена, за да завршат со плазма продуктите, дериватите кои се добиваат во фармацевтската индустрија.
Вториот дел насловен како “Трансфузиско лабораториско тестирање” претставува приказ на лабораториските методи за детекција на крвногрупните антигени и системи како и антитела, природни или стекнати со трансфузија, трансплантација или бременост. Следуваат добро подготвени и на медицинската сестра пренесени основите на коагулациските механизми и нивната практична примена. Особено е значаен илустративниот приказ (преку соодветни табели) на практичната примена на лабораториските резултати од хемостазиолошките иследувања.
Во третиот дел насловен како “Трансфузиолошка клиничка практика” се претставени активностите кои треба да се преземат од страна на клиничките одделенија за да се спроведе една трансфузија. Особено е истакнат приодот кога трансфузијата на крвна компонента е соочена со итност и витална индикација на пациентот. Следуваат детални описи на мерките кои се преземаат во службата за трансфузиона медицина, со сите потребни лабораториски анализи и соодветна документација. Опишано е и чувањето на крвните компоненти и транспортот на крвната единица водејќи сметка за обезбедување на ладниот синцир. Следува постапката на прием на крвта во клиничкиот оддел и проверка на соодветната компонента и идентитетот на болниот. Понатаму е опишан надзорот над болниот кој прима трансфузија и водење на соодветната документација.
Авторите со големо внимание и детален опис се осврнуваат на употребата на крв во хирургијата, а особено при масивни трансфузии и влијанието врз хемостазата, електролитите и метаболизмот на примателот. Употребата на крв во перинаталниот, бебешкиот и детскиот период и сите негови карактеристики се особено добро прикажани а дел од тоа е трансфузијата кај новороденото и малото дете. Трансфузиските реакции, нивните симптоми, како и постапката за детекција и терапија е добро подготвена и прикажана на современ начин, користејќи алгоритамски табели. Учебникот содржи 20 табели, 10 слики и неколку алгоритми и формулари: алгоритем за постапка за давање на трансфузија, алгоритам за постапка при несакана трансфузиска реакција, побарување за крв, извештај на службата за трансфузија по пријава на несакана трансфузиска реакција, картон за трансфузија, трансфузиска контролна листа за елективни хируршки зафати. Вкупно овој учебник содржи 120 страници. Учебникот содржи и практичен дел кој ги следи сите поглавја опишани во теорискиот дел заедно со можни прашања од вежбите. Сметаме дека овој дел е од особено значење не само во практичната едукација на медицинските сестри за основните методи во трансфузиската дејност, туку и во разрешување на секојдневни проблеми.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот ,,Трансфузиската медицина во лабораториската и клиичката практика" од авторите проф. д-р Миленка Благоевска и науч. сор. д-р Татјана Макаровска-Бојаџиева, наменет за студентите на Високата медицинска школа, сметаме дека ќе овозможи разбирање на основните аспекти поврзани со рационалната клиничка употреба на крвта. По обемот и темите кои ги обработува учебникот во целост одговара на делот од наставната програма за медицинските сестри кои практикуваат терапија со крв и крвни компоненти. Обработените содржини ќе помогнат во праилното ракување со крвта, за соодветниот болен и во вистинско време. Посебно внимание е посветено на едукацијата на медицинските сестри за можните ризици, следењето и пријавувањето на несаканите реакции, различните постапки во предоперативната и периоперативната подготовка на болниот и соодветна документација.

Ова учебно помагало е прво рецензирано издание кое во себе содржи и практичен дел, наменет за едукација на медицинските сестри од областа трансфузиска медицина.

Затоа, со особено задоволство, на Наставно-научниот совет му предлагаме, учебникот ,,Трансфузиската медицина во лабораториската и клиничката практика" да го прифати за печатење и примена при изведувањето на наставата по предметот трансфузиологија. Се надеваме дека и студентите кои ќе го користат учебникот ќе имаат позитивни искуства при совладувањето на тематските содржини предвидени со наставната програма.

Рецензенти

Проф. Д-р Стојанка Костовска, с.р.

Проф д-р. Воскресија Стефановска, с.р.